# *Деца Бегалци од Егејска Македонија во Југославија*

**Мишо Китаноски**
и
**Ѓиорги Доневски**

Деца Бегалци од Егејска Македонија во Југославија

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2016 by Misho Kitanoski, Giorgi Donevski & Risto Stefov

e-book edition

******

June 7, 2016

******

Посветено на многубројните "мајки", учители и персоналот од детските домови во Југославија, што несебично откинаа дел од својот живот и ни го подарија – бидејќи врз нашето детство и патот во животот

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..........................................................................7
КОМУ ЗГРЕШИВМЕ - (ИМА ЕДНА СУДБИНА)......................11
ВОВЕД .................................................................................12
ПРВ ДЕЛ .........................................................................15
НАПУШТАЊЕ НА РОДНИТЕ ОГНИШТА ............................15
ЕВАКУАЦИЈАТА НА ДЕЦАТА..................................................15
АКЦИЈАТА ДОБРО ПЛАНИРАНА, УШТЕ ПОДОБРО – РЕАЛИЗИРАНА...................................................................17
ВКЛУЧУВАЊЕ И НА ПРОПАГАНДИТЕ....................................21
ВО ОДБРАНА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК..........................24
ПРИЧИНИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА ДЕЦАТА............................25
ЗАМИНУВАЊЕ ОД УЖАСИТЕ..................................................27
ФАКТОРИ ШТО ГО ДИКТИРАА РАСЕЛУВАЊЕТО.............28
ЈУГОСЛАВИЈА КАКО ТРАНЗИТНА ЗЕМЈА...........................29
ПОДГОТВЕНО БЕА ДОЧЕКАНИ ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ..........30
ПОД ГРИЖАТА НА НОФ И АФЖ.............................................32
СВЕДОШТВА ЗА ОТКОРНУВАЊЕТО......................................40
ВТОР ДЕЛ...........................................................................44
ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО ЈУГОСЛАВИЈА ..............................................................................................44
ЧЕТИРИЕСЕТ И ЕДНО ПРИФАТИЛИШТЕ И ДОМОВИ.......44
ТРЕТ ДЕЛ ...........................................................................46
ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ВО НР СРБИЈА И АП ВОЈВОДИНА.......................................................................46
ОД БЕЛГРАД ДО БЕЛА ЦРКВА ..............................................46
ПОСТОЕЊЕТО И РАБОТАТА НА ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ ВО БЕЛА ЦРКВА .......................................................................56
ОДГЛАСИ ВО СВЕТСКИОТ ПЕЧАТ ЗА ПРЕСТОЈОТ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ВО БЕЛА ЦРКВА......................................60
ЈУГОСЛОВЕНИТЕ ЈА ОБЛЕКОА ОВАА ГРУПА ....................61
УСПЕСИТЕ НА НЕПОЛНАТА ГИМНАЗИЈА “ЛАЗАР КОЛИШЕВКИ” ВО БЕЛА ЦРКВА...........................................66
ПИСМО НА “МАЈКИТЕ” ВО ОДБРАНА НА ДЕЦАТА...........70
ПОЧЕТОК НА РЕПАТРИЈАЦИЈА ............................................75
ПИСМО ОД ДОМОТ ВО БЕЛА ЦРКВА ДО “ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ”.......................................................................77
ПАТНИЦИ ПО БЕСПАЌА – ПАТАЛЦИ ЗА НАВЕК ...............78

ДВЕ МАКЕДОНСКИ НАСЕЛБИ – ГАКОВО И КРУШЕВЉЕ ВО АП ВОЈВОДИНА ....................................................85
СО ТРУД ДО ПРИСТОЕН ЖИВОТ........................................92
ЧЕТВРТИ ДЕЛ ..........................................................95
ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР ХРВАТСКА ......................................................................95
ЧЕТИРИ ДЕТСКИ ДОМОВИ..............................................95
СПОМЕНИ ОД ДЕТСКИОТ ДОМ МАЛИНСКА ....................96
НАСТАВАТА БЕШЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК....................98
ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ЦРИКВЕНИЦА ...............................103
ПОБЕДАТА КАКО САТИСФАКЦИЈА.................................105
ЖИВОТОТ НА ДЕЦАТА ВО ДОМОТ ВО ЦРИКВЕНИЦА...107
ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ШКОЛУВАЊЕТО..............................111
ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЗАНАЕТИ – ПРИОРИТЕТНА ЗАДАЧА ......................................................................113
ВО ПОТРАГА ПО РОДИТЕЛИТЕ.......................................116
СТРАНСКИ МЛАДИНЦИ ВО ПОСЕТА НА ДЕЦАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ЦРИКВЕНИЦА ....................117
УЧЕНИЦИТЕ БЕГАЛЦИ ОД САМОБОР НА ЛЕТУВАЊЕ ВО ОХРИД ..........................................................................119
ЖИВОТ – СОБРАН ВО ВРЗУЛЧИЊА.................................120
НА ВИСТИНСКИОТ ПАТ...................................................124
ПЕТТИ ДЕЛ.................................................................126
ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР СЛОВЕНИЈА ....................................................................126
ПРВИТЕ ПРИФАТИЛИИШТА............................................126
ДЕТСКИОТ ДОМ ВО СТАРА ГОРА ...................................128
ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ДУТОВЉЕ .......................................129
ОД ДЕЦАТА ШТО ЗАМИНАА ЗА АВСТРАЛИЈА.................132
РОДИТЕЛИТЕ МИ ГИ ДАДОА ДЕЦАТА.............................134
ШЕСТИ ДЕЛ ...............................................................135
ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР МАКЕДОНИЈА ..................................................................135
ВО СЛОБОДНИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА.........................135
УШТЕ ЕДЕН ДОМ ЗА БЕГАЛСКИТЕ ДЕЦА.........................137
ДЕТСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА...........................................144
ЕГЕЈЧИЊА ОД ДЕТСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА НА ЛЕТУВАЊЕ ВО БУКОВСКАТА ШУМА ................................145
ДОМ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО “11 ОКТОМВРИ” ......................................................................146

ИСПОЛНЕТИ БАРАЊА ....................................................................148
ДЕТСКИ ДОМ ВО СТРУГА....................................................................157
ДЕТСКО ЛЕТУВАЛИШТЕ ВО ОХРИД ....................................................159
МАСОВНО ШКОЛУВАЊЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ............161
МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГРАФИЧКОТО УЧИЛИШТЕ – СКОПЈЕ....................................................................163
И ДЕЦАТА ОД ДОМОТ ВО ВАЛАНДОВО НА ЛЕТУВАЊЕ ....................................................................165
СЕДМИ ДЕЛ - ДОКУМЕНТИ ....................................................................167
МЕМОРАНДУМ НА ПРИВРЕМЕНАТА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ....................................................................167
ПРВА РЕЗОЛУЦИЈА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ А РЕПАТРИЈАЦИЈА НА ГРЧКИТЕ ДЕЦА....................................................................169
СООПШТЕНИЕ НА ЛИГАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ....................................................................170
ЛИГАТА НУДИ ПОМОШ ЗА ГРЧКИТЕ ДЕЦА......................171
НЕТОЧНИ ВЕСТИ НА РАДИО АТИНА ....................................173
ПИСМО НА ЛИГАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ ДО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ ПО ПОВОД НЕТОЧНАТА ВЕСТ НА РАДИО АТИНА..........173
ДОПИС НА ЛИГАТА ДО ГРЧКИОТ ЦРВЕН КРСТ ...............175
ЛИГА МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦК ..........................176
СООПШТЕНИЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ....................................................................176
ВТОРА РЕЗОЛУЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ............177
ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ....................................................................177
УСЛОВИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЦАТА НА РОДИТЕЛИТЕ..........................178
ИЗЈАВА НА Д-Р ОЛГА МИЛОШЕВИЌ НА СОСТАНОКОТ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА ЛИГАТА НА ДРУШТВАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ЖЕНЕВА ....................................................180
РЕПАТРИЈАЦИЈА НА ГРЧКИТЕ ДЕЦА..................................184
ТРЕТА РЕЗОЛУЦИЈА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ....................................................................185
БРАБОТЕН ПЕРСОНАЛ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ ВО БЕЛА ЦРКВА, ОД 1948 ДО 1958 ГОДИНА ....................................................................187
МАКЕДОНСКИ ПЕРСОНАЛ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....................................................................189

ОСМИ ДЕЛ........................................................................191
НЕЗАБОРАВОТ – КАКО АМАНЕТ .......................................191
НЕКОЛКУ ЗБОРА ЗА “МАЈКИТЕ”, УЧИТЕЛИТЕ И
ПЕРСОНАЛОТ ШТО РАБОТЕА ВО ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ 191
КОЛКУ ШТО ИМАШЕ…..........................................................193
ДЕВЕТТИ ДЕЛ.................................................................196
ОД СРЕДБИТЕ ВО САРАЈ ДО ТРЕТАТА СВЕТСКА СРЕДБА
.....................................................................................196
СЀ ПОЧНА СО ОРГАНИЗНИРАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ
СРЕДБИ ........................................................................196
ИДЕЈАТА ДОЈДЕ ОД ТОРОНТО ..........................................197
НЕПОРЕКЛИВИ НАУЧНИ ВИСТИНИ...................................201
ПОВЕЌЕ ОДБЕЛЕЖУВАЊА ЗА СПОМЕН...........................202
КОНКРЕТЕН ЗАФАТ – ФОРМИРАЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ
НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ......................................................205
И ПО ВТОР ПАТ – СВЕТСКА СРЕДБА НА РАЗДЕЛЕНИТЕ...
.....................................................................................207
КАДЕ СТЕ МАКЕДОНЧИЊА.................................................211
НАМЕСТО ПОГОВОР – ГО ПРЕСКОКНАВМЕ ЛИ ПРАГОТ
НА НАЦИОНАЛНИОТ СПАС?..............................................212
КОНСУЛТИРАНА И ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА.................219

# ПРЕДГОВОР

Идејата да се подготви и издаде книга посветена на децата бегалци од Егејска Македонија прифатени во поранешна Југославија се роди во исто време кога почна подготовката за одржување на Третата светска средба на децата бегалци, што ќе се одржи во 2003 година.

На оваа тема излезе монографското издание "И ние сме деца на мајката земја" од д-р Фана Буцкова, во која станува збор за прифаќањето на децата бегалци од Егејска Македонија во републиките на поранешна Југославија (НР Македонија, НР Србија и АП Војводина, НР Хрватска и НР Словенија) кои подоцна станаа самостојни држави и во другите земји, од т.н. народна демократија, односно земјите од тогашниот источен блок (Полска, Романија, поранешна Чехословачка, поранешна Источна Германија, Унгарија и Бугарија). Но, како што може да се види, во монографијата повеќе место има добиено престојот на децата бегалци во источните земји, така што тоа беше доволен повод да се зафатиме со подготвувањето на оваа книга, и со разгледувањето на прифаќањето и престојот во детските домови во поранешна Југославија.

Меѓутоа, прв којшто објави своја книга со истражувачки карактер е писателот Петре Наковски. Тој, во осумдесеттите години ја издаде монографијата "Децата бегалци од Егејска Македонија во Полска", во која, од сите аспекти и со бројни документи и аргументи, пишува за доаѓањето, сместувањето, школувањето и развитокот на децата бегалци од Егејска Македонија во детските домови во Полска. Така, неговото монографско издание, може да се рече, го покрена систематското истражување и пишување на нашата тема, по што се издадоа и издаваат нови книги...

Што се однесува пак, до темата да егзодусот на децата бегалци од Егејска Македонија во другите земји, во македонската литература се напишани бројни песни, раскази и романи од писателите Ташко Георгиевски, Петар Ширилов, Ката Мисиркова-Руменова, Иван Чаповски, Љубиша Ташковски, Васил Пујовски, Ристо Јачев и многу други, кои беа дел од таа

непрегледна река деца бегалци и откорнатици, но и од македонските писатели Ацо Шопов, Славко Јаневски, Гого Ивановски, Лазо Каровски и други кои се родени во Република Македонија.

Во Белград, проф. д-р Милан Ристовиќ ја објави својата книга "Долго враќање дома" ("Дуг повратак кући") посветен на децата бегалци од Егејска Македонија во Југославија. Неговиот политиколошко-историографски труд, за прв пат, го разгледува прашањето на егзодусот на децата бегалци и нивното присилно откорнување од родните македонски огништа во Егејска Македонија под Грција, и нивното раселување и нуди мошне интересни сознанија за нашето "враќање дома", документи и аргументи, кои фрлаат нова светлина за нашето заминување од родниот Егеј.

Прашањето на децата бегалци и нивното напуштање на родните огништа во Егејска Македонија, треба да се истакне дека кусо е обработено и во книгата на д-р Никифор Робовски "Македонците од Егејска Македонија во Чехословачка", како и книгата "Децата бегалци во Чехословачка" од Вангел Поповски, потоа на Лазар Минков "Македонците во Унгарија", како и во повеќето изданија посветени на одделни македонски села во Егејска Македонија, како што се "Бапчор" од Ѓорѓи Доневски, "В'мбел" од Сократ Пановски, "Трсје и трсјани" од Никола Кичевски, "Орово и оровчани" од Томе Миовски, "Граждено" од Христо Ристовски и Гоче Дробицки, двете книги за селото Д'мбени од Атанас Близнакоф и Лазар Поп Јаневски, книгата за село Поздивишта од д-р Фана Буцкова и Ристо Шанев, "Буф" од Доне Пановски, спомен книгата за Герман, изданието за Сетина и Попадија од Тодор Јовановски, за Вишени од Димитар Прстенаров, "Чифлицик село во Егејска Македонија" од Никола Балканов и Ангел Балкански и др. Во сите нив се разгледува собирањето и пренесувањето на македонските деца од Егејска Македонија во поранешна Југославија, и во други источноевропски земји.

За нашата голгота и најголемиот европски срам во Дваесеттиот век, изворни текстови може да се најдат и во тогашните изданија на весниците "Нова Македонија", "Глас на Егејците"

во Скопје, “Борба” и “Политика” во Белград, “Дневник” од Нови Сад, “Вјесник” и “Нови лист” од Загреб и Ријека, “Дело” од Лубљана, многуте тогашни ревијални изданија и гласилото на Црвениот крст на Југославија и др.

Покрај погоре посочените изданија, кои ни служеа при обликувањето на овој ракопис, најголема помош најдовме во пишувањата на Станоја Обренов, тогашен директор на домовите за деца бегалци во Бела Црква. Неговиот зграб во проблемот е навистина значаен, зашто нуди бројни факти за нашата судбина и тогашниот детски живот.

Нашата цел е скромна. Со ова издание правиме обид да го расветлиме, колку што можеме сѐ она што го доживејаа и живееја децата бегалци од Егејска Македонија во повеќето домови во некои републики во поранешна Југославија. Се определивме со силината на аргументите и низ сеќавања да кажеме барем дел од големата голгота и невидениот егзодус што се одигра во средината на Дваесеттиот век на просторот на Егејска Македонија под Грција.

Обидот да подготвиме едно вакво издание, беше присутно за цело време додека го пишувавме текстот, па користејќи автентични документи и сеќавања, се обидовме на популарен начин да ја раскажеме судбината на над дваесет-илјадната непрегледна колона на егејските деца бегалци, како опомена и аманет, упатен директно кон потомците и иднината, да не се повтори вакво зло, но и да не се заборават родните огништа... Оттука, ние сме обележани со лузни, но уште повеќе пламти огнот во нас, за враќање на нашите таткови родни огништа и стреи, но и тагата што поголемиот дел од животот го минавме откорнати и пресадени. Доколку во тоа, барем малку сме успеале, тогаш заслужувал и нашиот напор и го оправдал издавањето на оваа книга.

Должиме и една напомена: низ текстот, како што може да се види, употребуваме термини, кои веќе се историски надминати, но тоа е диктирано од самите состојби и тогашна терминологија. Тоа го направивме, пред се, од желба да се задржи автентичноста на опишаните настани!

На сите соработници им искажуваме несебична љубов и благодарност, зашто без нив и без нивната безгранична љубов, немаше ни да се роди оваа книга, што се надеваме ќе биде светол и незаобиколен патоказ за идните истражувачи на сето она што го доживеавме надвор од своите родни огништа и населби, подалеку од своите најмили – родителите, во туѓина и во детските домови во кои бевме сместени. Оттука, за нас може да се рече дека сме деца без детство... Со тажни и крвави спомени, и со многу лузни и солзи, копнежи и страдања за нашето враќање. Навистина, дали некогаш ќе има враќање на родните огништа и во детските спомени...?

Исто така, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до Црвениот крст на Југославија и Историскиот музеј – Белград, Државниот архив на Република Македонија и на архивското одделение на Институтот за национална историја и вработената госпоѓа Слободанка Филиповска, која со ентузијазам ни помогна во собирањето на материјали за нашата тема.

Нашиот егзодус, непобитно е дека е најголемиот срам што го доживеа цивилизирана Европа, во векот што измина. Зборовите секогаш се посилни и од куршумите и од непријателствата.

Авторите
Септември, 2002 година

## КОМУ ЗГРЕШИВМЕ - (ИМА ЕДНА СУДБИНА)

Деца бевме, кому згрешивме,
виновни што бевме без вина
толку тешко кој не проколна
животот по светот ни мина.

А плачат, плачат за нас планините
сенките под маслините,
а во нас, боли во нас и векува
рана што пече, не се лекува.

И низ светот нам насекаде
срцата ни ги отворија
само таму нема враќање
портите ни ги затворија.

Ех, колку тежат таму планините
тешки се и горчините,
на сите клета ни е судбината
исто не боли далечината!

Кај и да сме не го заборavаме
детството што таму го оставивме.

Васил Пујовски

# ВОВЕД

Како што е познато, Граѓанската војна во Грција, во средината на 1949 година го доживеа својот пораз. Трагедијата на опожарените македонски села и на убиеното население беше толку голема што се споредува со катастрофата што ја доживејаа одделни региони и народи во Втората светска војна. Македонскиот народ во Егејска Македонија како што масовно се вклучи во Втората светска војна, исто така својот борбен пат го продолжи и во граѓанската војна, верувајќи дека е дојден историскиот момент за конечно решавање на македонското прашање во Грција и за добивање на национална слобода.

Но, за жал, и покрај невиденото масовно учество и хероизам искажан во граѓанската војна, а постојано поттикнуван и воден од Комунистичката партија на Грција, се покажа дека повторно македонскиот народ е излажан и положен на жртвеникот од олтарот. КП на Грција и раководството на ДАГ под силен притисок на грчките монархофашисти и на нивните странски помагачи, се одлучи и презеде конкретен чекор – што се однесуваше на населението во Егејска Македонија. Точно како резултат на оваа, пред сè, политичка (партиска) одлука дојде до собирање на децата во Егејска Македонија и нивно иселување во Југославија и другите источноевропски земји, во т.н. демократски земји.

Од првата половина на 1948 година, реки, поточно колони од мали и нејаки деца почнаа да се движат од Егејска Македонија и да влегуваат во Народна Република Македонија, а оттаму во југословенските републики и другите земји. Со нив одеа и т.н. “мајки”, кои жртвувајќи ги своите животи успешно ги водеа колоните од нејаки деца, за да ги донесат во слободната земја и да ги сместат по домовите и интернатите. Се влегуваше преку суводолици и планини на територијата на НР Македонија, а оттука во Битола и Браилово и потаму со Скопје, Белград, Гаково, Бела Црква, Црквеница, Стара Гора и други места.

Новата македонска народна власт заедно со Црвениот крст на Југославија и на Македонија, максимално се вклучија во оваа активност и поведоа вистинска борба за спасување на секое

дете, при тоа давајќи им лекарска помош, сместување и понатамошно школување.

Од Македонија најголемиот број деца-бегалци, откако ќе добиеја здравствена помош, облека и храна, беа испраќани во Белград, а оттаму распоредувани во републиките Хрватска и Словенија, Србија и Автономната покраина Војводина. Така се родија повеќето центри – домови во кои беа сместени македонските деца бегалци, чиј број не беше занемарлив, туку напротив значаен, иако постојат несогласувања по однос на вкупниот број на раселените и откорнати деца бегалци. Повеќемина истражувачи истакнуваат дека таа бројка е 28.600 деца, од кои 90% беа Македончиња, а останатите Грчиња.

Во АП Војводина од 1945 до 1949 година беше формирана грчката населба – Булкес, во која беа сместени повеќе грчки партиски раководители, борци и друг кадар, како и грчки бегалци. Од Булкес се водеше и диктираше севкупната политика по однос на грчките бегалци, вклучувајќи ги тука и децата, независно што најголемиот дел беа Македонци. Тука беше формиран “Комитет за помош” на децата, во чија надлежност беше и школувањето на децата-бегалци сместени во повеќето домови во Југославија. Тука се печатеа весници, брошури и летоци, а тоа значи дека тука се креираше и севкупната политича по однос на децата бегалци.

По изгласувањето на Резолуцијата на Информбирото во средината на 1948 година и по јавно прокламираниот судир меѓу тогашните комунистички партии на СССР и на Југославија, излегоа на видело две работи: прво, дека грчкото раководство сместено во Булкес ја прифати Резолуцијата на ИБ и почна жестоко и безмилосно да ја напаѓа КП на Југославија, независно од фактот што истото беше сместено во Булкес, и второ, децата-бегалци се обиде на најодвратен начин да ги искористи за свои пропагандни цели. Покрај печатењето на летоци насочени против општествено-политичкиот систем на тогашна Југославија, подмолно почна да организира и бунтови на згрижените деца бегалци во некои домови, а во странските средства за јавно информирање, особено оние од источноевропските земји и да објавува измислици и

шпекулации дека децата во детските домови во Југославија живеат во енормно тешки услови и дека се експлоатираат со тоа што работат тешки физички работи, наместо да се школуваат.

Наспроти ваквите пласирани лаги и невистини, југословенските и македонски власти се бранеа со силината на аргументите и на вистината. Така, организирана е посета на повеќе странски новинари на неколку домови во кои беа згрижени децата бегалци од Егејска Македонија, со цел што се вели, новинарите на лице место да се запознаат со животот и школувањето на штитениците. Од нивните написи објавени во неколкуте светски познати весници, може да се види нивната објективност, но и да се согледаат добрите услови во кои живееја и се школуваа децата бегалци во Југославија. На грчките и источноевропските пропагандисти, ова им беше најдобра шлаканица дека не ја зборуваат вистината, а дека состојбата е сосема поинаква и афирмативна за искажаната грижа кон прифатените и сместени деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија.

# ПРВ ДЕЛ

## НАПУШТАЊЕ НА РОДНИТЕ ОГНИШТА

- евакуацијата на децата е добро смислена, добро организирана и уште подобро реализирана акција за етничко чистење на Егејска Македонија

## ЕВАКУАЦИЈАТА НА ДЕЦАТА

Истакнатиот македонски историчар д-р Ристо Кирјазовки во еден свој ракопис, меѓу другото пишува и за причините за евакуацијата на децата бегалци од Егејска Македонија. Како познавач на историските збиднувања во овој период во Егејска Македонија под Грција, тој за егзодусот на децата и нивното откорнување од родните огништа, го пишува следното:

- Пролетта 1948 година двете завојувани страни: ДАГ и силите на атинската влада, во рамките на нивните планови за претстојната меѓусебна пресметка во 1948 година, одзедоа од родителските прегратки повеќе десетици илјади деца, претежно од Егејскиот дел на Македонија и ги одведоа едни преку граница, а други во внатрешноста на Грција и на грчките острови.

И двете страни тврдат дека акцијата што ја презеле била мотивирана од хумани причини и дека таа дала позитивни резултати. Децата се спасени од виорот на Граѓанската војна и таму каде беа евакуирани им беа создадени услови да се стекнат со сите степени на стручно образование. Кај нас, евакуацијата на децата се претставува како егзодус што не е точно. Тоа е добро смислена, добро организирана и уште подобро реализирана акција.

Неспорно е дека децата се спасени од ужасите на Граѓанската војна и стручно се оспособија, но нивното отстранување од родното огниште, придонесе за етничко чистење на Егејскиот дел на Македонија.

Во продолжение на својот текст д-р Кирјазовски уште истакнува:

- Една од суштинските причини за евакуацијата на децата е создавањето услови за решавање на проблемот на резервите на ДАГ со нови борци. Ослободувањето на родителите од грижата за децата овозможи тотално мобилизирање на неселението за претстојните тешки и решавачки битки во Западна Егејска Македонија. Тоа и се случи. Непосредно по евакуацијата на децата, беше извршена мобилизација на сè уште невклучените граѓани во редовите на ДАГ и во нејзините помошни единици. Во текот на големата офанзива на Грамос, летото 1948 година и по неа целата слободна територија беше претворена во работилница во која сето население, неспособно за носење на оружје, работеше за потребите на ДАГ. Беа формирани екипи од жени за пренос на ранети, екипи за пренос на оружје, муниција, копање на ровови, месење на леб, во Преспанското Езеро екипа за ловење на риба и др.

Раководството на КПГ во рамките на подготовките за пресметка и за реализација на своите планови во 1948 година го дискутираше, односно размислуваше за евакуација на децата. На 30 јануари 1948 година претставникот на КПГ Петрос Русос доби задача да побара од југословенските власти помош за прифаќање на децата од слободната егејска територија, кои за жал, страдаа од глад, облека и сл. Телеграми со слична содржина се испратени и во другите земји од народната демократија.

На 15 февруари 1948 година, потпретседателот на Привремената демократска влада на Грција Јанис Јоанидис допатува во Белград, каде со надлежните југословенски фактори дискутираше околу евакуацијата на децата. Откако Јоанидис ја доби принципиелната согласност од Југословените и од другите земји, на 21 ферввуари 1948 година, ПДБГ одлучи да ги евакуира децата во странство од подрачјата каде се водеа и се очекуваше на се водат жестоки и решавачки битки меѓу владините сили и силите на ДАГ. Раководството на КПГ оваа своја одлука ја мотивираше и ја образложување со потребата за

спасување на децата од ужасите на војната, а по молбено барање на нивните родители.

Д-р Кирјазовски уште додава:

- Министерството за внатрешни работи на Привремената демократска влада на Грција на 7 март 1948 година, го издаде следното соопштение: “Народните и други организации за грижа и заштита на децата во слободна Грција, како и илјадници родители и старатели одамна се обратија со апели до хуманитарните организаци и  на народно-демократските земји и побараа од нив да ја згрижат и да ја заштитат грчката детска младина што се наоѓа во опасност од глад и од варварството на монархофашизмот. Хуманитарните организации и организациите за заштита на детската генерација, како и другите младински организации на тие земји, со извонредна радост и задоволство ги прифатија тие апели и презедоа да ги згрижат Грчињата, за време колку што е потребно”.

Привремената демократска влада, гледајќи дека со катастрофалната политика што од 1945 година е спроведена во Грција од туѓинците и месните експлоататори и со перманентните катастрофи што систематски ги спроведуваше и ги спроведува монархофашизамот на товарот на народот и неговиот имот, намалени се можностите за соодветна исхрана за која има потреба детската возраст.

Со цел да се убедат родителите да ја прифатат одлуката и акцијата да се претстави како резултат на нивни барања е организирана широка политичка активност меѓу населението, која резултираше со писмено барање на родителите за евакуацијата на децата.

## АКЦИЈАТА ДОБРО ПЛАНИРАНА, УШТЕ ПОДОБРО – РЕАЛИЗИРАНА

Во својот текст, тој ги наведува уште и овие аргументи:

- Претседателот на ПДВГ Маркос Вафијандис на 20 февруари 1948 годниа, со радиограма го известува својот потпретседател

Јанис Јоанидис во Белград, дека подготовките за евакуацијата на децата добро течат, дека од Леринско ќе бидат евакуирани 2500, од Костурско 3500, додека за подрачјата на Коњица и Загорија, Епир, се уште нема податоци.

Акцијата за евакуацијата беше добро планирана и организирана. За нејзиното реализирање беа вклучени сите политички организации – НОФ, АФЖ, Народната милиција, народните одбори и единиците на ДАГ. Беа формирани посебни комисии и собирни центри, организирана исхрана и др. На секои 20-25 деца имаше по една придружничка која имала задача да се грижи за децата. Таа беше наречена “мајка” и таа навистина одигра голема улога во згрижувањето и намалувањето на траумите кај децата.

Евакуацијата на децата започна на крајот на февруари и почетокот на март 1948 година, и траела сè до јуни истата година.

Децата од Епирско и дел од Костурско беше предвидено да се евакуираат во Албанија, од Западна и Централна Егејска Македонија во Југославија и од Источна Егејска Македонија и Тракија во Бугарија.

Обврската за прифаќање на децата од Западна и Централна Егејска Македонија и оние евакуираат во Албанија и нивното транспортирање во земјите од т.н. народна демократија, ја презеде Југославија.

Д-р Кирјазовски подвлекува:

- Во врска со донесената одлука за евакуацијата на децата и за постоечкиот договор за нивното прифаќање, Извршниот одбор на Југословенскиот Црвен крст на 16 март 1948 година издаде соопштение во кое меѓу другото се вели дека последните акции и незапамтениот терор на монархофашистичката војска над демократското население во Грција, горење на села, апсења, убивања и други насилства, предизвика бегалски бран преку југословенската граница. Меѓу бегалците има голем број деца, кои поминуваат голи, боси, гладни и до крајна граница

исцрпени, на кои им треба итна и што поголема помош. Поради тоа, Југословенскиот Црвен крст веднаш стапи во акција и организира помош и згрижување на бегалските деца. Со цел позитивно да се реши пролемот, ЦК на КПГ до националните организации на Црвениот крст испрати апел да помогнат во згрижувањето на децата кои се принудени да ја напуштат својата родна грутка и да побараат спас надвор од својата татковина.

Од соопштението на ЈЦК се гледа настојувањето на југословенската влада да го претстави поминувањето на децата во Југославија како резултат на теророт, а не на планираната акција.

На 23 март 1948 година, изнесен е званичниот став на ПДВГ околу проблемот на децата наменет за балканската јавност и народните републики: монархофашистите во областите под нивна контрола ги грабаат децата и ги одведуваа. Населението упорно се бори да не им ги отстапи децата и ги упатуваат спрема границите на соседните демократии, со молба “спасете ги нашите деца. Напоредно со нив и населението од нашите слободни територии ги пренесуваат своите деца спрема границата. Нашите сили се принудени да им го олеснат преминувањето. Ве молиме да го забрзате приемот на децата”.

На територијата на Југославија беа организирани прифатни пунктови. Такви пунктови имаше во Битола, Матка кај Скопје и во Белград.

Првата група деца-бегалци од Егејска Македонија во Белград пристигна на 30 март 1948 година.

Според непотполните податоци од 30 март 1948 година до септември 1949 година, од Грција во земјите на народните демократии се транспортирани 14.028 деца, а во Југославија беа прифати околу 11.000 деца, од кои 2.000 беа сместени во посебни, за таа цела, формирани домови. Од десетина специјални домови поголемиот број беа сместени на територијата на Србија (во прв ред во Војводина), Хрватска, Словенија и во Македонија. Грижата за нив ја водеше

Југословенскиот Црвен крст, борејќи се со огромните тешкотии во обезбедувањето простор за сместување, исхрана, облека, лекување, организирање на здравствената заштита, образование и др. Тоа, во она сиромашно време, во првите повоени години, беше голема и сложена задача.

Проблемот на децата бегалци од Егејска Македонија, се појави пред меѓународните организации и јавноста на почетокот на студената војна и стана еден од сегментите во идеолошката, политичката и пропагандната војна меѓу грчката кралска влада и нејзините соседи. Тоа прашање е инструментализирано и користено во поширок контекст при заостривањето на односите на Запад и Исток.

Избивањето на судирот меѓу Југославија и Советскиот Сојуз и останатите земји "на народната демократија" во летото 1948 година, наскоро доведе до прекинување на односите на југословенските и грчките комунисти. Во тој, како што изгледаше во првиот момент, "судир во семејството", судбината на децата бегалци од Грција, исто така, доби свое место. Некои од тие деца беа преместени во други земји.

Прифаќањето на Југославија, по поразот на ДАГ, да ги следи резолуциите на Обединетите нации, и да почне со репатријацијата на децата на нивните родители во Грција, и оние кои во меѓувреме емигрирале во Австралија, Канада, САД, предизвикаа во источниот блок и во редовите на грчката емиграција, бран обвинувања на сметка на југословенскиот режим дека ги користи децата за "политичка трговија со монархофашистите" и за "додворување на Запад". Успешната репатријација на неколку стотини деца во Грција во почетокот на педесетите години во многу помогна за нормализирање на односите меѓу Атина и Белград.

Бранот бунтови по детските домови, кои ги воделе групи на незадоволни штитеници, мотивирани од отпуштањето на учителите, условите за живот, желбата да бидата префрлени во источноевропските земји, а често и од неодмереното реагирање на југословенските власти на тие изливи на младешки гнев, фрустрации и разочарување, исто така, има своја политчка и

идеолошка заднина. Нивното смирување траеше долго, и покрена, во прв ред во раководството на Југословенскиот Црвен крст бројни морални дилеми и доведе до обраќање на највисоките претставници на југословенските власти, кои укажуваа на сите пропусти во работата со децата бегалци и на последиците од тоа незадоволство.

На децата бегалци од Егејска Македонија под Грција кои останаа во Југославија, дадена им е можност – исто колку и на југословенските деца кои живееја во истите услови – да стекнат образование, да најдат работа и место во југословенското општество.

Главните актери – децата – беа вистински, но и симболични жртви како на внатрегрчките противречности, така и на целиот комплекс на повоените меѓународни односи. Тоа имаше големо влијание врз нивните животи. Беа изложени на бројни трауматски искуства, кои оставија трајни траги поради одвоеноста, изгубаната емоционална заштита на семејството и растење во нормални услови.

Разните податоци за бројот на евакуираните деца не се идентични. Според статистиките на ООН и на грчката влада, бројот на евакуираните деца изнесува околу 28.000, а според КПГ околу 25.000 деца.

## ВКЛУЧУВАЊЕ И НА ПРОПАГАНДИТЕ

Авторот д-р Р. Кирјазовски, осврнувајќи се на евакуацијата на децата од Егејска Македонија во Југославија и во другите источноевропски земји, го наведува и следното:

- Многу деца, впрочем , што беа испратени во другите источноевропски земји, не останаа во првата земја во која беа згрижени, туку беа преместени во друга земја каде се наоѓаа нивните родители или роднини. Некои деца што ја напуштија Грција на 16-17 годишна возраст, многу брзо престанаа да се водат во детските списоци, факт што ги менува бројките од година во година. И на крајот, околу 5000 деца до 1954 година се вратија кај своите родители во Грција, Канада и Австралија.

Евакуацијата на децата од страна на ПДВГ беше остро осудена од грчката влада. Таа ја искористи евакуацијата како повод за бурна и немилосрдна кампања против грчките комунисти како виновници за грабењето на децата, геноцид и дехеленизација, создавање на јаничарски одреди и слично.

Во пропагандата се вклучија и Американците. Американскиот историчар Лоренс С. Втнер евакуацијата на децата ја оцени како “една од најгадните акции во психолошката војна во грчкиот судир”. Американскиот дипломат Ранкин евакуацијата на децата ја оцени како “голема психолошката грешка” која може да се употреби во САД и во странство како “корисна антикомунистичка пропаганда”. Како резултат на американската и грчката пропаганда во светот, беше создадено мислење дека децата се киднапирани.

По барање на грчката влада, во ООН и Меѓународниот Црвен крст беше покренато прашањето за враќање на децата во Грција, независно каде моментално се наоѓале нивните родители. ООН го одби ова барање на грчката влада и одлучи да им се вратат децата на родителите или нивните роднини.

Грчката влада бараше да ѝ се вратат на Грција, врз основа на барање на родителите, 9837 деца. Раководството на КПГ го одби горното барање на грчката влада, оквалификувајќи ги барањата на родителите за фалсификат.

За следење, грижа и образование на децата, КПГ и ПДВГ во мај 1948 година ја формираа Комисијата за помош на детето – ЕВОП. Прво седиште на ЕВОП беше Будимпешта, потоа Букурешт. Во ЕВОП од страна на Македонците влегоа прво Андон Сикавица, а потоа Ставро Кочев.

Во залудните напори на раководството на КПГ за решение на проблемот на резервите на ДАГ, презеде потег со кој во голема мера беше девалвиран прокламираниот хуманитарен карактер и мотив на евакуацијата на децата. Иметно, во април-мај 1949 година, ГШ на ДАГ и ПДВГ решија да извршат регрутација на нови борци од редовите на евакуираните деца во

источноевропските земји. За таа цел, беа издадени соодветни наредби и директиви и беа испратени специјални емисари. Регрутацијата на децата се вршеше со широка пропаганда и со примена на притисок, не по возраст, туку по висина, и на тој начин беа регрутирани деца на возраст од 12-15 години. Од Романија и тогашна Чехословачка беа регрутирани неколку стотини малолетни деца. Во селото Штрково, Леринско, беше организиран центар за обука на децата, каде по неколку дена обука се испраќаа во единиците на ДАГ, на првата борбена линија.

Исто така, д-р Кирјазовски се осврнува на таа одлука донесена од страна на највисоките раководства на КПГ и на ДАГ:

- Оваа одлука, односно акција на КПГ-ДАГ предизвика големо разочарување и остро негодување кај родителите. Триесет и три мајки на евакуираните деца од с. Кономлати, Коструско, на 18 мај 1949 година, испратија остар протест до ГШ на ДАГ, барајќи или да им ги вратат децата во домовите, или да им се вратат на нивните родители.

На 14 април истата година, раководителот на организацијата НОФ и министер во Привремената влада Паскал Митревски испрати писмо до ПБ на ЦК на КПГ, во кое ги изнесува тешките последици што ги предизвика регрутацијата на деца од детските домови. Тој бара акцијата за мобилизација да прекине и мобилизираните деца на 12-15 – годишна возраст да се демобилизираат и да се вратат во детските домови.

Под силен притисок на родителите и на јавноста, грчкото партиско раководство на 22 мај 1949 година, нареди да се прекине мобилизацијата на деца до 15-годишна возраст, а пак, мобилизираните деца до таа возраст, да се вратат во домовите. Меѓутоа, наредбата целосно не беше извршена. Повеќето од мобилизираните деца, необучени беа фрлени во борбата и загинаа. Трагичен е случајот на 130 деца, кои на пат кон Тесалија, паднаа во заседа во Хаши и сите се убиени од владината армија.

## ВО ОДБРАНА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Д-р Ристо Кирјазовски, исто така, ни нуди доволни факти и показатели за резултатите што беа остварени не само на планот на згрижувањето, туку и на планот на школувањето на децата бегалци. Тој бележи:

- Од вкупниот број деца од школска возрат 60% беа неписмени, 17,5% имаа завршено прво одделение, 14% второ одделение, 5% трето, а повеќе од трето одделение само 3,5%.

На децата им беше овозможено да посетуваат основни, средни, виши и високи училишта. Во сите детски домови, функционираа македонски училишта во кои се учеа предметите: македонска граматика, читање и пишување, македонска литература, историја на Македонија, македонски песни и ора, географија на Македонија и Грција.

Наставата во македонските училишта се изведуваше на македонски литературен јазик, односно на јазикот да се применуваше во НР Македонија. Меѓутоа, по судирот меѓу КПЈ и Информбирото се направи обид, јазикот да се политизира. Имено, во 1950 година раководството на КПГ под влијание на Бугарите, донесе одлука да го суспендира од употреба македонскиот литературен јазик со мотивација дека тој е под силно влијание на српскиот јазик.

И покрај тоа Македонците, особено интелектуалците поведоа решителна и упорна борба против горната одлука, а за враќање во употреба на македонскиот литературен јазик. Борбата, која беше долга, заврши со успех. Со тоа беа создадени услови за развој на македонската национална култура и писменост.

Учебниците, школската и друга литература, печатот, прозното, драмското и поетското творештво и другите вредности се пишуваа на македонски литературен јазик.

На крајот, уште нешто. И покрај тоа што македонските деца во ништо не се виновни за тоа што се случи во Грција во текот на Граѓанската војна и за тоа што се најдоа далеку од својата земја

и од своите родители, грчките власти во рамките на својата политика за пресметка со македонското национално малцинство, им забрануваат да се репатрираат и ги лишуваат од наследните имотни права применувајќи ги и врз нив антидемократските закони бр. 1068841 од 29.12.1982 за слободна репатријација на политичките бегалци "Грци по род" и законот бр. 1540 од 5/10.IV.85 за враќање на конфискуваните имоти на политичките бегалци "Грци по род".

Слична акција за собирање деца презеде и атинската влада. Според мемоарите на кралицата Фридерики собирањето на децата отпочнало непосредно по основањето на Кралското доброволно друштво во јули 1947 година. Меѓутоа, планското масовно собирање на децата, почнало во март 1948 година, кога се одвивала и акцијата на ПДВГ. Со операцијата за собирање на децата, раководеше лично кралицата Фридерики, и во истата беа вклучени армијата, локалните власти, полицијата, училишни и други органи и организации. Планот предвидуваше да се соберат 10.000 до 12.000 деца. Во март беа собрани 6.000 деца. За акцијата се запознати Американската мисија за помош на Грција и Специјалниот комитет на ООН за Балканот.

Во почетокот на март 1948 година владата во Атина соопшти дека се завршени сите подготовки за евакуација на 14.000 деца од Егејска Македонија и од Пелопонез.

Според тврдењата на кралицата Фридерики, беа собрани околу 24 илјади, а според други тврдења 14.494 деца претежно од Егејскиот дел на Македонија. За децата во Лерос, Кифисија, Солун и други места беа организирани 54 домови – "детски градови", прифатилишта во кои беа изложени на најгруба денационализација, асимилација и деидеологизација.

## ПРИЧИНИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА ДЕЦАТА

Во својата монографија "И ние сме деца на мајката земја" д-р Фана Буцкова трагајќи по причините за откорнувањето на децата од родните огништа во Егејска Македонија под Грција, истакнува:

- Во повеќе грчки, а и македонски историографски трудови, како основен мотив за евакуација на децата од слободната и полуослободената територија, кои беа под конторла на силите на Демократската армија, се наведува хуманоста. Да го прифатиме тоа како факт, но не и како единствен мотив, бидејќи настаните што дојдоа потоа укажуваат и на други причини. Пред оваа многупати потенцирана компонента има и друг мотив, а тоа е нерешениот проблем со борбените резерви на ДАГ, што КПГ, како водач на ова движење, не успеа да го реши, а и масовниот терор на националистичките сили спрема демократите и Македонците во Грција.

Во таа ситуација грчките националисти гледаа уште една шанса за етничко чистење на Македонија, имајќи ја таа цел, тие особено се нафрлија врз Македонците. "Славомакедонците треба да исчезнат оттука, пишува републиканскиот неделен весник "Елефтерос" бр. 28 од јануари 1946 година, тие треба задолжително да се истераат и нека одат во која било соседна земја".

Монархистите преку паравоените формации доследно почнаа да ја спроведуваат политиката на истребување на македонското население. Патролирајќи низ македонските села, фрлаа пароли дека некои ќе ги убијат, некои ќе ги истераат, така што кога ќе дојде кралот да не најде ниту еден Словен во земјата. Таквите пароли тие ги претвораа и во дело. Од февруари 1945 до мај 1947 година во Костурско, Леринско, Воденско, Еницеварсарско без судење беа убиени 278 Македонци, имаше 297 силувани жени, 6.456 затворени лица, 4.200 судени, 3.215 осудени на повеќегодишен затвор, 1.449 интернирани, 13.449 малтретирани, 1.191 изгорени куќи, 13.938 протерани селани и 45 иселени села.

За да ги реализираат своите намери во однос на Македонците, грчките националисти ги повикуваа и комунистите да им се придружат во акцијата за протерување на Македонците од Грција. На таквите планови КПГ се спротивстави, наведувајќи дека: " Македонците заедно со сите антифашисти беа авангарда во борбата против Метаксас, се бореа херојски на албанскиот фронт, одиграа значајна улога и во националниот отпор спрема

хитлеро-фашистичката окупација и домашните предавници, затоа наполно се противиме на една таква политика што има за цел прогонување на Македонците”.

Поради теророт што го спроведувала десницата, многу македонски семејства беа принудени да бараат сигурно прибежиште во соседните земји – Југославија и Бугарија, или во прекуокеанските земји. Во таа група бегалци имаше – деца што заедно со своите родители тргнаа по патот на неизвесноста, во туѓина. Тој бран на емиграција на деца со родители траеше низ целиот период на Граѓанската војна, за разлика од оној во март – април 1948 година, кога беше организирана евакуација на повеќе од 20.000 деца без родители, спроведена по иницијатива на КПГ.

## ЗАМИНУВАЊЕ ОД УЖАСИТЕ

Заминувањето на децата од родните села, како што наведовме и погоре, беше спроведено од органите на народната власт и на другите народно-ослободителни организации (НОФ и АФЖ), со непосредна контрола и заштита на припадниците на Демократската армија. Од селата до граничните премини се одеше ноќе и пеш, со цел да се избегнат евентуалните напади од страна на владината авијација. Се пешачеше со ноќи, а дење се престојуваше во некое од попатните села или во шума. Само за најмалите беше обезбедена по некоја селска кола, додека другите одеа пеш по дожд и кал во долгата колона.

Според официјалните податоци на ЦК на КПГ, објавени во октомври 1950 година, вкупниот број емигранти прифатени во источноевропските земји и тогашниот Советски Сојуз изнесува 55.881 лице, од кои повеќе од 20.000 се Македонци. За пребеганите во Југославија се изнесува бројот 45.000-50.000 лица.

Бројот на сите откорнати и прогонети невини деца, според разни извори, е од 28.000 до 30.000. Првиот податок за бројноста на децата што беа организирано евакуирани е изнесен во 1948 година, во еден извештај на Петрос Русос, висок функционер на КПГ, во кој се вели: “ Поради потребата да се

спасат од опасностите на војната, повеќе деца се прифатени и згрижени во Југославија, Албанија, Бугарија, Романија, Унгарија, Чехословакија. Бкупниот број на овие деца се доближува до 20.000, од кои мнозинството се Славомакедонци”.

Во почетокот на 1949 година бројната состојба во домовите во Југославија, беше следна:

-Бела Црква – 544 Македончиња
-Цриквеница – 358 Македончиња и 152 Грчиња
- Дутовље – 144 Македончиња и 55 Грчиња
- Стара Гора – 195 Македончиња
- Шент Вид – 134 Македончиња
- Осијек – 86 Македончиња и 19 Грчиња
- Стениевиќ, Сенвит – 30 Грчиња

Вкупно деца: 1.857, од кои 1.581 Македонче и 276 Грчиња.

Во тие детски домови за децата беа ангажирани 90 лица, од кои 17 македонски и 10 грчки учители, а како воспитен и друг помошен персонал работеа 33 Македонци и 30 Грци, наведува д-р Ф. Буцкова.

## ФАКТОРИ ШТО ГО ДИКТИРАА РАСЕЛУВАЊЕТО

Српскиот историчар д-р Милан Ристовиќ, професор на Филозовскиот факултет во Белград во својата книга “Долго враќање дома” (“Дуг повратак кући”) го подвлекува следното:

- Голем број деца за време на Граѓанската војна останале без еден или двајцата родители. Децата од воените зони покрај северната граница на Грција постанале од почетокот на 1948 година протагонисти на една драматична, контроверзна и според последиците исто така, особено тешка епизода на Грчката граѓанска војна. Според некои толкувања околу 25.000, според други 28.000 деца се префрлени (во организација на “Привремената влада” – ПВ) или пребегале во придружба на родителите и други возрасни лица на територијата на соседните и другите земји на “народната демократија”. Според наодите на

Специјалниот комитет на Обединетите нации за Балканот и податоците на Меѓународниот Црвен Крст од земјата се одведени 23.696 деца.

Треба да се напомене дека тој феномен имал и своја друга страна во акцијата што ја водела владата во Атина која, исто така, организирала "прибирање на децата" од воените зони. Од вкупно 43.000 деца опфатени со тие акции, околу 15.000 евакуирале властите на кралската влада во Атина.

## ЈУГОСЛАВИЈА КАКО ТРАНЗИТНА ЗЕМЈА

Исто така, проф. д-р М. Ристовиќ го забележува и следното:

- Првата вест за намерата дека преку северната граница наскоро треба да се очекува праќање на првите детски транспорти, стигна во Југославија на 20 февруари 1948 година. Имено, Маркос Вафијадис, претставник на ПВ го извести "Дионисис" во Белград, дека подготовките за евакуација добро течат. Проценуваше дека од областа Флорина (Лерин) ќе бидат транспортирани 2.500, од областа Касторија (Костур) 3.500, додека од областа Коница – Загорје се уште не беа собрани детални податоци. Вкупно собрани деца, како што тврдеше Маркос "нема да бидата повеќе од 10.000". За тоа дека акцијата била добро планирана зборува и податокот дека за нејзиното изведување се создадени посебни комисии и собирни центри, организирана исхрана и префрлање. Во исто време течеше и стихијното самоиницијативно бегство и префрлање на помали и поголеми групи, кои главно ги водеа жени.

Првата "организирана група" од 500 деца требаше да биде подготвена за пат на 25 февруари 1948 година, но Маркос бареше информации кога ќе биде подготвено нивното прифаќање, во кој правец треба да се врши концентрацијата и колку деца ќе можат да бидат транспортирани дневно. Таа размена на вести покажува (а тоа го потврдуваат и останатите документи од преписката меѓу Маркосовиот штаб со неговите претставници во Југославија и другите земји) дека е точна претпоставката дека почетокот на масовното префрлање на

децата преку границa може да се смести во последните денови на февруари и почетокот на март 1948 година.

## ПОДГОТВЕНО БЕА ДОЧЕКАНИ ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ

Во својата политиколошко-историографска студија проф. д-р М. Ристовиќ, го наведува и следното:

- Извршниот одбор на Југословенскиот Црвен крст на 16 март 1948 година издаде соопштение за јавноста, во кое стоеше дека последните акции и "незапамтениот терор на монархофашистичката војска над демократското население во Грција, палење на селата, масовните апсења, убиства и насилство" и другите мерки на терор, создадоа бегалски бран преку југословенската граница. Меѓу бегалците "...е сѐ поголем бројот деца, кои боси, голи, изгладнети и до крајни граници исцрпени преминуваат, па затоа им е неопходна што побрза и поголема помош". Поради тоа, Југословенскиот Црвен крст веднаш стапи во акција и организираше помош и згрижување на децата бегалци. За проблемот да биде побрзо и поделотворно решен, ЈЦК им упати апел на националните организации на Црвениот крст "...да помогнат во згрижувањто на невините деца кои се приморани да ја напуштат својата родна грутка и да побараат спас надвор од својата татковина".

Целокупната организација околу приемот и згрижувањето на децата во март 1948 година, Југословенската влада ја довери на Комитетот за социјална грижа при Владата на ФНРЈ и Југословенскиот Црвен крст, кој се најде пред извонредно тешка задача. Требаше веднаш да се пронајде доволен и погоден простор за сместување на големиот број деца од сите возрасти, да се организираат домови, да се создадат одредени санитарни услови, да се организира здравствена заштита и лекување, да се обезбеди исхрана, снабдување со облека и обувки – во земја во која последиците од војната и општата немаштија беа видливи на секој чекор. Поради наглиот раст на евакуираните деца и големиот број на проблеми врзани за нивното прифаќање и сместување Централниот одбор на ЈЦК во мај 1948 година го основа Одсекот за заштита на грчките деца.

Веднаш по пристигнувањето на првите поголеми групи деца на територијата на Југославија во Владата на ФНРЈ е направен план за делување, поделени се задолженија и формирани се екипи за одредени проблеми околу бегалците. Екипа на Комитетот за социјални грижи и ЈЦК работеа на пронаоѓањето згради за сместување на бегалците, во прв ред во АП Војводина. Групите бегалци се прифаќани веднаш по преминување на границата, каде добиваа прва помош во храна и облека од ЈЦК, кој имаше централен пункт во Битола. Во Матка кај Скопје, а потоа и во Белград, ЈЦК, со помош на федерални, републички и локални органи на власта, активисти на масовните организации како Антифашистичкиот Фронт на жените (АФЖ) и Народниот фронт организираа поделба на храната, бањање, дезинфекција, пресоблекување на децата и лекарски прегледи. Детските групи потоа беа упатувани во местата каде на брзина се организираа прифатилишта и домови.

Освен групите кои мораа да останат под надзор на Југословенскиот Црвен крст, југослвенската територија беше и главната транзитна станица и место за привремено опоравување на децата, одредени да го продолжат патот кон другите одредишта. Според “произволните податоци”, низ Југославија од 30 март 1948 година до крајот на септември 1949 година од Грција на патот кон “земјите на народната демократија” поминаа 14.028 деца. Според службените податоци, само за нивниот транспорт југословенската влада потрошила сума од 3.600.000 динари. И децата од тие транспорти имаа лекарски прегледи, добиваа облека, обувки и потребна храна за пат. Со транспортите за транзит низ Југославија раководеа органите на Министерството за внатрешни работи, со помош на ЈЦК. Децата во транзитот не се попишувани ниту за нив се собирани некои други податоци, освен брачната состојба.

Според југословенските податоци во време март – април 1948 година преку југословенската територија и со асистенција на ЈЦК, за Чехословачка се префрлени 2.492, во Романија 3.300 и во Унгарија 2.254 деца.

Југословенскиот Црвен крст на 9 јуни упати до Лигата на друштвата на Црвениот крст (ЛДЦК) во Женева, апел за помош во облека. Според податоците наведени во апелот тогаш во земјата имало: 1.300 девојчиња и 1.000 момчиња од 3 до 6 години; 2.500 девојчиња и 1.500 момчиња од 6 до 12 години и 400 девојчиња и 300 момчиња од 12 до 16 години.

## ПОД ГРИЖАТА НА НОФ И АФЖ

Евдокија Фотева е првоборец, директен учесник во единиците на ДАГ, партиски работник, кој што во драматичните години, на крајот од Граѓанската војна, со сите сили учествува во спасувањето на децата од сигурна смрт. Нејзиното автентично сведочење, колку што е драматично, исто толку е и пофалба за немерливото херојство на македонската жена: и мајка и сестра од Егејска Македонија, кои придонесувајќи максимално на бојното поле, исто толку посакаа нивниот корен, нивната лоза да се продолжи во иднината, со тоа што ги пуштија децата, да отпатуваат надвор од своите родни татковски огништа. Тоа откорнување од градите и полите е уште една возвишена храброст и херојство на жената од Егејска Македонија. Вера Фотева го сведочи следното:

- Ниедна војна не ги поштедува дури ни животите на најневините – децата. Така беше во Граѓанската војна во Грција од 1945 до 1949 година.

Граѓанската војна во Грција ни ја наметнаа довчерашните сојузници со англиската интервенција во Атина на 4 декември 1944 година, а во 1947 година поитаа американските империјалисти да ја “заштитат Грција од сопствениот народ”.

Уште од почетокот на Граѓанската војна во Грција македонското население се најде во првите борбени редови. Негов организатор и водач беше Народоослободителниот фронт (НОФ) на Егејска Македонија што се формира на 23 април 1945 година. Составни делови на НОФ беа и организациите НОМС и АФЖ.

И во Граѓанската војна во Грција, Македонката-борец во НОБГ, скромна, молчелива, но смела и храбра му покажа на непријателот и на целиот свет дека умее и е способна и на бојното и на политичкото поле да се бори за својот физички опстанок. Таа веќе го имаше искуството на Илинден и НОБГ, особено охрабрена од успесите што ги постигнаа жените во Југославија по победата над фашизмот, а посебно од благодетите на Македонката во новосоздадената Народна Република Македонија. Македонките од Егејскиот дел на Македонија се организираа и дејствуваа преку својата организација АФЖ.

Македонката во Грција, која врз својот грб ги почувствува сите неправди, понижувања и малтретирања, на која со драконски мерки и беше забрането да се служи со својот мајчин јазик и повеќепати беше измамувана, првпат во својата фронтовска организација се покажа во нејзината целосна светлина, го манифестираше своите “јас”. Беше решена по секаква цена да го сочува својот национален идентитет. Токму затоа организацијата АФЖ за време на Граѓанската војна на Грција стана моќен фактор на кој сметаше КПГ и ДАГ, а и Привремената демократска влада на Грција.

Во судбоносните денови на 1948 година Македонката, односно АФЖ ја зеде врз себе сета грижа за децата. Секојдневно децата беа изложени на животна опасност од бомбардирањата, и од ѕверствата на монархофашистите. Немаше никакви услови за нивниот живот и школување. Беа изложени и на разни заболувања и гладување. Поради таквите услови Привремената демократска влада, КПГ, НОФ и другите антифашистичко-демократски организации се обратија до слободните социјалистички земји за прифаќање на малолетните деца до 14-годишна возраст. На апелот од ПДВ меѓу првите се одѕваа: Југославија, Романија, Чехословачка, Унгарија, Полска, Бугарија, а подоцна и Источна Германија.

Почна организирано евакуирање на малолетните деца. Со оглед на тоа каде беше жариштето на Граѓанската војна, повеќето деца беа од македонска националност. Тоа беа, главно, деца од Централна, Западна Македонија и Епир, од жариштата на

Беласица, Пајак, Кајмакчалан, Вермио, Сињачко, Вичо и Грамос.

Масовните и многубројните протести, како и апелот од ПДВ до владите на атинскиот режим и до Обединетите нации преку Балканската комисија да се поштеди цивилното население и децата од катадневните бомбардирања на Трумановите авиони, не вродија плод. Повиканите останаа глуви. Единствен спас беше решението на ПДВ за евакуирање на децата. Оправданоста на нејзиното решение се гледа од повеќе настани.

Монархофашистичките влади во Атина една по друга паѓаа под притисок на народот од големите градови Солун и Атина. Монархофашистичката армија секојдневно се "чистеше" од напредните, демократски настроени војници, испраќајќи ги во концентрационите логори во Макрнисо и Ѓура. Поради поразот на боиштата на Вичо и Грамос во 1947-1948 година монархофашистичката армија се нафрли и врз малолените деца. Таа акција ја спроведуваше кралицата Фредерика, која народот ја именуваше со "Фрики-ужас". Божем покажува грижа за децата, кралицата одеше по селата, присилно им ги одземаше децата на мајките за да ги прави "јаничари", беспоштедно употребувајќи ја силата на своите монархофашисти.

Кога монархофашистите отидоа во селото Загоричани – Костурско, присилно да ги соберат децата, Македонките ги скрија своите рожби во фурните, а потоа ноќе ги префрлија на слободната територија. Од бес монархофашистите искасапија 17 жени од околните сила и нивните тела ги фрлија во Ѓолот на Костурското Езеро.

Жените правеа сè само нивните деца да не бидат земени од монархофашистите. Тие беа камшикувани, малтретирани и затворани.

Во органот на ПДЕГ "Махитрија" од 16 ноември 1948 година се наведува случајот на жените од с. Жупаништа – Костурско, кои се здружиле да реагираат за да им се вратат одземените деца од кралицата Фредерика.

Македонката беше затворена поради недозволувањето нејзините деца да ѝ се одземат од Фредерика. Поради тоа и во доцна бременост беше во затвори. Таму голем број новороденчиња дојдоа на свет. Жената стоички ги поднесуваше сите ужаси на војната, но не отстапуваше од националниот идеал.

Гледајќи ја суровоста на Граѓанската војна, сознавајќи што може да доживее детето, што го чека од раката на монархофашистите и американските авиони, мајката единствен спас за својата рожба гледаше во решението на ПДВ, во мерките на антифашистичките и демократски организации и затоа доброволно го даваше своето дете да биде евакуирано во некоја слободна земја, бидејќи беше уверена оти таму ќе биде безбедно и посреќно во идниот живот. Мајчината болка е безмерна кога се дели од своето дете, но овој пат таа токму од името на животот го избра патот што ѝ го покажа нејзината организација.

Месните НОО во секое село одржуваа собири на кои им се објаснуваше на луѓето за мерките на ПДВ и на сите организации за обезбедување на децата. Списоците на децата кои требаше да се евакуираат ги правеа организациите НОФ и АФЖ. На секои десет деца се одредуваше по една негователка, а на секои 20-25 деца по еден учител или учителка. Се водеше сметка негувателките и учителите да бидат од семејства кои имаа повеќе членови во партизани или од семејства на паднати борци или да бидат воени инвалиди. Со ваквиот став сите едногласно се согласуваа. Избраните другарки и другари земаа обврска дека ќе ја оправдаат довербата на родителите и на организацијата и дека родителски ќе се грижат за децата. Имаше и вакви случаи: кога лично ѝ предложив на Малина Ралева од с. Д’мбени, која имаше 4 малолетни деца што требаше да се евакуираат и таа да замине со нив, таа ми одговори: “Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доберба во избраните другарки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата”.

Кога реонската секретарка на АФЖ Александра Пановска во с. Желево – Леринско го заврши сместувањето на децата по куќите да ноќеваат за одморени идниот ден да го продолжат патот за одредениот пункт, пристигна командирот Јани Лукров, од с. В'мбел – Костурско. И се обрати на Александра со прашањето: "Во која куќа е сместено моето дете Пандо? Дај да го видам бидејќи веднаш се враќам во единицата". Заедно ги обиколија сите куќи во кои беа сместени децата. На повикот: "Панде! Панде!" никој не се одѕва, бидејќи изморените деца беа заспани, брзо се најдоа во длабок сон. Храбриот командир не се виде за полседен пат со својот син, бидејќи набрзо загина храбро за слободата на својот народ.

Вакви и слични примери има многу. Секое дете и секој родител си има своја потресна историја од тој период.

Акцијата за испраќање на децата во социјалистичките републики се спроведуваше доброволно и организирано. За секоја држава имаше одредено по еден другар или другарка од НОФ и од АФЖ, кои се грижеа за децата. Тие имаа врска со Централниот одбор на НОФ и на АФЖ. А одговорен за сите деца во сите народни републики од страна на НОФ беше одреден другарот Доне Сикавица. За грчките деца беа одредени грчки другари. Одговорните за македонските и за грчките деца соработуваа меѓу себе.

Мајките беа среќни што нивните деца живеат во народните републики, далеку од ужасите на суровата војна, тие бараа само едно: нивните деца да продолжат да живеат и да се школуваат до конечното ослободување.

Исто така, се пишуваа писма од децата до родителите. И тоа одеше организирано – преку АФЖ.

Во еден фрагмент од дневникот на една жена член на АФЖ што е објавен во "Нова Македонија" од септември 1948 година, меѓу другото, е запишано: "Денеска сите се насолзивме. Бевме трогнати како никогаш. Седевме во сенката под една топола. Некои од нас уште спиеја. Се стемнуваше и ќе тргнувавме на работа (тогаш се работеше ноќе – з.н.). И... еве ја другарката

Цвета од АФЖ. Само што дојде, ние се радувавме. Кога е со нас, не знам зошто не се плашиме ни од топ.

Овој пат ни донесе писма од нашите деца, коишто се наоѓаа во народните републики. Ги читаме писмата, а рацете ни се тресат. Срцето ни чукаше силно, но нашите ластари беа далеку. Што убаво ќе беше да ги бацевме малу!

Но тука идат аероплани. Артилеријата фрла гранати по нашите села, колку е убаво што нашата влада ги испрати таму нашите деца, за да се спасат.

Сега ни се наполнаа очите со солзи. Ни пишуваат дека живеат добро. "Само за вас мислиме, ни велат, вашите мајки, војната…"

Кутрите. Кога ќе си ги видиме пак?

Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво... Но за да се стори тоа ќе треба да го победиме фашизмот. А за да го победиме поскоро сите треба да се бориме, и ние во укреплениіата се бориме.

7.IX. Синоќа направивме повеќе три (3) бункери.

Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи".

Ете, така тогаш во тие тешки и судбоносни денови мислеше Македонката-жена, Македонката-мајка-борец. Таа, раководена од својата организација – АФЖ, му покажа на светот дека е редок воспитувач и учител. Македонката беше воодушевена од првиот македонски буквар, од создадената Народна Република Македонија во составот на југословенската заедница, во која слободно се зборува на својот македонски, мајчин јазик.

Македонката од Егејскиот дел на Македонија, која не знаеше да чита и пишува на македонски јазик, стана примерна воспитувачка на евакуираните деца. Умееше на непосреден начин, ненаметливо, тивко, во дотогаш непознати земји за неа,

упорно и жилаво да бдее денонoќно над детските животи. Се грижеше и ги воспитуваше децата во народните републики, велејќи им: “Учете, дечиња мили. Вие сте Македончиња. Треба да учите, да станете лекари, инженери, професори... кога ќе се вратиме во Македонија, да бидете примерни, да ја градиме нашата опустошена Македонија. Нам, грчките реакционерни режими не ни даваа да учиме ниту на грчки јазик”.

Тоа чувство им беше всадувано на евакуираните деца. Тие, покрај јазикот на земјата домаќин, го изучуваа и својот македонски јазик. Напоредно го изучуваа и грчкиот јазик.

Културниот живот кај децата што беа евакуирани во други земји беше на потребното ниво. Се изучуваа и се пееја македонски песни, се прикажуваа скечови... Учебниците и учебните помагала како и лектирата, на децата им беше обезбедена од Народна Република Македонија и од издавачкиот одбор на НОФ.

Првите курсеви за македонски учители беа одржани на слободната територија во Преспа, па во НР Македонија и во НР Романија.

Во 1948 година ги посетив детските домови во Бела Црква и во Вршац. Нашите деца, од Егејска Македонија и од Грција, во овие домови ги имаа неопходните услови за нормално живеење и воспитување.

Во март 1949 година ПДВГ донесе решение една петочлена комисија на мајки да ги посети детските домови во кои беа сместени нашите деца. Во комисијата три жени беа од организацијата АФЖ и тоа: Донка Калкова – секретарка на АФЖ од с. Д’мбени и член на Реонскиот одбор, Софија Чулева од с. Загоричани – Костурско и Софија Данова од с. Ошчима – Леринско, исто така членки на АФЖ. Другите две жени беа мајки од грчката народност, членови на ПДВГ.

Тогашниот министер за школство на ПДВГ, професорот Петрос Кокалис, со едно отворено писмо им заблагодари на земјите во

кои беа згрижени македонските и грчки деца. Меѓу другото, во тоа писмо од 19 јуни 1949 година се вели:

"Нашите деца живеат среќно во народните републики. Со беспрекорно почитување на правата на секого за мајчиниот јазик, на националното чувство и на народните обичаи, покрај грчки училишта, работат и славомакедонски. Но независно што училиштата беа поделени, нашите деца живеат заедно, го јакнат единството како што нивните татковци и повозрасни браќа го остваруваат во оружената борба".

Оваа изјава Петрос Кокалис ја даде по  повод изјавите на Тереза Мороз, претставник на Научната и образовната програма на Обединетите нации, која на 25 март 1949 година ја пренесоа радиостаниците.

Весникот "Уол Телеграф" од Њујорк, на 18.XII.1948 година, пишува: "Тука децата умираат на стотици поради немање покрив над главата, поради немање храна и облека. 25.000 деца се без никакво згрижување. Забога, испратете веднаш сè што имате, зашто секој ден што поминува значи и смрт". А колку деца загинаа од бомбардирањата!?

Евакуираните малолетни деца, тогаш згрижени надвор од татковината, сега се академски граѓани, квалификувани стручњаци. Образованието го добија на јазикот од земјата домаќин. Повеќето од нив се вратија во Р. Македонија, а под разни околности прилично се најдоа и во прекуокеанските земји: Канада, Австралија, САД и на други места.

И во оваа прилика треба да им заблагодариме на народите и земјите кои со толку топлина и грижа се понесоа за воспитувањето и дооформувањето на нашите деца од Егејска Македонија и од Грција во зрели и способни стручњаци, добри патриоти. Тие тогаш беа евакуирани за да се спасат од стравотиите на Граѓанската војна на Грција, но по фамозната резолуција на Информбирото во 1948 година се најдоа меѓу чеканот и наковалната. За нив тоа беше втора војна, непозната, од посебен карактер, од која ретко кој неопитен човек можеше да излезе на крај. Сепак, иако малолетни, тие се бореа против

неправдата, против клеветничките напади врз својата таковина, против нападите врз своите организации: НОФ, НОМС иАФЖ.

Не треба никогаш да се заборави придонесот и заслугата на луѓето кои дадоа сè од себе за спасување на децата и за нивно воспитување и образование. Тоа беа стотици членови на НОФ и на АФЖ, мајки и учители и учителки, кои беа деноноќно со нив. Меѓу таквите заслужни луѓе да ги споменеме: Доне Сикавица, Паскал Паскалевски, Ристо Поптрајанов, Олга Попова, Алексо Дуковски и многу други.

Денес, по 55 година од напуштањето на родните домови и родниот крај, децата евакуирани и протерани од Егејска Македонија и од Грција, се собирале од целиот свет на свои собири. Од овие собири на тие деца, сега стручњаци од сите профили, научници и уметници од секаков ранг, па и академици, нека чуе светот и владата на Грција дека постоиме и не има насекаде низ светот, дека сме чесни граѓани, дека сме за мир и соработка меѓу државите и народите, дека не треба да се дозволи и други деца да ја доживеат судбината на децата од Егејска Македонија и од Грција. Нека се знае дека тие некогашни деца и ние борците од НОБГ и од Граѓанската војна во Грција сакаме да го посетиме својот разурнат дом, домот во кој сме се родиле, дека сакаме да им подигнеме достоен споменик на своите родители паднати за правда и национална слобода, дека сакаме да положиме свежно цвеќе на гробовите од нашите најблиски... Каква иронија на времето! Тогаш, пред 55 години, атинската влада бараше да се вратат децата, а сега не им се дозволува на тие тогашни деца да живеат во родниот крај, ниту него да го видат...

Ете, така сведочи Е. Фотева-Вера, упатувајќи аманет до потомствата.

## СВЕДОШТВА ЗА ОТКОРНУВАЊЕТО

Лена Сулевска од село Горно Котори, Леринска околија, во 1948 година, ја даде следната изјава:

- Со уште две жени и 40 деца, на 26 март 1948 година, го напуштивме селото по упадот на владините трупи кои однесоа 13 деца чии родители беа во единиците на ДАГ, додека останатите деца со жените се криевме. Селото исто така, го бомбардираа. По снег и зима се движевме ноќе, а се криевме дење.

Кај селото Трново група од два владини авиони пукаше врз нас, но за среќа, никој не беше повреден. Ние се приклучивме на групата од околу 400 деца кои ги водеа неколку жени. Тие беа од околината на Костур и жените ни кажуваа дека групата повеќе пати ја напаѓале владини авиони, при што загинале четири деца. Кај селото Маврохори ни се приклучија нови бегалци: жени и деца од четири села (Долно Котори, Лагем, Турија и Трен).

Лена Сулевска уште додава:

- Тогаш веќе се собравме околу 20 жени и 500 деца. Тргнавме кон север одејќи само ноќе. Во текот на целиот пат носевме по три деца секоја и тоа две на рацете и едно на грбот. Од селото Кономлади не следеше силен снег и виулица. Им ги масиравме нозете на децата за да не замрзнат. Кога стигнавме во селото Штрково (Плати) да се одмориме, одненадеж селото го нападнаа авиони и тогаш со сите деца и останатото население побегнавме во планината, каде што го поминавме целиот ден. Децата плачеа од страв и студ, па моравме да запалиме оган. Но, тогаш повторно наидоа авиони и ние ја фрливме облеката, а децата камења за да го изгаснеме огнот.

Потоа, оган не смеевме да запалиме. Тој ден ни беше најтажен. Кога падна ноќ, тргнавме понатаму и за два дена стигнавме во селото Герман (Агиос Германос). Следната ноќ ја преминавме југословенската граница, а тоа не го знаевме. Кога се раздени, наидовме на жени од Југословенскиот Црвен крст. Кога не видоа онака јадни и боси, тие почнаа да плачат и не поведоа кон Битола. Не донесоа во Црвениот крст, и тука на децата им дадоа млеко, мармалад и други јадења.

Тешкотиите при патувањето по студено време оставија видливи траги на децата. И по доаѓањето во Битола, нашите деца силно плачеа, исто како и во текот на целиот пат. Поголемиот број од нив повраќаше, на нас жените од носење ни отекоа рацете и вратот, и рамената и имавме темни модрици по грбот и градите. Децата беа вошливи и валкани, затоа што не беа измиени цел пат, а патот беше долг преку 100 километри и траеше 8 дена. Очите им беа крвави, а од облека имаа само искинати работи.

Елена Ефтова од селото Турје, исто така, од околија Лерин, која побегнала од селото со 114 деца сведочи:

- Монархофашистите со топови го бомбадираа селото. Целосно уништија 6 куќи, а 34 куќи потполно изгореа. Тогаш упаднаа во селото, го ограбија и притоа отераа 500 овци, а ние сето тоа го гледавме скриени во планината. Наши борци немаше, а бесот монархофашистите го истурија тепајќи неколку затекнати граѓани во селото. При бомбардирањето на селото едно дете по име Лефтерија Донева, стара 10 години беше погодена во градите и ранета во стомакот. Така тешко ранета, ја ставија во подрумот на куќата, додека траеше бомбардирањето. По бомбардирањето го земавме децојчето од селото, но тоа во планината ни умре во страшни маки, и кај селото Рула ја погребавме. Мајката на ова девојченце исто така, избега со нас, но подоцна се изгубивме и не знам каде е сега. По пат, ние жените носевме секоја по 2-3 деца.

Василка Делова од Лаген побегнала со уште две жени и една девојка, водејќи 71 дете. Таа се сеќава:

-Додека траеја нападите на владините трупи, се криевме во рововите ископани надвор од селото. Во селото доаѓавме ноќе, по храна. Кај селото Кономлади се приклучивме на втората голема група, со која побегнавме во Југославија. И по пет месеци децата иако се сместени во дом не можат да се ослободат од стравот доживеан при нападот на селото и тешкотиите и маките при повлекувањето, односно бегството од воениот пекол.

Јордана Јанчова, од село Трсје, кај Лерин, додава:

- По загинувањето на маж ми, останав сама со петте деца. Постојано бев прогонувана од предавниците на грчкиот народ, бурандарите кои сакаа по секоја цена да ме убијат, како што тоа го направија со маж ми. Кога одлучив да побегнам преку границата, мајките од селото ми ги довериjа и нивните деца за да ги спасам од стравичното бомбардирање на американските, англиските и грчките авион.

# ВТОР ДЕЛ

## ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО ЈУГОСЛАВИЈА

- во НР Македонија -12
- во НР Србија -2
- во АП Војводина -13
- во НР Хрватска -6
- во НР Словенија -8

## ЧЕТИРИЕСЕТ И ЕДНО ПРИФАТИЛИШТЕ И ДОМОВИ

Прифаќањето на децата бегалци од Егејска Македонија во Југославија беше проследено со огромната грижа на народната власт и на Југословенскиот Црвен Крст, во заедница со републичките одбори на оваа хуманитарна организација. Детски домови прифатилишта беа отворени во сите републики, освен во Црна Гора и Босна и Херцеговина. За разлика од прифатилиштата кои работеа кратко време, некои детски домови ја завршија својата работа дури во средината на шеестите години на Дваесеттиот век. Детските домови во републиките беа во надлежност на Централниот одбор на Југословенскиот Црвен крст и на републичките одбори на Црвениот крст, со помош на соодветни министерства.

Во Југославија беа отворени детски домови, домови за ученици во стопанството и прифатилишта за децата бегалци од Егејска Македонија во следните места:

Во НР Македонија вакви домови постоеа во:

| | | |
|---|---|---|
| - Валандово | - Битола | - Струмица |
| -Куманово | - Тетово | - Охрид |
| - Петровец | - Струга | - Ресен |
| - Прилеп | - Велес | - Скопје |

Во НР Србија:

- Белград и

- Боговоѓа

Во АП Војводина, детски домови работеа во следните места:

- Банатско Пламдиште
- Бела Црква
- Гаково
- Булкес
- Вршац
- Ковиљ
- Крушевље
- Нови Сад
- Панчево
- Сајлово
- Стража
-Чурук и
- Шид

Во НР Хрватска детски домови и домови-интернати за деца бегалци ученици во стопанството постоеја во следните места:

- Герово
- Загреб
- Малинска
- Осијек
- Ровињ и
- Цриквеница

Во НР Словенија беа отворени детски домови за децата бегалци од Егејска Македонија во следните места:

- Борл
- Дутовље
- Крањ
- Мекиње
- Окрогло
- Стара Гора
- Шенд Вид и
- Шишка

Колку да се знае: во 1948 година во АП Војводина, Словенија и Хрватска биле отворени 12 детски домови на ЈЦК, во кои се сместени околу 2 илјади деца. Но, од расположливите податоци може да се види дека од 1949 година натаму, во Југославија постоеле и работеле вкупно 41 прифатилиште и детски дом: во НР Македонија – 12, во НР Србија со АП Војводина – 15, во НР Хрватска – 6 и во НР Словенија -8 прифатилишта и детски домови.

# ТРЕТ ДЕЛ

## ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ВО НР СРБИЈА И АП ВОЈВОДИНА

## ОД БЕЛГРАД ДО БЕЛА ЦРКВА

Во НР Србија, како што претходно истакнавме, детски домови, во кои беа прифатени и сместени децата бегалци од Егејска Македонија постоеја и работеа во Белград и Боговоѓа.

Во мај 1952 година дојде до укинување на детскиот дом во Шент Вид кај Пристична во НР Словенија. Таа година во него имало уште 58 младинки и деца, кои подоцна биле прераспределени во други домови и други средини. Така, 13 деца биле упатени во Белград поради репатријација, а 12 деца биле испратени во детските домови во Бела Црква. Во овој дом останале и 33 девојки Гркинки по националност, од 18 до 21 година старост. Тие пред тоа биле прераспоредени во домот во Куманово, па поради неможноста да ги репатрираат со родителите, Југословенскиот Црвен крст продолжи да ги издржува во домовите.

Но, бидејќи доаѓа до рапидно намалување на бројот на децата бегалци од Егејска Македонија во детските домови во НР Хрватска и НР Словенија, а и поради нивната возраст, било решено истите да бидат отпуштени од домот и да си побараат вработување за понатамошна егзистенција. И овој пат хуманоста дошла до израз и на истите им било овозможено да се вработат во земјоделскиот комбинат во Подленика и Шент Јури, во НР Словенија. Меѓутоа, тие не искажале поголема желба за работа и по три месеци побарале нова помош од Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија. Однесувајќи се хумано кон овие штитенички истите биле прифатени во Белград, на почетокот на август 1952 година и сместени во првиот дом на учениците во стопанството. Но, овие штитенички и при престојот и згрижувањето во Белград, одбиле да работат било што, а за нивното издржување Југословенскиот Црвен крст плаќал месечно по 4.000 тогашни динари за секоја девојка. Сепак, за нив била организиран посебен курс за кроење

и шиење во шивачката работилница на Градскиот одбор на Црвениот крст на Белград. Курсот траел 6 месеци (од 1 октомври 1952 до 1 април 1953 година) и истиот го завршиле 30 девојки додека останатите 3 во меѓувреме биле репатрирани кај своите родители во Грција. Централниот одбор на Југословенскиот Црвен крст на свој трошок ги испратил овие девојки на 15-дневен одмор во Макарска.

Во септември 1953 година уште 9 младинки од детските домови во Бела Црква биле испратени на работа во земјоделскиот комбинат "Глогонски рид", каде што останале до 21 декември истата година. Тие го напуштиле комбинатот и се вратиле пак во Бела Црква, каде што повторно биле примени во детските домови. Останатите девојки што дошле од Шент Вид и од Подленика и Шент Јури, во Белград и каде завршиле курс за кроење и шиење, во големиот земјоделски комбинат "Глогонски рид" останале до почетокот на ноември 1953 година. Бидејќи немало повеќе сезонска работа, тие останале без работа и добивале материјална помош. Наоѓајќи се во таква ситуација, тие се обратиле до Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија, со молба и понатаму да продолжат да добиваат помош, за што на дирекцијата на комбинатот "Глогонски рид" им биле уплатени средства за издржуваше на овие девојки. Ова важело до 7 јануари 1954 година, по што им било укажано дека треба повторно да си бараат работа...

Домот во кој беа згрижени деца, младинци и младинки бегалци од Егејска Македонија во манастирот Боговоѓа, почна со работа на 14 ноември 1949 година. Истиот бил сместен во манастирот и е оддалечен околу 30 километри од Ваљево. Во него биле сместени 136 деца, младинци и младинки бегалци, од кои 56 биле од женски и 75 од машки пол под 14 години, една младинка над 14 години и 4 младинци, што дошле од домовите во Скопје. Тоа се оние штитеници што во време од 14 до 21 септември 1949 година беа донесени во Скопје од детските домовите во НР Хрватска и НР Словенија. Сите биле од грчка националност.

Всушност, тие пред да престојуваат во Скопје беа згрижени во Белград, но поради пројавата на одделни негативности и барања

да бидат упатени во Чехословачка, истите се донесени во домот во Боговоѓа. По искажаното незадоволство, штитениците во овој дом се смириле, но не отстапиле од своето барање за заминување во Чехословачка, каде што наводно отишле сите Грци што дотогаш живееле во населбата Булкес.

Во декември 1949 година бројот на децата и штитениците во овој дом се зголемил, со тоа што се донесени нови 38 деца на возраст од 7 до 14 години и 8 жени од грчка националност, што дотогаш биле згрижени во детскиот дом во Дутовље, во НР Словенија. Со новодојдените бројот на згрижените деца бегалци во Боговоѓа на крајот од декември 1949 година се зголемил и изнесува 173 деца и младинци и 8 жени Гркинки по националност. Од домот 2 деца од женски пол биле упатени во прифатилиштето во Куманово.

Меѓутоа, условите во манастирскиот комплекс во Боговоѓа не можеле во целост да одговорат на барањата, па затоа е решено истиот да биде затворен. За ова, претходно била направена посета на истакнати службеници од Црвениот крст на Југославија, по што е донесена одлука за негово затворање, а штитениците се преместени во други домови.

Детскиот дом во Боговоѓа престанал со работа на почетокот на март 1950 година, а децата бегалци се префрлени во новоотворениот детски дом во Ковиљ, АП Војводина. Според нецелосни податоци за издружувањето на детскиот дом во Боговоѓа, Југословенскиот Црвен крст потрошил 1.877.810 тогашни динари.

Што се однесува до детскиот дом во Ковељ кој е оддалечен 20-тина километри од Нови Сад почнал со работа на почетокот од март 1950 година. Во него веднаш се пренесени 171 дете бегалец и 8 "мајки", кои како што рековме претходно биле сместени во детските домови во НР Словенија. Постоел само три месеци. Со одлука на Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија домот е затворен на 6 јуни 1950 година, а згрижените деца биле пренесени во детскиот дом во Шент Вид кај Пристична, во НР Словенија.

На пристигнатите деца бегалци во Боговоѓа, по налог на Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија веднаш им биле поделени 107 машки зимски одела, 62 женски зимски одела, 107 кратки панталони и др. Истите биле изработени во кројачко-шивачката работилница што постоела и работела во рамките на Централната управа на детските домови во Бела Црква. На овие деца исто така, им биле поделени и други работи што биле изработени во истата работилница на Црвениот крст во Белград.

Бидејќи згрижените деца бегалци во домот во Боговоѓа беа од грчка националност, Црвениот крст постави двајца Грци за воспитувачи и учители, со барање, веднаш да се почне со настава на грчки јазик. Но, и ова барање за учење на мајчин грчки јазик овие грчки по националност деца бегалци категорично го одбиле, со ултимативно барање да ја напуштат Југославија. Така, на 20 мај од овој дом преместени се 18 штитеници во детскиот дом во Чуруг, 3 во Стари Бечеј и 7 штитеници се испратени во Панчево, да изучуваат занает.

На 1 октомври 1949 година во Шид е отворено прифатилиште за бегалците од Егејска Македонија. Прифатилиштето било сместено во една просторија, каде што намало добри услови за живеење. Во ова прифатилиште биле сместувани бегалци и оние коишто не можеле да бидат вработени, а не сакале да одат во Гаково или Крушевље.

Според некои податоци, во октомври 1949 година, во прифатилиштето во Шид биле згрижени 118 бегалци, од кои имало и деца од 3 месеци до 14 години старост, момчиња, девојки, жени, стари луѓе и поранешни борци на ДАГ. Во прифатилиштето во средината на октомври 1949 година биле прифатени уште 20 жени Гркинки по националност што ја напуштиле Бела Црква, а кои престојувале уште на неколку места и во прифатилишта за бегалци. И тие во средината на декември 1949 година под притисок на информбировската пропаганда испратиле барање до Југословенскиот Црвен крст во кое откога изрекле критики, барале да бидат пуштени во некоја од источноевропските земји. Збор станува за барање што во името на 102 прифатени бегалци, го потпишале пред 5 грчки

жени по што уследила и посета на делегација од Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија, на крајот на декември 1949 година. Делегацијата била составена од д-р Олга Милошевиќ, генерален секретар и Милица Дедиер шеф на социјалното одделение при Југословенскиот Црвен крст. И покрај убедувањата дека треба да останат во Југославија каде што им се пружаат добри услови за живот и развој сепак тие неотстапувале од своето барање, кое најпосле било прифатено за нивно иселување, под еден услов, доколку унгарските погранични власти го дозволат тоа. По ова биле преземени мерки прифатилиштето во Шид да се укине, поради недостиг на добри услови за живеење, а штитениците да се преместат во новото прифатилиште во Чуруг, кај Нови Сад.

Во Чуруг вкупниот број на прифатени бегалци изнесувал 193 лица од кои 168 возрасни, а 25 биле деца. Условите за живеење биле значително подобри од прифатилиштето во Шид. Овие штитеници во прифатилиштето во Шид барале да бидат испратени во Чехословачка или Унгарија и со тоа барање продолжиле и во Чуруг. Поради ова, прифатилиштето, а подоцна дом во Чуруг, на 25 јануари 1950 година го посетила д-р Олга Милошевиќ, генерален секретар на Црвениот крст на Југославија, при што се обидела на згрижените да им ја објасни состојбата во која се наоѓаат, но и да им укаже од последиците на информбировската пропаганда. Меѓутоа, згрижените тоа не го прифатиле и продолжиле со предизвикување на немири. Оваа состојба траела до јули 1950 година, кога унгарските власти прифатиле да ги примат грчките бегалци од Чуруг. За таа цел биле изработени списоци и сите подготовки за нивно заминување, што се случило на 7 јули 1950 година, а на 8 јули во раните утрински часови тие веќе пристигнале во Будимпешта.

Но, со групата сместена во Чуруг не заминале двајца Грци (еден работник и еден правник) кои се изјасниле и побарале да останат да живеат во Југославија. Со овој транспорт не отишле ни 18 деца што дошле од Ковиљ, како и 3 деца што дошле од Стар Бечеј во Чуруг. Исто така, не се заминале за Унгарија уште 7 лица помлади од 17 години... Бројот на луѓето што останале во Чуруг изнесува 29 бегалци и најголем број од нив

имале еден или двајца родители што престојувале во Чехословачка. На тие што останале им било објаснето дека ќе може да отпатуваат од Југославија само и доколку ги бараат нивните родители.

Меѓутоа, грчкиот “Комитет за помош на децата” – ЕВОП што веќе постоеше и работеше две години во Булкес, а подоцна во Будимпешта, продолжи и понатаму да го бара испорачувањето на сите деца бегалци од Југославија во Унгарија. И покрај силната пропаганда и политичкиот притисок што во тоа време го вршеа источноевропските земји и нивните комунистички партии, сепак, Црвениот крст на Југославија не ги испорача децата бегалци од Егејска Македонија, а овој став го поткрепуваше со веќе донесените две резолуции од страна на Генералното собрание на Обединетите нации (првата на 27 ноември 1948 година и втората изгласана на 18 ноември 1949 година).

Бидејќи условите за сместување и живеење во Чуруг беа на потребното ниво, тоа беше решено прифатилиштето да прерасне во детски дом. Оваа одлука е реализирана на 8 јули 1950 година, кога е извршено преуредување на просторот и подобрување на другите услови за работа на еден детски дом.

Детдкиот дом во Чуруг свечено е отворен на 1 август 1950 година, при што на 22 август истата година, се донесени 35 деца и 3 жени Гркинки од прифатилиштето во Куманово. Во ова време, во овој дом биле згрижени 64 деца бегалци и 4 жени бегалки. Работата на домот била финансирана од страна на Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија.

Но, и овој дом работел кратко време, односно само 3 месеци и е затворен на 9 ноември 1950 година. Згрижените деца бегалци, младинци, младинки и жени се преместени во детскиот дом во Сајлово, кај Нови Сад, што бил отворен истиот ден. Во овој дом дошле 64 деца и младинци и 4 жени Гркинки по националност од детскиот дом во Чуруг. Условите во домот биле повеќе од добри, а тоа се однесува и на исхраната на згрижените бидејќи прехрамбени производи испраќал Централниот одбор на Црвениот крст од Белград, а прехрамбени и текстилни

производи на домот му давал и Меѓународниот детски фонд – УНИЦЕФ. Слободно може да се каже дека згрижените деца бегалци ги уживале сите благодети на еден добро организиран и снабден детски дом, а во 1951 година неколку штитеницци биле репатрирани. На крајот од март 1951 година од домот во Сајлово во детскиот дом во Шент Вид, во НР Словенија, биле испратени 31 штитеничка, и обратно од тој детскиот дом во домот во Сајлово дошле 52 штитеници со грчки учител и 3 жени Гркинки.

Во домот во Сајлово на почетокот на април 1951 година имало 72 штитеника, 1 учител и 5 жени бегалки, или вкупно 78 лица, а нив ги опслужувале 9 вработени.

Интересно е да се напомене дека овој дом на 1 февруари 1951 година го посетила американската новинарка Сара Годвел, која сакала по разговорот со штитениците да се огласи во американскиот печат. Но, во тоа не успеала бидејќи штитениците не сакале да одговараат на нејзините прашања ниту пак, да бидат фотографирани, а за возврат тие жестоко ја нападнале обвинувајќе ја дека за нивната судбина како бегалци се виновни американските и англиските напади на нивните родни огништа во Егејска Македонија.

Но, и овде се повторила истата слика, веќе видена во некои домови во НР Хрватска и НР Словенија. Меѓу згрижените избила побуна, со неодложно барање да бидат испратени во тогашна Чехословачка. За ова свое барање, тие му напишале писмо и на југословенскиот претседател Јосип Броз Тито.

До средината на јуни 1951 година се случиле повеќе репатријации и преместувања на одделни штитеници во домовите во Бела Црква и Шент Вид. Исто така, 17 штитеници биле испратени на учење занает и сместени во соодветни интернати за ученици во стопанството во Вршац, Качарево и Зрењанин, потоа во Бачка Паланка, Ковиљ, Сомбор, Врбас, Апатин и Кула, како и во Шид и Сремска Митровица.

Треба да се истакне дека со престанувањето со работа на детските домови во НР Хрватска и НР Словенија,

преостанатите деца бегалци и штитеници се пресместени и сместени во детските домови во Бела Црква, а во април 1952 година, 26 штитеници биле прифатени и во домот во Сајлово.

Домот во Сајлово престанал со работа на 22 октомври 1952 година, за што одлука донел Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија. По престанувањето со работа, 14 штитеници биле прифатени во детските домови во Бела Црква, а 39 штитеници биле сместени во домот з ученици во стопанството, во Нови Сад. Истите биле упатени на школување и изучување на занает, во тамошните индустриски претпријатија и следење на стручни училишта.

Поради потреба од изучување занает, во средината на март 1949 година, во Нови Сад дошле 50 младинци што дотогаш престојувале во домот во Цриквеница, НР Хрватска. Етничкиот состав на групата бил следен: 22 биле Македонци, а 28 Грци по националност. Во овој град тие биле сместени во интернат, а занаетот почнале да го изучуваат во три новосадски фабрики: за машинобравари, стругари, електричари и др.

Животот во домот и престојот на младинците во фабриките течел нормално и организирано се до август 1949 година, кога меѓу младинците се појавило барање да ја напуштат Југославија. И покрај убедувањата на Милица Дедиер, тогашен шеф на социјалното одделение при Југословенскиот Црвен крст, сепак до целосно смирување не дошло. Младинците на 7 септември 1949 година, под раководство на својот учител Јанис Панагурис избегале од Нови Сад и им се приклучиле на луѓето што од Булкес тргнале за Унгарија. Тие, од таму го продолжиле својот пат до Чехословачка.

И покрај овој настан, сепак во Нови Сад продолжиле да пристигнуваат нови бегалци-штитеници, односно младинци за изучување на занаети. Така, по затворањето на домот во Сајлово, што се случило при крајот на октомври 1952 година, 32 младинци дошле во Нови Сад и го продолжиле своето школување за повеќе занаети. Од нив, 8 ученици учеле за елетричари, 14 за машинобравари, 16 ученици автомеханичари и еден за кројач.

Грижата и финансирањето на овие младинци и понатаму го вршел Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија (обезбедувајќи го сместувањето и облеката, а дел од исхраната се вршела во самите претпријатија каде младинците учеле). Од почетокот на 1953 година за издржувањето на секој ученик во стопанството, Црвениот крст на Југославија, на домот во Нови Сад му плаќал по 3.400 динари месечно. Исто така, на почетокот на јули 1953 година, 24 ученици во стопанството биле испратени на одмор и закрепнување во Макарска.

Интересно е да се спомене дека во 1953 година, 11 ученици си заминале во Грција, а 3 ученици поради недисциплина биле исклучени на предлог на колективот на учениците од домот во овој град.

Во домот во Нови Сад во 1954 година престојувале 22 ученици, некои си заминале кај своите родители во источноевропските земји, а 17 од нив, во јуни 1955 година, ги положиле испитите и се стекнале со диплома за завршен занает.

Како и во Нови Сад, така и во Панчево, на 20 мај 1950 година, се испратени 6 младинци кои го продолжиле своето образование, учејќи занает. Тие дотогаш биле сместени во детскиот дом во Ковиљ, а пред тоа некои од нив престојувале во детските домови и прифатилишта во Малинска на островот Крк, Цриквеница, Скопје, Боговаѓа и Ковиљ. Најголем број од нив не знаеле каде им се родителите, така еден во октомври 1950 година отишол во НР Словенија, еден во Чуфуг, а еден во Домот за ученици во стопанството во Качарево кај Панчево.

Домот во Вршац, всушност, бил детско одморалиште сместено надвор од градот и во него на почетокот од април 1948 година е отворен детски дом за децата бегалци од Егејска Македонија. Најпрво, тука биле сместени 49 деца бегалци, а во средината на истиот месец дошле упте 16 деца. Вкупниот број на прифатените и згрижени деца бегалци бил 65, од кои 32 машки и 33 женски деца. Сите деца биле Македонци како и персоналот што заедно со нив пребегал пред монархофашистичкиот грчки терор.

И овој дом постоел само 6 месеци, а е укинат на крајот од септември 1948 година. Децата од предучилишна возраст од овој дом на крајот од јули 1948 година, биле испратени и сместени во детските домови во НР Словенија.

Од извештајот што го поднесол Бора Гичков до Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија, меѓу останатото е забележано и ова: “Во домот децата се чисти, убаво облечени, а и во тежината напредувале. Се чувствува влијанието на воспитната работа. Организацијата на работата е добро спроведена се изведува според куќниот ред. Најмногу се залагаат и за децата се грижат двајца луѓе, кои редовно ги обиколуваат децата, се грижат за нивната исхрана, облекувањето, здравјето. Една младинка, хигиеничарка, ја извршува и обврската на воспитувачка. Меѓу персоналот владее другарство, а децата се здрави и весели...”. По укинувањето на домот во Вршац и децата бегалци и персоналот, се прерасподелени во детските домови во Бела Црква, а објектот којшто дотогаш бил детско летувалиште, ѝ е вратен на општината.

Во три згради во Банатско Пландиште, бил отворен детски дом, во кои од почетокот на април 1948 година се сместени 154 деца, а во мај уште 47 деца бегалци. Со децата бегалци дошле и 19 “мајки” и девојки, кои ги придружувале децата бегалци од Егејска Македонија до овој дом. До средината на мај 1948 година, бројот на децата во домот се зголемил на 201, од кои 106 од машки и 95 од женски пол, сите од македонска националност.

Исто така, во домот дошле и 12 жени бегалки заедно со своите деца, односно вкупно 27 од кои 16 машки и 11 од женски пол, и тоа:

Елена Шулевска, 4 деца – Долно Котори
Василка Делова, 1 дете – Лаген
Елена Делова, 1 – Лаген
Марија Шулевска, 6- Горно Котори
Томаија Божинова, 4 – Горно Котори

Митра Миланкова, 2 – Долно Котори
Митра Германчева, 2 – Турје
Ристана Лазарова, 1 – Турје
Парашка Панова, 1 – Турје
Фанија Донева, 1 – Турје
Елена Ефтова, 2 – Турје
Митра Колева, 2 – Турје.

На крајот од јули 1948 година, 24 деца од претшколска возрааст биле испратени во детските домови во НР Словенија.

Управник на домот бил Владимир Веселиновиќ, а по него учителката Добрила Јовановска.

И овој дом постоел само 6 месеци, а престанал со работа на крајот од септември 1948 година. Децата и персоналот биле префрлени во детските домови во Бела Црква.

## ПОСТОЕЊЕТО И РАБОТАТА НА ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ ВО БЕЛА ЦРКВА

Посебно поглавје за прифаќањето и сместувањето на децата бегалци од Егејска Македонија, претставува постоењето и работата на детските домови во Бела Црква, АП Војводина.

Згрижувањето на децата бегалци од Егејска Македонија се реализирало и во селото Стража, меѓу Бела Црква и Вршац. Но, и овој дом работел само 6 месеци, а во него биле сместени 70 деца. Иако зградата во која биле сместени децата бегалци била добра, сепак не одговарала на основната намена, а кога на ова ќе се додаде и фактот дека поради лошите пристапни патишта било отежнато доаѓањето, решено е на крајот од септември 1948 година да се укине овој дом, а децата биле префрлени во детските домови во Бела Црква.

Како што погоре истакнавме во НР Србија, а посебно во АП Војводина беа отворени детски домови во Вршац, Банатско Пландиште, Стража и Бела Црква.

Детскиот дом во Бела Црква во кој беа прифатени децата бегалци од Егејска Македонија пролетта 1948 година, всушност претставува збир на 9 објекти, кои се наоѓаа во центарот на населбата, а еден бил лоциран во близина на реката Нера. Истиот по кратко време е затворен, а децата пренесени во детскиот дом во Бела Црква.

Во една зграда, во 1949 година, почна да работи основното училиште "Лазар Колишевски", во кое наставата се изведуваше на мајчин, македонски јазик, потоа во една зграда беше сместена шивачката и чевларската работилница која работеше во состав на централната управа, во еден објект беше сместена амбулантата, а во неколку објекти биле сместени управата на економијата и свињарството, овоштарството и лозарството, имало повеќе магацински простории, браварска работилница и др. Покрај овие објекти, управата на детскиот дом закупила и други помали простории, а Народниот одбор на околија Вршац и доделила 26 хектари обработливо земјиште на управата на детскиот дом во Бела Црква. Во сите објекти беа сместени децата бегалци од Егејска Македонија.

Во една од зградите беа сместени децата од предучилишта возраст (3-7години), а во останатите три пак, децата бегалци од 7 до 14 години. Објектите во кои тие се сместени, веднаш се преуредени, односно адаптирани, со што се создале добри услови за живот на децата. Редот и хигиената во објектите го одржувале дојдените "мајки", кои во исто време извршувале повеќе работи и активности. Тие работеле без определено работно време, а тоа значи предпладне и попладне и навечер, сè со една единствена цел – откорнатите деца од родните огништа и од родителската грижа, да не се почувствуваат осамени...

Покрај четирите објекти, исто така, една зграда во Бела Црква била определена и опремена за амбуланта.

Првиот бран на деца бегалци што изнесувал 912, веќе пристигнал во април и мај 1948 година во Бела Црква, кадешто се добро прифатени и веднаш сместени во 4 уредени објекти. Грижата за детскиот дом ја водел Црвениот крст на Југославија,

а децата бегалци што пристигнаа и беа сместни тука, се од следните места:

| | |
|---|---|
| Арменско | Мокрени |
| Баница | Неоказ |
| Бапчор | Нивице |
| Боровница | Овчарани |
| Баово | Ошчима |
| Буф | Песочница |
| Габреш | Псодери |
| Герман | Рудари |
| Горно Котори | Роби |
| Долно Котори | Сакулево |
| Д’мбени | Света Недела |
| Желево | Стрниште |
| Желин | Трново |
| Косинец | Трсје |
| Крушоради | Турје |
| Лаген | Чеган |
| Лудово | Чука |
| Медово | Штрково |
| Миколини | Цакони |

На крајот од септември 1948 година беа затворени сите детски домови за децата бегалци во НР Србија и АП Војводина, а сите деца бегалци беа донесени во Бела Црква.

За управник на детскиот дом во Бела Црква избран е учителот Станоје Обренов, на кого му се паднало да изврши најголем број од работотите (адаптација на објектите и градежните работи, организација на работата, остварување на воспитно-образовната активност во училиштата, вработување и др.).

Покрај постоењето на економијата од која се добивале многу земјоделските производи, што се користеле во мензите за исхрана на децата бегалци, на крајот од септември 1948 година, управата на детските домови на Црвениот крст во Бела Црква донела одлука за формирање кројачка работилница. Во неа веднаш биле вработени 10 квалификувани шивачи и шивачки, а

за работоводител бил поставен Трајко Терзиевски, бегалец од Желево.

Во своите записи за работата на детските домови во Бела Црква нивниот тогашен управник Станоје Обренов, во врска со работата на шивачката работилница го има запишано следното: “Во тоа време конфекција немаше, ниту можњше од некаде да се купи. Затоа, отворањето на оваа работилница беше колку економично, толку и неопходно. Благодарејќи на Трајко Терзиевски, којшто скрои многу стотини капути, мантили и одела и негоите вредни соработници, сите шивачи и шивачки на оваа работилница за релативно кратко време, сите штитеници и штитенички на Црвениот крст во детските домови во Бела Црква можеа да бидат многу убаво облечени и снабдени со алишта и останати работи, а домовите со постелнина, убави пердиња, чаршави и др. Тука се шиеја и народни одела со егејски крој за потребите на детските фолклорни групи, како и облека за фискултурните и балетски игри”.

Во средината на септември 1948 година е формирана чевларска работилница, која била сместена во истата зграда во која се наоѓала и шивачката работилница. Во неа се изработувале готови обувки за децата бегалци, но најмногу таа служела за поправка на истите. Тука се изработувале и колани за пантолони, опинци за потребите на детската фолклорна група и др.

Покрај двете работилници, исто така, а во состав на детските домови била формирана и столарска работилница, каде што се поправале или изработувале нови клупи, столчиња, поправка на врати и прозорци и др.

Исто така, а за потребите на детските домови формирана е и земјоделска економија. За оваа цел, Народниот одбор на околија Вршац, на Управата на детскиот дом во Бела Црква му доделил 26 хектари добра, обработлива земј покрај реката Нера, а Народниот одбор на градот пак, и доделил уште 2 и пол хектари лозја и повеќе згради. На земјоделската економија се произведувале повеќе земјоделски производи, во свињарската

фарма се одгледувале околу 100 свињи, а биле вработени постојани и сезонски работници.

## ОДГЛАСИ ВО СВЕТСКИОТ ПЕЧАТ ЗА ПРЕСТОЈОТ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ВО БЕЛА ЦРКВА

Ќе го прекинеме следењето на активностите во домовите во Бела Црква, со една единствена цел, во времето на жестоката информбировска кампања и притисокот што го вршела самата Грција, да и се вратат децата, југословенските власти, на безброј начини се обидувале да го убедат јавното мислење пред сè, во источно-европските земји, дека децата бегалци од Егејска Македонија во Југославија се добро прифатени и дека се добро сместени во детските домови, дека учат и убаво напредуваат на радост на разделените родители. За тоа, најдобро сведочи следниот настан.

По одобрение на Југословенскиот Црвен Крст, на 10 и 11 август 1948 година децата бегалци од Егејска Македонија и детските домови во кои тие беа сместени во Бела Црква, ги посетија Хандлер Маир, дописник на весникот "Њујорк тајмс", Омер Бигарт, дописник на весникот "Њујорк Хералд Трибјун", Озгорд Карутерст, дописник на новинската агенција АП Интернационал како и дописниците на Асошијатед Прес Дејли Воркер и некои други весници.

Новинарите – дописници објавија текстови за својата посета на децата бегалци и за детските домови во Бела Црква.

Во весникот "Њујорк Тајмс" од недела 11 април 1948 година, е објавен текст под наслов "Грчките девојки го демантираат извештајот за крадење на децата" со поднаслов "Групата од Македонија вели дека побегнале во Југославија поради воздушните напади".

Специјално за "Њујорк Тајмс" од Бела Црква, Југославија, 8 април:

Девојките од грчка Македонија кои стигнале во Југославија на 4 април со група од 240 деца, го раскажаа денес нивниот марш

низ планините до границата. Тие демантираа дека биле киднапирани од страна на грчките партизани и дека се истерани од својата земја, туку дека побегнале од воздушните напади.

Двајца американски и еден британски дописник со дозвола на југословенската влада, отидоа со автомобил до Бела Црква, село во Банат, каде Југословенскиот Црвен крст привремено сместил неколку групи деца од грчка Македонија. Групата која што овие дописници ја посетиле е еден дел од 5.000 деца од грчка Македонија за која е јавено дека ја поминала југословенската граница на почетокот на овој месец.

Поради состојбата на патиштата и заради кусото време одредено за посета, дописниците виделе само една група од 240 деца сместени во една обновена зграда која порано била употребувана за детско забавиште. Една друга група од 290 деца сместена е околу 3 милји од Бела Црква. Тоа се деца меѓу 3 и 17 години. Повеќемина имаат 5 до 7 години. Една мала група девојки од 13 до 17 години ги оставиле своите родители во југословенска Македонија и дошла да се грижи за најмладите.

Во продолжение на текстот уште е истакнато:

**ЈУГОСЛОВЕНИТЕ ЈА ОБЛЕКОА ОВАА ГРУПА**

Југословенскиот Црвен Крст ја облече оваа група. Секое дете има пар солидни нови чевли, иако некои чевли се доста големи. Фустаните, панталоните, пуловерите и марамите за глава се нови или во добра состојба. Децата се прилично слаби и со добро однесување.

Постарите девојки се посилни и повесели. Им поставувавме прашања преку нивниот 60-годишен грчки селанец – водич Георгијадис Димитриос со посредство на преведувач.

Југословенските власти ни ставија на располагање едно лице кое зборува англиски. Тој се обрати на еден југословенски Македонец кој му ги преведуваше прашањата на грчки на

Димитријадес и на девојките. Одговорите беа преведувани на српско-хрватски па на англиски.

Според кажувањата на Димитријадис (Никола Георгијадес, учител), и на девојките ова е нивната историја:

Целата оваа група доаѓа од селата Тригоно, Андартико, Агиос, Германос, Лемос, Псодери и од околината на Лерин. Некои од овие села биле окупирани од страна на грчките владини трупи. Денонокното бомбардирање некои села ги срамниле со земја, а некои ги разорало.

Еден дел од населението побегнало во планина. Пред да побегнат им ги довериле своите деца на другите старешини на семејството. Некои деца биле предадени на лицата кои доаѓале кон границата. Оваа група дошла под водство на Димитријадис, селанец кој има своја сопствена земја.

Децата одеа ноќе од село до село низ планините за да ги избегнат воздушните операции. Месното население на одредени села ги хранеше, но децата поминуваа и низ некои села во кои немало население.

Маршот до границата траел 8 дена. Групата ја преминала границата кај Прилеп (а треба да стои Битола) каде што ги собрале југословенските стражи и ги однеле до најблиското село каде Југословенскиот Црвен крст ја презел грижата за нив. Родителите кои ги следеле децата, останале во југословенска Македонија, додека децата со воз се донесени до Бела Црква.

Девојките од грчка Македонија изјавија дека се задоволни од постапката на Југословенскиот Црвен крст и изгледа дека се задоволни што се надвор од воената зона. Тие изјавија дека воздушните бомбардирања предизвикаа многу жртви и страв и дека грчките владини трупи немилосрдно постапуваат со лицата за кои постои сомневање дека им помагаат на партизаните или се нивни симпатизери".

Еве уште еден новинарски прилог од споменатата група новинари од посетата на детските домови во Бела Црква.

Асошијатед Прес јавува:

Бела Црква, 10 април 1948 година

Југословенскиот Црвен крст, во ова мало село во Банат остави 240 грчки деца кои побегнаа од својата земја и кои најодлучно порекнуваат дека се однесени со сила. Нивната старост е од 3 до 15 години. На југословенската граница стигнаа после една недела пешачење низ планини, повеќе ноќно време, од нивните села кои се наоѓаат во близина на Лерин. Овие деца ги следеа 5 грчки селски девојки и извесен број постари лица.

Преку 5.000 деца бегалци се примени во Југославија и за нив се грижи Црвениот крст, кој има два милиони членови кои го дадоа својот прилог за помош на овие деца и кои сега се обраќаат до организациите на Црвениот Крст во целиот свт да помогнат во извршувањето на оваа задача.

Југословенската влада, која минатата недела остро протестираше на обвинувањата дека овие деца се со сила однесени тврдејќи дека тоа го прави токму грчката “монархо-фашистичка војска” и дека ги употребува децата како пиони во грчката граѓанска војна, му даде одобрување на дописникот на агенцијата Асошијатед Прес, “Њујорк Тајмс” и лондонскиот “Дејли Воркер” да ги посетат овие деца и слободно да ги испрашуваат.

Децата изјавија дека единствена работа која ги принудила да ги напуштат своите домови било секојдневното бомбардирање на нивните села. Многу од нивните браќа и сестри загинале од бомбардирањето или од глад или измрзнале од зимата. Нивните роднини се борат во редовите на генералот Маркос, а некои од нив се погубени заради нивната работа.

Со лекарско испитување по нивното доаѓање е утврдено дека овие деца се недоволно хранети и дека се слабокрвни, дека нивната облека е во очајна состојба. Штом случајно ќе се појавеше авион, овие деца се фрлаа на земја или почнуваа да вриштат. Дури и појавата на еден орел на небото го имаше

истото дејство. Овие деца беа толку исцрпени што за време на игра паѓаа во сон, но сега се опоравуваат во ова српско село во близина на границата со Романија, каде што се сместени во една чиста школска зграда. За многу од нив ова е прв мирен дом кој некогаш го имале”.

Њујорк Хералд Трибјун од 12 април 1948 година го објави Бигартовиот извештај од Вршац, под наслов:

“Југославија добро се грижи за избеганите деца од Грција” со поднаслов: “Дописникот ги посети селата во близина на романската граница, ги слушна изјавите кои ги побиваат атинските обвинувања за киднапирање на децата и сам како сведок видел дека децата одлично се хранети и дека се здрави”.

Слични дописи од Бела Црква упатија и останатите дописници на странските весници и агенции подвлекувајќи ја посебно изјавата на децата дека не се со сила одземени од родителите и одведени во Грција, туку дека во емиграција биле засолнети од воените грозотии.

Во тоа време, за жал, за децата кои побегнале од Егејска Македонија во западниот печат се изнесени многу невистини, од тоа дека со сила се одземени од родителите, дека живеат во логори и во лоши услови итн.

Оваа прва посета на децата бегалци од страна на дописници на странски весници, придонесе во западната јавност, за прв пат да се објават објективни извештаи за состојбата на овие деца и причините за нивната емиграција.

Со избивањето на Резолуцијата на Информбирото во средината на 1948 година, односот на грчките учители, партиските раководители и грчкиот персонал, значително се променил не само кон македонските деца што биле сместени во домовите, туку и кон вкупната тогашна југословенска политика во земјата. И покрај извонредниот прием што им е приреден со прифаќањето и сместувањето, тие отворено ја напаѓаат Југославија и со лаги и измислици ги подбуцнуваат децата бегалци не само Грчиња, туку и Македончињата да прават

нереди во домовите, да се однесуваат недолично и да ја напаѓаат земјата домаќин. За жал, наспроти сите укажувања, оваа ситуација продолжила и во 1949 година, така што тие се отстранети.

Во исто време и прашањето за учење на мајчиниот, македонски јазик во некои детски домови е решено на најдобар можен начин. Имено, грчките учители се заменети со македонски, а такво нешто беше направено веќе на почетокот на учебната 1949/50 година, во Бела Црква.

Така , во домовите во Бела Црква останаа 15 Македонки "мајки", заедно со 51 дете и тоа:

Елена Ефтова со 10 деца
Парашка Панова со 1 дете
Ката Миланкова со 2 деца
Томанија Божиновска со 4 деца
Дафина Филкова со 3 деца
Елена Шулевска со 4 деца
Крста Ташева со 4 деца
Василка Делова со 1 дете
Марика Горчилова со 3 деца
Василка Кулеова со 2 деца
Вана Кочова со 4 деца
Јордана Јанчова со 4 деца
Стоја Кизова со 2 деца
Нада Спирова со 1 дете
Василка Мишовска со 4 деца.

Исто така, на барање од Централната управа на детските домови во Бела Црква, на крајот од 1949 година од Здружениот на Егејците со Скопје се испратени бегалци, со задача да работат во детските домови. Во Бела Црква дошле следните:

Михаило Атаносов
Лазо Ангеловски
Ташо Божинов
Благоја Булев
Ѓорѓи Донев

Киро Донев
Васил Јованов
Лазо Карајованов
Димитрија Пецев
Петар Пошинов
Ване Ранелов
Атанас Решевски.

## УСПЕСИТЕ НА НЕПОЛНАТА ГИМНАЗИЈА "ЛАЗАР КОЛИШЕВКИ" ВО БЕЛА ЦРКВА

Една од многуте победи во Бела Црква е и отворањето на основно училиште за децата бегалци од Егејска Македонија и изведувањето на настава на мајчин македонски јазик. За ова, може да се прочита во весникот "Глас на Егејците", следниот текст:

- Со решение на Министерството за наука и култура на ФНРЈ во учебната 1949-50 година во Бела Црква се отвори неполна гимназија што го носи името на заслужениот син на македонскиот народ и претседател на Владата на НРМ другарот Лазар Колишевски.

Бројот на учениците во неполната гимназија е 221 ученик во шест паралелки, од кои четири во први клас и две во втори клас. Вкупниот број на учениците заедно со оние од основното училиште изнесува 522, сите деца на бегалци од Егејска Македонија. Бројот на учителите кон крајот на годината се зголеми на 12 души, вклучувајќи го тука и директорот.

И покрај разните тешкотии со кои се бореше управата на гимназијата, благодарејќи на упорното залагање на наставниците предвидениот материјал по програмата од Советот за просвета, наука и култура на НРМ, е предаден во целост, и совладан од учениците.

Во спраментиот новинарски текст, е забележено и ова:

- Неодамна од просториите на неполната гимназија "Лазар Колишевски" во Бела Црква, беше одржана свеченост по случај

завршувањето на учебната година. На свеченоста беше истакнат успехот во учењето и поведението на учениците-деца бегалци од Егејска Македонија, кои се наоѓаат под закрила на Југословенскиот Црвен крст.

Со упорно залагање на учителите и воспитувачите, кои што работат со децата-бегалци од Егејска Македонија во Бела Црква, потстигнатиот успех на крајот на учебната година е доста задоволителен. Во споредба со минатогодишниот, знатно е подобар. Успехот во минатата учебна година беше 3,65, повторувачи имаше 45, а оваа година општиот успех во гимназијата е 3,90, а во основното училиште 4,07 или општо 3,98 со 12 повторувачи.

Покрај другото за добриот успех на децата придонесе и нивната дисциплина која е на добра висина.

Исто така, според покажаниот успех во учењето и поведението, сите одлични ученици беа наградени со по една книга. Во текот на учебната година, учениците од гимназијата дадоа една богата приредба за граѓанството од Бела Црква, која беше масовно посетена.

Исто така, во весникот “Глас на Егејците” е објавена подолга репортажа под наслов “Бела Црква – центар за воспитување на нашите деца”, во која е опишан животот на децата-бегалци што се сместени во неколкуте згради-домови, а се раскажува за изгледот на работната соба, за залагањето на жените-негувателки и “мајки”, за работата на ликовната секција и изложбата, за работата на хорот, како и за љубезноста и ангажираноста на управникот на сите домови во Бела Црква – Станоје Обренов. Во репортажата пишува:

- На влезот нѐ пречека жена на околу 40-годишна возраст. Ми се стори како да ја познавам. Но, таа ме позна поскоро и срдечно ми ја стисна раката.

- И тука е борба, друже – весело прозбори Пандовица од с. Турје.

- Многу од децата во борбата си изгубија и татко и мајка. Сега јас сум мајка – јас татко, скромно зборуваше Пандовица и внимателно ѕирна во капалната да праша дали се готови децата што се капеа.

Во репортажата уште е истакнато:

- Тука се изложени слики изработени со сина боја, разни играчки, кукли, мачиња, слонови, петли, зајци, и што не... На еден крај од претставеното море заградено со палми, а внатре пливаат лаѓи од разни размери. На ѕидот е наместена слика на маршал Тито во убаво направена рамка... Ластовичките на Лета Димова се обесени со врвчиња, инаку одамна ќе летнеа за топлиот југ. Ташната на Рина Понсирова и Цена Понова направена од лика го привлекува вниманието на секој посетител. Популарните детски приказни “Снежана” и “Црвенкапа” и тука го зафаќаат своето место. Ленка Сидерова, која замина далеку во Австралија, Ристана Костадинова од Турје, која свиреше со четири прста на клавир, Тинка Спирова, Тена Бамова, која одлично играше балет, се наоѓаат многу далеку од својот сакан дом и се сеќаваат на своите ракотворби на изложбата. На нежните детски очи ќе им навираат жешки солзи, во споменот на радосниот живот во Бела Црква. Но, сега тие се далеку, многу далеку...

Надвор во коридорчето со плетило во рацете седеше “мајката” на групата Елена Шулевска од Горно Котори. Нејзиниот маж падна како борец на Демократската армија на Грција во Гревена. Таа го слуша разговорот на децата и им се радува.

- Од забите на волкот ги извадивме децата. Седум дена и ноќје патувавме во планините – вели Елена, и на очите и се појавија две крупни солзи. Таа со ужас се сеќава на оние тешки денови кога монархофашистите и бомбардерите ги уништуваа нашите села и убиваа изнемоштени старци и деца. Тоа никој противник не ќе може да го одрекне, зашто уште грозно зјаат разурнатите куќи во Бапчор, Бесвина, Рудари, Оровник и каде не! Училиштето во село Герман беше најубавата зграда во целата околија. Денеска е половина разурната од бомбардирањата. Ако половина час подоцна излегоа учениците од ова училиште, во

оној пролетен ден 1948 година, повеќе нема да се радуваа на животот преку 300 нежни суштества.

Во споменатата репортажа објавена во “Глас на Егејците”, уште може да се прочита и ова:

Искусните движења на диригентот Ставре Џигоманов, петнаесет-годишното дете, му придаваат изглед на зрел уметник-музичар. Ставре ни засвири неколку творби на клавир. Тоа е селанче од Леринско. После него ни го покажа својот талент на клавир и малиот Вангел. Кога ги запрашав да ли и во родното село свиреле на клавир, децата ми одговорија со горчлив смев... Заедно со хористите пееше и Стојанка од с. Личишта – Костурско. Тоа девојче нема видело на обете очи, но научи да пее и да свири дури и на клавир.

Што се однесува пак, до воспитувањето на децата во објавената репортажа, е истакнато:

- Воспитувањето на децата-бегалчиња е во склад со принципите на воспитување на децата во една социјалистичка земја. Тие треба да станат чесни граѓани, пламени патриоти и вистински интернационалисти, противно на штетниот повинизам. Од учителите и воспитувачите голем труд се посветува на тоа, македонските деца да се осетат дека се Македонци, дека постои македонска нација и македонски народ. Се внимава многу кај децата да се култивираат најдобрите намики, кои што утре во општеството ќе им обезбедат чесно место.

За воспитувањето на децата се организирани разни секции од кои поглавните се: за фискултура и спорт. Децата имаат фудбалски тимови, кошарка, одбојка, лесна атлетика и шах. Секој ден е воведена утринска гимнастика, игри и тн.

Во училиштето има и хигиенска и интелектуална секција, во која припаѓаат кружоците и индивидуалното учење. Формирани се кружоци за совладување на училишниот материјал, читање на разни книги, кружоци по историја, природознание, а се организираат и литературни вечери и т.н.

За етсетското воспитување на децата постојат: драмска, фоклорна, балетска, музичка, ритмичка, и хорска секција. Само минатата година хорската секција научи 14 нови хорски песни. Во ритмичко-балетската секција членуваат 172 члена, кои имаат постигнато видни резултати. Во музичката секција 35 члена изучија и клавир, ноти и свирење, и разни творби. Фоклорната секција брои 42 члена. Тие научија минатата година 14 македонски народни ора, а драмската секција има 75 членови.

Во работното воспитување на децата се прифатени домаќинската секција, цртачката работа, и моделарската секција. Само во минатата година со дадени 11 успешни приредби со одбрани програми, а некои ракотворби на децата се испраќаат дури во странство.

Домот има своја библиотека со околу 800 гниги, а библиотека има и училиштето. Децата многу ги интересира и печатот. Тие читаат и Борба, Нова Македонија, Глас на Егејците и Пионер. Се организираат излети и екскурзии.

Домот има две просветни установи: основното училиште “Гоце Делчев” и гимназијата “Лазар Колишевски”. Сиот персонал во училиштата се состои од 11 учители, но има потреба од уште повеќе наставници. Особено се повикуваат таа мисија да ја исполнат македонските учители од Егејската Македонија. Општиот успех минатата година во основното училиште беше 4.02, а во гимназијата 3.70.

## ПИСМО НА “МАЈКИТЕ” ВО ОДБРАНА НА ДЕЦАТА

На почетокот од октомври 1949 година извршена е реорганизација на детските домови во Бела Црква, при што се укинати некои помали домски згради, а децата се разместени во останатите поголеми домови, кои во меѓувреме биле целосно реновирани и преуредени.

Во првиот детски дом-зграда во Бела Црква биле сместени 45 женски деца од 11 до 14 години. Главна воспитувачка била Ѓурѓевка Сииќ, а воспитувачка Стоја Јанковска, домаќинка на домот била Мара Штегер, а детски негувателки Елена Ефтова и

Томанија Божиновска, додека домаќин на домот бил Михајло Атанасов.

Во второт детски дом-зграда биле сместени 71 машко и 81 женско дете или вкупно 152 деца од 9 до 11 години. Управничка на домот била учителката Добила Јовановска. Главна воспитувачка била учителката Милица Мичин, а воспитувачки биле Фанија Терзиевска и Катина Маркова, домаќинка Радмила Обренов и домаќин Киро Донев.

Во третиот детски дом-зграда во Бела Црква биле сместени 60 машки деца од 13 до 14 години. Управничка на овој дом била учителката Љубица Угриновиќ, главна воспитувачка Јелена Карановиќ, домаќинка на домот е Емилија Веселиновиќ, а домаќин Петар Пашинов.

Во четрвтиот детски дом-зграда биле сместени 223 машки и женски деца од 9 до 13 години. Управничка на овој дом била учителката Иконија Росиќ, главна воспитувачка учителката Вукосава Јаноковиќ, а воспитувачка Василка Грозданова, домаќинка била Маргита Пауновиќ и домаќин Ташо Божинов.

Во петтиот детски дом-објект биле сместени 90 деца, управничка била Меланија Деспотовиќ, воспитувачка Тронда Петкова, домаќинка Аурелија Васиќ и домаќин Лазар Карајованов.

Во првата амбуланта која располагала со 27 болнички постели домаќин бил Ване Ранелов, а втората амбуланта располагала со 11 соби и 46 болнички кревети.

Од ова може да се согледа дека огромна била грижата за здравствената заштита на децата бегалци, што биле сместени во повеќето објекти – детски домови во Бела Црква.

Со одењето на грчките учители, воспитувачки и негувателки од детските домови во Бела Црква, се создала сосема нова клима за децата бегалци. Веднаш била отворено основно училиште и нижа гимназија, во кои наставата се изведувала на мајчин, македонски јазик. За таа цел, Владата на НР Македонија

упатила повеќе квалификувани учители во овие две воспитно-образовни институции. Управник на училиштето бил Коста Марковски, а за воспитната работа во домовите се грижела Ружица Бура, инаку помошник на управникот на Централната управа на детските домови на Црвениот крст во Бела Црква.

Меѓутоа, интересно е да се напомене дека информбировската кампања што ја форсирале грчките партиски личности и Комитетот за помош на детето (ЕВОП) ниту бирале сресва за тоа, ниту пак придонесувале за кажување на вистината. Па така, тие не само што вршеле притисок врз децата, подбуцнувајќи ги да бараат да заминат во тогашна Чехословачка, туку користеле и севозможни начини за притисок и закани врз македонските кадри, односно "мајките" што работеле во детските домови во Бела Црква.

Осознавајќи ја ваквата неповолна ситуација по децата бегалци и по самите себе, одбивајќи ги сите информбировски лаги и клевети што се ширеа преку пропагандните средства, 15 "мајки", односно учителки и воспитувачки испратиле писмо до Југословенскиот Црвен крст во Белград.

Еве ја неговата содржина:

"Овие денови ни јавија од Булкес дека со децата треба да одиме во Чехословачка. Ние тоа не го сакаме по никоја цена. Меѓу нас и децата владее страв. Ние доста се движевме и мачевме. Овде имаме мир и добар живот. Југославија родителски се грижи за децата и за нас. Нам, родителите во Грција лично, на рака ни ги дадоа, и ни ги доверија децата да ги доведеме во Југославија. Затоа, ние сме единствено овластени да зборуваме во име на децата и нивните родители. Ве мокиме да не нè испраќате во други држави, туку и понатаму да останеме тука и да им овозможите на децата школување на нивниот мајчин јазик, со децата да останеме само ние кои имаме свои групи деца и да не им се дозволи на неповиканите со децата и со нас да располагаат, освен Црвениот крст. Ние овде ќе останеме со децата и ќе си одиме, единствено ако Југославија не сака повеќе тука да бидеме.

Молиме за одговор за да ги смириме децата и себе и да се реши нашето прашање како што сакаме. Со оваа наша молба согласни се и сите жени и девојки од останатите домови".

Писмото е датирано на 27 август 1949 година во Бела Црква.

Во име на родителите и децата следуваат овие потписе:

| | |
|---|---|
| Стоја Јанковска | Крста Ташевска |
| Олга Здравковска | Ката Миланкова |
| Фанија Терзиевска | Василка Делова |
| Елена Ефтова | Тронда Петкова |
| Томанија Божиновска | Јана Јанчова |
| Василка Грозданова | Цила Мишевска |
| Елена Шулевска | Цела Кулеова |
| Елена Делова | |

Во основното училиште "Гоце Делчев" и нижата гимназија "Лазар Колишевски" и во детските домови, како што погоре истакнавме, постоеја и со успех работеа повеќе ученички секции. Во нив членуваа децата бегалци, а имаше фискултурна секција, секција за хигиена, интелектуално и естетско воспитување, хорска, музичка и фолклорна секција, потоа ритмичко балетска секција, драмска и ликовна секција, моделарска секција и историска, географска и биолошка секција и кружоци.

За истакнување е дека членовите на фискултурната секција во 1950 година одиграле 4 пријателски фудбалски натпревари и 3 натпревари во шах меѓу децата бегалци и учениците од средношколскиот интернат во Бела Црква.

Членовите на историската секција со свечени програми го прославувале Илинден и Нова Година, а повремено одржувале и литературни читања.

Во хорската секција во 1950 година имало 74 членови, кои настапиле на повеќе свечености. Тие на својот репертоар имале 14 хорски песни, 4 соло песни 4 дуети, а песните ги пееле на македонски јазик.

И членовите на фолклорната секција чиј број во 1950 година бил 42, подготвиле 14 македонски народни ора. За потребите на играорците во кројачката работилница биле изработени народни носии од Егејска Македонија, со кои членовите на секцијата настапувале на приредби. Тие исто така, гостувале во Скопје и Белград, а на повеќе наврати се претставиле и пред граѓанството на Бела Црква.

Во балетската секција во 1950 година членувале 72 члена, кои заедно со членовите на музичката и фолклорната секција и хорот настапиле на приредби во Белград и Скопје.

Драмската секција во 1950 година броела 75 члена, кои подготвиле 6 претстави, 18 рецитации на македонски јазик и 10 на српскохрватски јазик и др.

Во ликовната секција во која членувале 36 деца бегалци во 1950 година биле изработени 100 слики, со кои членовите учествувале на повеќе детски изложби, а некои ликовни творби биле испратени и во странство.

Што се однесува до културно-забавните приредби, може да се рече дека на тој план се постигнати завидни резултати. Така, на пример, во јануари, февруари и март 1950 година во Бела Црква членовите на повеќето секции од детските домови дале 11 приредби.

Како резултат на постигнатиот квалитет во мај 1950 година членовите на неколкуте секции од детските домови во Бела Црква организирале турнеја при што ги посетиле Белград и Скопје, каде што приределе културно-уметничка програма. Бројот на учесниците бил 116, а турнејата траела 15 дена.

Во Белград на 13 и 14 мај 1950 година, на Коларчевиот универзитет биле изведени две приредби, при што бил снимен документарен филм, а една од приредбите била пренесувана преку радио.

Од 18 до 22 мај 1950 година, членовите на културно-уметничкото друштво на деца бегалци од Бела Црква гостувале во Скопје, каде што дале 4 приредби.

Исто така, членовите на повеќето секции учествувале и во бројните приредби по повод некои празници што биле организирани во Бела Црква за сите години од нивниот престој.

**ПОЧЕТОК НА РЕПАТРИЈАЦИЈА**

Што се однесува пак, до активностите на вработените, може да се каже дека тие учествувале на 9 работни акции, при чистењето на главниот одводен канал во градот, уредувањето на паркот, чистењето на улици, сечење на шума во Делиблатската Пештера и на економијата од детските домови. Децата бегалци и вработените биле членови на Црвениот крст во Бела Црква.

На почетокот од април 1952 година од детските домови во Бела Црква биле испратени во Гаково 17 “мајки” и тоа:

Олга Ничова
Ристана Лазарова
Софија Колева
Пенелопи Атанасиу
Марика Горчилова
Елена Шулевска
Софија Аргирова
Василка Делова
Вана Кочова
Ката Миланкова
Василка Мишевска
Крста Ташева
Дафина Филкова
Елена Ефтова
Доста Курти
Марија Донева
Махи Палева

Со нив исто така, отишле и 44 деца бегалци.
Од домовите во Бела Црква си отишле уште и:

Васил Јованов
Киро Донев
Петар Пашинов
Тошо Божанов
Лазо Ангеловски
Ѓорѓи Донев
Ване Ранелов

Како што може да се види детските домови во Бела Црква работеле од 1948 до 1958 година.

Според официјалните податоци бројот на згрижените деца бегалци во детските домови во Бела Црква е следен:

-Во 1948 година 212 штитеници.
-Во 1949 година 570 штитеници.
-Во 1950 година 537 штитеници.
-Во 1951 година 492 штитеници.
-Во 1952 година 455 штитеници.
-Во 1953 година 395 штитеници.
-Во 1954 година 354 штитеници.
-Во 1955 година 326 штитеници.
-Во 1956 година 266 штитеници.
-Во 1957 година 103 штитеници.
-Во 1958 година 80 штитеници.

Што се однесува до репатријацијата на децата бегалци со нивните родители, од расположливата документација може да се види следното: од ноември 1950 до месец март 1952 година, од детските домови во Југославија се репатрирани 469 деца кај родителите во Грција.

Бидејќи во април 1952 година беа укинати сите детски домови за децата бегалци од Егејска Македонија во НР Хрватска и НР Словенија тоа репатријацијата на децата се вршеше само од детските домови во Бела Црква. Така, од октомври 1952 година до септември 1958 година од детските домови во Бела Црква се репатрирани 163 штитеници.

Од мај до ноември 1950 година, 70 деца и 50 возрасни заминале во Австралија.

Од мај 1953 до јуни 1956 година, од детските домови во Бела Црква отишле кај родителите во Австралија 8 деца.

Во јули 1950 година со транспортот на децата за Австралија отишла и Јордана Јанчова од село Трсје – Леринско со своите 4 деца.

Од ноември 1955 до јули 1958 година, од детските домови во Бела Црква, репатрирани се кај родителите 12 штитеници во Романија.

Од февруари 1955 до јули 1958 година, 73 штитеници се репатрирани во Полска.

Од февруари 1955 до март 1958 година, 68 деца бегалци се репатрирани кај родителите во поранешниот Советски Сојуз.

Од март 1955 до јануари 1956 година, кај родителите во Бугарија се испратени 6 деца.

Од декември 1955 до август 1957 година, се репатрирани кај родителите 15 деца во Унгарија.

Од август 1956 до ноември 1958 година, 94 деца се репатрирани кај родителите во поранешна Чехословачка.

Детските домови на Црвениот крст во Бела Црква за децата бегалци од Егејска Македонија под Грција постоеле и работеле од почетокот на април 1948 до крајот на август 1958 година.

## ПИСМО ОД ДОМОТ ВО БЕЛА ЦРКВА ДО "ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ"

Што уште пишуваше весникот "Глас на Егејците" што излегуваше во Скопје, за детските домови во Бела Црква, поточно што од таму пишуваа децата бегалци до читателите? Еве, едно такво писмо:

- Драги другари, Ние пионерите од домот Бела Црква, сместени во III павиљон ве поздравуваме со топли братски поздрави.

Иако бевме мали сепак се сеќаваме за маките и страдањата на нашите родители и народот, како и нашите маки. Многу од нашите браќа и сестри беа мачени и убивани во затворите само затоа што се бореа за своето право, за слободата на својот поробен народ. Борбата што ја водеа нашите браќа и сестри,

татковци и мајки против монархофашистите беше жестока. Таа борба ги принуди нашите родители да се одделат од нас и да нè испратат во Југославија, за да ни го спасат животот.

Еден дел од нас сме сместени во домот во Бела Црква.

Животот тука ни е многу добар, имаме силна храна и убаво облекло. Секое дете си има свој кревет и сè друго што му е нужно...

Прв пат тука во Југославија ние научивме да пишуваме и зборуваме на нашиот јазик. Во Грција ние немавме вакви услови за развиток, не затоа што немавме способност, туку затоа што немавме никакви права. Нас ни беше забрането да зборуваме на мајчин јазик, а моравме да учиме грчки. Ако некој од нашите постари прозбореше на македонски, жандарите го фаќаа и го затвораа.

Ние не можеме да ги заборавиме маките и страдањата што ги претрпевме во нашата поробена земја од нашите непријатели. Затоа ви ветуваме дека никој пат нема да ја згазиме крвта на нашите браќа и сестри, татковци и мајки, што загинаа во лутата борба против монархофашистите.

Ви праќаме топли поздрави и ве молиме ова да им го пренесете преку весникот “Глас на Егејците” на останатите братчиња и сестричиња.

Слични писма беа испратени до редакцијата и од многу други пионери и пионерки, како и од пионерките Гона Поцова и Лена Јотевска.

Грижата за децата бегалци од Егејска Македонија, постојано била во центарот на вниманието на редакцијата на весникот “Глас на Егејците”. Така, на повеќе наврати објавени се исцрпни новинарски прилози за престојот на децата бегалци во домовите во Бела Црква.

## ПАТНИЦИ ПО БЕСПАЌА – ПАТАЛЦИ ЗА НАВЕК

Од повеќето стотини “мајки”, кои тргнале во вистинска неизвесност од Егејска Македонија, да ги водат со себе непрегледните колони и да се грижат за децата бегалци, таму каде што ќе продолжат да живеат, е и “мајка” Стоја Јанковска. Спомените во нејзе не згаснуваат, тие сѐ така тлеат и вилнеат, но и трагите од каде што тргнала со децата бегалци, никогаш нема да бидат завеани. Кога зборува за “патот на детските солзи” што го поминала, од Рудари до Бела Црква, таа како повторно да ја доживува бегалската голгота, зашто не само во нејзината душа, туку и во сите други, има безброј лузни, многу гребнатинки, што не ги напуштаат...

-Во црни зори, пред разденувањето на дваесетичетвртото мартовското утро од 1948 година, стотини мајчини гнезда останаа празни и студени, веќе за навек нестоплени. Испрвнаа пиленца недораснати, оставија ука недоучена, љубов недоречена, солза недоплачена... Оставија мајка мајчина, огниште татково, грижа бабина, станаа саѓи и горчина човечка, свидетели на совеста нечиста, патници по беспаќа, паталци за поколенија за навек, вели една од тие “мајки” – Стоја Јанковска од село Рудари, и додава: Се собра јато нејако средсело рударско, средсело преспанско, в’утрина студена пред разделба мајчинска. И, тогаш: ден беше – да не беше, ден видов – да не видев, дете од мајка да не појдеше, на мајка збогум да не induce речеше... О! Има ли ширина поширока, висина повисока, од мајчина болка поголема, кога чедото ѝ го заемаат од колена...

Ристо , Лена, Хрисула, Сондра, Гоче, Коста... стотина дечиња, срцулиња мајкини, рударски, уште толку железки, уште повеќе од Герман, Штрково, Лак, Д’мбени, Медово, Раби... Петстотини и уште повеќе во тие мугри тргнаа в лет, без долет...

- А причина за евакулација на над 500 деца (во првата група) од неколку преспански села беше секојдневното бомбардирање на училиштата и другите позначајни објекти. Кон крајот на април или првите денови на март (не се сеќавам точно) 1948 година до темели беше разурната, тогаш, најголемата училишна зграда во селото Герман. Веднаш потоа одржавме неколку состаноци на Секретаријатот на Младинската организација и по налог на

привремените народни одбори и ДАГ почнаа интензивни подготовки за евакуација – раскажува “мајка” Стоја Јанковска.

- Кога беа готови списоците на децата стари од една до 10 години и кога секој миг демнеше опасноста монархофашистите повторно да ја заземат слободната територија што го опфаќаше скоро целиот преспански дел на Егејска Македонија, моравме да делуваме многу брзо. Така дојде и тој црн ден – 24 март 1948 година. Во вечерните часови почна драмата на разделба. Кај училиштето во моето село Рудари собравме околу 100 деца, поделени во групи од по 25, а на едно од нив одговорна бев јас. Меѓу овие дечиња беа и моите две помали братчиња – Васил и Гоче. Ги натоваривме на запреги и тргнавме...

Токму овој миг, по запрегите трчаа мајките и им ги кажуваа последните пораки на своите чеда... Сондра, запамети ја мајка... Хрисула, ќерко, немој да ми плачеш ќе се вратиме... Коста, внимавај на себе, сине.

Како да ја опишам Лена, кога плачеше малечка, слинава, преплашена, одвај имаше три години, како да ги опишам Ташко, Ристо, Сотир, Вангелија... Срцето ми се кинеше, очите сами ми плачеа, а другарите ме бодреа: Стоја не смееш солза да пуштиш, ти си партизанка, мора да си храбра... А, сешак не издржав при разделбата со татко ми, посебна преболна. Подоцна, слушнав дека е ранет на фронтот, се мачел неколку години и од последиците умрел во Полска во 1952 година, а тогаш во Рудари останаа и сестра ми и мајка ми, црна од болка.

Некаде кон полноќ стасавме во Герман, а на 25 март изутрина, тргнавме кон Бела Вода на југословенско-грчката граница, каде се состанавме со другите групи од селата Герман, Медово, Рабин, Штрково... и цел ден се криевме од авионите. Тука не стасаа и водичите Стојо Гелин, Сондра Попова и Лазо Ангеловски. Ни донесоа погачи и сирење, последен поздрав од мајките.

Квечерината кога веќе немаше црни птици по небото, што цел ден безуспешно не бараа, тргнавме кон границата кон прагот на толку саканата слобода! Стасавме на една широчина, децата ги

собравме во куп ги легнавме и ги покривме со што можеме и имавме – партали, шума, гранки. Јас и некои други од групата водичи, тргнавме да ги бараме нашите граничари...

Со стегнати срца и страв, проткаена во возбуда, недоспиеност и неизвесност, нашата група задолжена за средба со граничарите најпосле стаса во грмушките – до државната меѓа со црвена петокрака, што толку многу потсетува на свежа крв, а толку убава и мила. Во еден миг на напрегнато исчекување и потполна тишина, екна строгиот граничарски глас - “рацете горе”.

Малку се стресовме, потекнавме изненадени, но кога ги видовме луѓето со синомаслинести униформи, почувствувавме олеснување и пригушена радост. Кога им објаснивме дека водиме толкава група деца, едноставно нѐ разочараа – рекоа дека немаат никаква наредба да пуштат таков збег. Настана мачна ситуација, бевме збунети, незнаевме како да реагираме, дали во името на тие петстотини нејаки маченици, да плачеме, да молиме... раскажува Стоја Јанковска.

Граничарите, во кои гледавме единствени спасители, не се збунија – ни рекоа да се вратиме кај децата и ни објаснија како да се движиме покрај границата кон селото Долно Дупени, а да не бидеме забележани од никого. Охрабрени и радосии ги послушавме советите на нашите спасители и со децата, првин се искачивме на една височина, потоа низ една шумичка се приближивме кон селото Долно Дупени, каде и стапнавме на толку саканата слободна земја. Едноставно бевме спасени, се радувавме заедно со децата, пашавме на земја, ги бакнувавме камењата, тревата, дрвјата, што беа околу нас...

Овде се почувствувавме како да сме дома, нѐ пречека целото село, без исклучок, а меѓу толпата луѓе беа и наши роднини. Плачеа, сите по ред нѐ бакнуваа, се грабеа луѓето кој повеќе деца да земе кај себе, да ги стопли, нахрани, охрабри во својот дом, под својата покривка. Тука беа и другарите од Народно-ослободителните одбори и од АФЖ, кои посебно се грижеа околу сместувањето и организирањето на натамошното наше паутвање.

Утрото, на 26 март 1948 година, прво утро на слобода, подалеку од злокобните железни птици, колоната од над 500 деца тргна кон соседното село Љубојно. И овде повторно наидовме на топол пречек, меѓу свои познати и роднини. Народноослободителниот одбор и Антифашистичкиот фронт на жените ни беа обезбедиле топол оброк и распоред за сместување по куќите.

Ова им беше веројатно прв топол и обилен оброк по толку месеци, што не можеше да го прекине страшниот звук на авионите од кого и плунката ни застануваше во грло. Меѓу групите дечиња, малку повеќе одморени, од време на време можеше да се чуе џагор, довикување по име па и по некоја песничка за партизаните, што ги учевме со толку љубов и жар, таму во училиштата. Но, и натаму неизвесноста им даваше посебна боја на нашите чувства, надвисната како градобиен облак пред бура, длабоко во душата ја поткопуваше нашата моментна радост. Не знаевме што се случува таму, од другата страна на ридот и границата, дали сѐ уште паѓаат бомби врз главите на нашите најблиски, колку и кои се веќе мртви... Па сепак, секој во себе потајно веруваше дека на неговите неможе ништо лошо да им се случи, дека се живи, здрави... И токму тоа успеваше во мигот да ги пригуши солзите што многу често ќе ја надвјасаа радоста и ќе се обидеа да се искачат дури до очите на малата армија страдалници.

Од Битола стасавме во прилепското село Браилово. Тука останавме само два дена. Пак беа формирани нови групи деца. Јас добив 54 дечиња. На пат за Скопје долго размислував за неизвесноста што ни претстои. Како ќе нѐ примат во Бела Црква? Каков е народот? Какви се условите за живот? Пред мене беше тешка задача и огроман одговорноста – практично, бев “мајка” на 54 дечиња на возраст од 3 до 11 години.

На перонот на старата железничка станица во Скопје ни беше приреден топол и срдечен пречек за дечињата од Егејска Македонија. Тие слегуваа од возот на куса починка, а тетките во бело, жените во Црвениот крст и од АФЖ, им даваа на дечињата бонбони, првпат во нивниот живот.

Каква радост беше тоа! Малите мои, не знаеја дека треба да се одвитка бонбоната од хартијата...!

Потоа пак долги часови во преполнетиот воз, преку Ниш до Белград. На Белградската железничка станица, повторно топол пречек, а дечињата се изначичкале околу мене и секое сака да биде што поблизу до мојот скут.

Луѓето од Црвениот крст ги избањаа моите дечиња, ги нахранија, им дадоа комплетно нова облека. Се одморивме, преспавме ноќта, а сабајлето нè качија во камиони. Во Бела Црква нè пречекаа со широко отворена прегратка. Беше 3 април 1948 година. Ќе го паметам додека сум жива. Од тој ден Бела Црква стана нашиот втор дом.

Питомото гратче на реката Нера, на југословенско-романската граница, питомите и добри луѓе, сторија сè за дечињата да ја почуствуваат топлината на домот, им ја вратија секнатата насмевка. Тука потече за нив вистински, безгрижен живот, ослободен од стравот и страдањата.

Нè сместија во здраствениот дом. Имаше 100 деца од Желево со воспитачката Тена Бундева, од Трно и од Ошчима имаше по 50 деца. Павилјоните беа бели, чисти. Јас работев во првиот павилјон, со 46 дечиња.

Макотрпна и тешка беше воспитувачката работа, но јас и другите воспитачки - “мајки” ја вршевме со многу љубов и грижа.

Еве како изгледал еден ден во домот Бела Црква: будење со бакнеж, местење на креветчињата (дечињата ги “мазнеа со лењири” како што вели Стоја), потоа задолжителна гимнастика, појадок. Испраќање и примање од училиште. Потоа ручек, прошетка, попладневен одмор и вечера во 19 часот. По вечерата, слободни активности и читање книги, на македонски јазик.

Учителствувањето одеше тешко. Немавме речиси никакво искуство. Учители професионалци сè уште немавме. Јас водев четврто одделение.

Ситуацијата наметна неопходна потреба ние, воспитувачките од Бела Црква да појдеме на учителски курс во Тулгеш, Романија.

Во август 1948 година јас и 13 мои колешки заминавме на курс за учителки. Ни предаваа наши наставници. Кога се вративме во Бела Црква, одеше полесно, бидејки веќе имавме стручна квалификација. Во учебната 1948-49 дојдоа и првите учители од Скопје, и првиот директор Коста Марковски со жена му Марика, која беше учителка.

И покрај извонредните услови за живеење и за работа, и покрај најголемата грижа што им ја дававме, сепак, дечињата кога ќе потпораснеа, плачеа и ги бараа мајката, таткото, братот, сестрата, најблиските.

Ги баравме родителите на нашите дечиња. Преку амбасади или конзуларни преставништва, преку Црвениот крст и преку прашување. Пишувавме писма, на многу добивавме одговори. Така почнуваше преписката на дечињата со својата мајка, татко, сестриче, братче. Со невештите рачиња пишуваа топло и со многу љубов. Потоа, доаѓаше до средби, трогателни, цврсти прегратки и солзи радосници, раскажува “мајка” Стоја Јанковска.

Во Бела Црква дечињата се школувале до осмо одделение. Потоа ги праќале на натамошното школување во Скопје Битола и Кавадарци. За својата работа, учителките – воспитувачки не добивале личен доход. Сè било на доброволна основа. “Мајка”Стоја уште се сеќава:

- За десетте години од мојот престој во Бела Црква, од 1948 до август 1958 година, кога се расформира домот, развивме и мошне богат културно – уметнички и спортски живот. Имавме балетска, музичка, литературна секција, тамбурашки оркестар. Во 1950 година дојдовме во Скопје и дадовме две приредби, во

Офицерскиот дом и во стариот театар. И ден денес неможам да го заборавам тој спонтан, долготраен аплауз во преполните сали. Скопјани ни аплаудираа од душа и од сè срце.

Исто така, дечињата од Егејска Македонија приредувале и свои изложби, биле добри гимнастичари, одлични фудбалери и ракометари.

Сите разделби се тажни. Така беше и во август 1958 година, кога се расформира домот во Бела Црква. Но, за мене тие десет години ми минаа како на сон. Сите тие дечиња што беа во домот, ги имав како свои. Беспоштедно им ја давав својата мајчинска љубов и тие ми возвраќаа со многу љубов и детска топлина. Кога се затвори домот, се преселив во Калуѓерство, на 10 километри од Бела Црква. Таму останавме четири години. Во 1962 година конечно се вратив и останав во Скопје.

## ДВЕ МАКЕДОНСКИ НАСЕЛБИ – ГАКОВО И КРУШЕВЉЕ ВО АП ВОЈВОДИНА

Посебна страница од македонската егејска голгота и егзодус претставува доселувањето на македонски семејства од Егејска Македонија во АП Бојводина.

По Булкес, во кого беа населени грчки бегалци уште во 1945 година, подоцна, односно во 1948 година дојдоа нови групи бегалци – Македонци од Егејска Македонија. Така почна и нивното населување во напуштените куќи на германските фолксдојчери во Гаково и Крушевље, кај Сомбор.

Првото доселување на Македонците во Гаково се случи на крајот од февруари и продолжи на почетокот од март 1948 година. Македонските бегалци потекнуваа од околиите: Костур, Лерин, Воден и од Тракија. Според податоците со кои располагаме, дошле вкупно 8.729, од кои возрасни имало 4.749, а деца до 14 години биле 3.980. Од овој вкупен број над 6.000 бегалци биле задржани во Гаково, а околу 2.000 се населиле во Крушевље. Најмногу од бегалците беа жени и деца, чии мажи и родители загинале во борбите или пак, биле затворени и однесени во затворите и логорите на грчките острови. Но,

имало и извесен број деца без родители, како и воени инвалиди и старци, за кои во 1950 година за нив бил отворен посебен дом, во кого биле сместени 25 лица, а за децата без родители бил отворен детски дом во кој биле сместени околу 50 деца бегалци.

Уште еден податок – во Гаково имало 3.234 деца до 14 години, кои дошле заедно со своите родители и роднини, додека во Крушевље имало 746 деца до 14 години, а над 100-тина деца што немале тука родители.

За надминување и за разрешување на повеќето отворени прашања поврзани со сместувањето и исхраната на бегалците од Егејска Македонија, тогашната влада на ФНР Југославија доделила помош во висина од 15 милиони динари, а Владата на НР Македонија испратила помош од 6 милиони динари. За сите бегалци биле обезбедени станови и други потребштини. Во оваа акција максимално се вклучил и Централниот одбор на Југословенскиот Црвен крст, којшто исто така, на бегалците им доделил многу предмети и прехрамбени производи за живеачка.

Треба да се истакне дека по избивањето на Резолуцијата на Информбирото на 28 јуни 1948 година, грчките доселеници што дотогаш живееле неколку години во Булкес, побарале и ја напуштиле населбата, а 20 Македонци и 10-тина Грци одбиле да заминат и се преселиле да живеат во Гаково.

Бидејќи доселувањето на Македонците во Гаково и Крушевље се паднало во пролет, тие веднаш се организирале и пристапиле кон обработка на расположливото земјоделско земјиште, сè со една цел и тие рамноправно да се вклучат во стопанскиот живот. Формирале машинотракторска станица, обработливите површини ги засеале со повеќе земјоделски култури, а формирале и народна власт, односно самостојна општина. За прв претседател на Општината Гаково е избран Мино Делковски, а во нејзин состав влегло и селото Крушевље.

Како резултат на искажаните работни успеси веќе во 1949 година во Гаково се формирала селската работна задруга “Гоце Делчев”, а во Крушевље задругата се викала “Лазо Трповски”. Управник на задругата “Гоце Делчев” во Гаково станал Мини

Ајановски. Двете задруги работеле до крајот на февруари 1950 година, кога истите се расформирале, по што го формирале земјоделското стопанство "Граничар".

Во рамките на овие стопански организации биле формирани и работеле столарска, ковачка, чевларска и шивачка работилница, во кои биле вработени околу 60 работници.

За одбележување е дека во средината на април 1949 година, Месниот народен одбор во Гаково, чиј претседател бил В. Танов, извршил попис на жителите. Според пописот, во Гаково имало 195 деца од кои 92 машки и 103 од женски пол до 3 години, потоа 217 деца од кои 115 од машки и 102 од женски пол од 3 до 7 години, како и 467 деца од кои 255 од машки и 212 од женски пол од 7 до 14 години. Во Гаково, за време на овој попис, живееле уште 1.439 возрасни или вкупно 2.318 жители.

Бидејќи Крушевље спаѓало под Месниот народен одбор на Гаково, резултатите од пописот спроведен исто така, во оваа населба, се следните: деца до 3 години имало 79, од кои 37 од машки и 42 од женски пол, деца од 3 до 7 години имало 90, од кои 50 од машки и 40 од женски пол, како и 308 деца од 7 до 14 години од кои 150 од машки и 158 од женски пол, додека возрасни имало 399 жители или вкупно 876.

Од погорните показатели може да се согледа следното: во двете населби во 1949 година имало 1.356 деца бегалци и 1.838 возрасни, или вкупно 3.194 жители.

Во март 1948 година во Гаково и Крушевље имало 3.980 деца бегалци, а 4.749 возрасни или вкупно 8.729 жители.

Во средината на јануари 1949 година од Гаково и Крушевље 216 деца бегалци биле однесени во детскиот дом на Црвениот крст во Ровињ, НР Хрватска.

Исто така, за одбележување е дека во Гаково и Крушевље, веднаш по доселувањето, а во интерес на понатамошниот развој на децата бегалци, биле отворени основни училишта и нижа

гимназија со 2 одделенија. Наставата се изведувала на македонски јазик, а во основното образование биле опфатени 1.300 ученици, додека за учениците од Крушевље, што ја посетувале гимназијата во Гаково, бил отворен ученички интернат. За училиштата во Гаково и Крушевље биле испратени квалификувани наставнички кадри од страна на Министерството за просвета на НР Македонија, кои ја изведувале наставата според наставниот план и програма на училиштата, а учениците биле снабдени со учебници и учебни помагала што се употребувале во училиштата во НР Македонија. Директор на училиштето во Гаково бил Милан Крстевски.

На крајот од 1950 година во Гаково и Крушевље дошла делегација составена од претставници на Главниот одбор на Егејците во Скопје, од Владата и од Главниот одбор на Црвениот крст на НР Македонија. Оваа делегација ги посетила детските домови во НР Србија, односно АП Војводина, НР Хрватска и НР Словенија, при што, истата престојуваше и во Гаково и Крушевље. Делегацијата ја составуваа: Динко Делевски, началник на Управата за бегалци при Министерството за социјални грижи на НРМ, Атанас Кировски од Главниот одбор на Црвениот крст на НРМ, Стерија Вангелова, член на Главниот одбор на Егејците и Спиро Мечкаров, секретар на Градскиот одбор на Здружението на бегалците од Егејска Македонија во Скопје. Тие во Гаково и Крушевље ги посетиле училиштата и детските градинки.

Во извештајот од 25 јануари 1951 година, членовите на делегацијата, меѓу другото го забележале и ова: "Детските градинки се држат чисто, добро се уредени, а децата во нив добро се воспитуваат. Дневно во градинката во Гаково престојуваат 40 до 70 деца, а исто толку и во градинката во Крушевље. Во училиштето учат 570 ученици. Во разговорот учителите ни рекоа дека децата се добри и дека добро учат...".

За потребите на македонското население во Гаково бил отворен и дом на култура со кино, а било формирано и културно-просветно друштво. Истото имало три секции: фолклорна, драмска и секција за народна просвета. Фолклорната секција на

фестивалот во Сомбор го освоила првото место и била прогласена за најдобра во околијата, додека драмската секција на околиските драмски смотри го освоила второто место. Македонците од Гаково и Крушевље формирале работни бригади: правта бригада во 1948 година учествувала во изградбата на пругата Шамац – Сараево, втората бригада учествувала во 1949 година на изградбата на автопатот Братство-единство од Белград до Загреб, а третата бригада исто така, таа година учествувала во изградбата на Нов Белград.

Исто така, од Македонците во Гаково и Крушевље се формирала и вонредна бригада, која есента 1949 година под раководство на Ѓорѓи Чолаков учествувале во заштитата на имотот во Булкес, од кога населбата ја напуштиле грчките доселеници.

Македонците бегалци населени во Гаково и Крушевље, потекнувале од следните места во Егејска Македонија:

| | |
|---|---|
| Асланово | Луковец |
| Апоскеп | Мокрени |
| Баница | Нанице |
| Бахово | Неоказ |
| Бобиште | Пападија |
| Босилево | Пожарско |
| Баровица | Прокитија |
| Бесфина | Ранци |
| Буф | Роби |
| Воштарен | Радево |
| Врбени | Сакулево |
| Герман | Студен |
| Добролиишта | Сетина |
| Емборе | Тушин |
| Крушоради | Цакони и други. |

Меѓу многу други, во Гаково и Крушевље живееја и домаќинствата на:

| | |
|---|---|
| Јаруса Т. Абаџиева | Тронда Голчева |
| Коста Авков | Марика Горчилова |

Лефтерија И. Аврамова
Пинелопи Г. Анастасова
Лазар Ангелевски
Ристана Андријевска
Софија Аргирова
Лена Арнаутова
Томанија Аспрова
Тронда Бабинкостова
Георгије Белимовски
Олимпија Бецова
Тина Богданова
Димитра Б. Боглева
Стоја Боглева
Тошо Божанов
Фанија Х. Божинова
Благуна Бојаџиева
Такшо Бојчевски
Димка Д. Борисова
Фана Бошева
Тена К. Боцова
Дине Ботев
Доне Бранов
Спаса Д. Бранова
Ката Булева
Софија Ванчова
Софија Васева
Коста Василевски
Стојанка Василева
Ташо Галов
Елефтерија Гакова
Стилјана Гацева
Георгије Генчев
Фанија Кајчевска
Глигор Камбуров
Трајанка Калајанова
Софија Калкова
Софија Капетанова
Марија Каранова
Вангел Карајашовски
Тина Карајованова
Тина Гјанина
Георгије Гинев
Најденка Дафова
Емилија П. Дафова
Василка Делова
Мино Делковски
Риса М. Делковска
Петруса Х. Дечкова
Спиро Дибранов
Кузман Димов
Елена А. Димитрова
Наум Дичовски
Киро Донев
Ѓорѓе Донев
Велика Дојчинова
Доне Дудев
Петре Дукетовски
Димитра Иванова
Марија Ицкова
Коле Ѓурков
Елена Ефтова
Елефтерија К. Јадрова
Пасхалина С. Јанкова
Димитра Јаневска
Славка Јанкова
Христо Јанкулов
Дине Јанчевски
Риса Јанчова
Марика Јанчева
Петар Јовановски
Васил Јованов
Тронда Кајчева
Анастасија Менчова
Иван Менчов
Тронда Мељанова
Паскал Месајаков
Марија С. Мига
Ката Миланкова
Марија Мијова
Таса Мангова

Петкана Карајаскова
Пандо Каранфилов
Тронда Казанова
Сава Качакова
Никола Качандонов
Јованка Ковачева
Ристосија Колева
Софија Колева
Велика Констевчева
Вана Кочева
Димитар Карнишевлијев
Димитра Крстева
Доне Кудалов
Марија Кузманова
Грена Кукувикова
Лена Куртева
Доста Курти
Ристана Лазарова
Кица Ламова
Стојанка Ламова
Марија Ламова
Пена Ландова
Петкана Лакова
Јоше Марчевски
Флорина Маџева
Света Маџева
Елефтерија Маџева
Доста Маџева
Тина Попстефанова
Дита Попташева
Петар Пошинов
Ване Ранелов
Митра Рајева
Алексо Рисафов
Риса Русева
Менка Русева
Фана Русева
Тодор Русев
Катарина Сасова
Кице Стајевски

Марија Митрева
Олга Мишевска
Софија Мишева
Василка Мишовска
Јован Мицков
Јордана Насева
Софија Никовска
Олга Ничова
Димитар Нолев
Љуба Ољева
Митра Ољева
Андромахи Павлова
Стојан Пајков
Цветко Пајков
Данка Петкова
Елена Петрова
Гива Петрова
Трајко Петличаров
Петре Пецев
Анастасија Пецова
Менка Петкасинова
Фана Плескова
Цана Пинзова
Јана Падаровска
Марија Попова
Лена Попова
Пасхалина Попчева
Фанија Попова
Аргира Стојчева
Марија Стојчева
Рина Стојанова
Фотија Танева
Тина Ташева
Елена Ташева
Крста Ташева
Митра Танурова
Иљо Толевски
Сотир Толевски
Сондра Торкова
Лена Тоцева

Коста Станишев
Ставрула Стефова
Димка Стеринова
Доста Трпенова
Гена Трпенова
Сондра Трпова
Лазо Узунов
Марија А. Фармакова
Рада Филина
Дафина Филкова
Уранија Хаџиева
Васил Цакончев
Ефтимија Цакончева
Цана Цапова
Јула Цветкова
Ефтимија Трајкова
Ката Ф. Трговчева
Филип Трговчев
Марија Цоцева
Софија Чапканова
Ристо Чолаков
Фана Чакова
Атанас Чопов
Крста Џингова
Крсте Џогов
Василија Џогов
Георги Џуриќ
Георгије Шмарганов
Елена Шулевска
Данка Шутева.

Но, напуштањето на Гаково и Куршевље од страна на македонските бегалци особено била изразена во наредните години, така што, по 1954 година во Крушевље не останал никој, а во Гаково останале по оваа година само уште 15 семејства. Тие дошле во НР Македонија и се населиле во Скопје, Велес, Тетово и други градови.

## СО ТРУД ДО ПРИСТОЕН ЖИВОТ

Интересно е, и во оваа прилика да истакнеме дека, во тие години, исто така, во весникот "Глас на Егејците" беше објавена репортажа за оваа населба. Пренесуваме делови од истата, со што сакаме на истакнеме дека и животот таму, во Гаково, во рамната Војводина нашите луѓе го направиле пристоен со својот труд и залагање. Еве, меѓу другото што е забележено:

- Во 4 часот на 13 октомври стасавме со групата од нашето културно-уметничко друштво во Гаково. Туши Кордалоз – синдикален функционер во селото беше известен за нашето доаѓање, и не пречека на станицата . Нѐ распредели по куќите за одмор.

Сонцето беше неколку остени високо на небо кога навлегов да го разгледам селото. Тоа само од навика може да се вели село, инаку е вистинско гратче. Две улици прави од север кон југ и четири други од запад кон исток го сечат Гаково, а од двете страни на улиците плански се наредени куќите. Улиците ги красат по два реда украсени дрва. Сите куќи се едноетажни со модерна спална и трпезарија, кујна, салон, визба за држење на вино и туршии, пишилници за шунки, а околу широкиот калдрмисан двор се наредени штала за коњи и крави, кокошарник, свинњарник, и други потребни одделенија. Мраморните плочи со кои се ѕидани до половина многу куќи и послани многу тремови, порцелански печки, во салоните и куќите, говорат за некогашното богатство на Гаковчани – австриски колонисти, од времето на австроунгарската окупација во Војводина.

Во споменатата репортажа за животот на Македонците во Гаково, е забележано и ова:

- Во 1948 година, тука се населија околу 8.000 Македонци – бегалци од Егејска Македонија. Првата година протече со извесни мачнотии дури да се навикнат на климатските услови, да се организираат училишта, фурни, продавници итн. Но, во 1949 година, земјоделската работна задруга во Гаково е една од првите во Бачка. Под грижите на управата на задругата беше отворена детска градинка. Оваа градинка работи и денеска. Управителка во неа е Пента Тануроза од револуционерната фамилија на Тануровци од с. Баово.

И денеска работи старскиот дом. Повеќето од старците се учесници во Илинденското востание. Се запознав со стариот Тодор Настев од с. Неокази, Леринско. На градите му свети илинденската споменица, на која старецот гледа како на фетиш. Се борел во Илинденското востание заедно со Леко Зорле. Се сеќава на големата битка на Екшица, во Кајмакчалан. Четниците убиле 40 Турци, а од четата паднале 20 души. Се ракуваме и со Илија Божинов од с. Арменско. На грбот му тежат 73 години, но и за млад не се дава – како што вели самиот. Тој како четник се борел заедно со Ѓорѓи Христов од

Битолско. Стрико Илија ми раскажува за некои борби од времето на востанието.

- Во Псодери синко – вели старецот – цел ден востаниците се бореа со 2000 души Турци. На Лизаргорѓова глава на Бигла паднаа 100 мртви од нив само 6 наши. Тука беше ранет и Митре Влаот, страшниот војвода. Во 1911-1912 година се вратил од Америка и со една мала партизанска група со Крсто Љондов во Леринско, дејствувале против Турците.

Тука е и симпатичниот старец кој веќе си го изгубил и виделото Петар Стојков, од с. Пожарско, Мегленско... Во друштвото членуваат: учители, работници и службеници. Друштвото за прв пат се појави пред публика со пиесата "Теророт во Егејска Македонија". Пиесата беше изведена во Гаково , Крушевље, селата Рижица, Стапишниќ и Растива. Исто така, друштвото подготви и други пиеси како "Последна ноќ" и други, но својот најголем успех го постигна со драмата "Печалбари". Со оваа драма друштвото "Крсте Мисирков" излезе на реонските, околиските и обласните натпревари на културно-уметничките друштва во АП Војводина.

Откако се претвори работната задруга во стопанство, на секое семејство му е доделена окуќница, каде садат зеленчуци, пченка и друго. Денеска во Гаково има семејства – такви се повеќето што само од градината извадија по 1000-1500 кг пченка. Управата уште од летото му додели на секое семејство свињи и соодветна количина пченка за нивно гоење. Секоја куќа има и по 20-50 кокошки, патки, и гуски. Дрва добиваат редовно.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

## ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР ХРВАТСКА

- Малинска – Крк
- Цриквеница
- Осиек
- Самобор
- Загреб
- Стењавац
- Ровињ

## ЧЕТИРИ ДЕТСКИ ДОМОВИ

На островот Крк, во населбата Малинска, на 12 јануари 1949 година почнал да работи детскиот дом за децата бегалци дојдени од Егејска Македонија. Во него биле сместени 114 деца бегалци и младинци, што дотогаш биле згрижени во хотелите во Цриквеница, поради недостиг на простор во тамошниот детски дом. Овде децата бегалци биле од околиите Костур, Лерин, Кукуш и Воден, управник на домот бил Иван Прегорец, а учител Атанас Кировски.

Пролетта 1949 година, повеќе деца биле испратени во други детски домови и градови за да учат занает и тоа во Нови Сад-АП Војводина, потоа Осиек и Загреб – НР Хрватска и Крањ – НР Словенија, со што се создале просторни услови за повлекување на децата што биле сместени во Малинска, да дојдат во детскиот дом во Цриквеница. Од Малинска во детскиот дом во Цриквеница биле донесени 69 деца, а 45 деца биле однесени во домот во Герово. Детскиот дом во Малинска престанал со работа во јуни 1949 годниа.

Во јануари 1949 година, почнал со работа уште еден детски дом во Ровињ. Во него биле сместени 218 деца, на возраст од 8 до 14 години, а биле избегани од селата на околиите Лерин, Воден, Драма и Костур. Тие дошле, односно биле преместени од детските домови во Гаково и Крушевље, а 3 деца од овој транспорт, поради тешко заболување, биле задржани во Загреб.

Тоа биле: Вангел Стојан Јовановски, роден 1937 година во Герман, Катарина М. Карамичова, родена 1936 година и Вангелија Жеова.

Детскиот дом во Ровињ бил отворен во средината на јануари 1949 година и работел само три месеци. Штитениците биле сместени во пионерскиот дом што го добил на располагање Главниот одбор на Црвениот крст на НР Хрватска. Управник на домот во Ровињ била Марија Пинтар, а учител Динко Козинаков.

По тримесечна работа, при крајот на април истата година, детскиот дом во Ровињ престанал со работа, а 155 деца биле испратени и сместени во детскиот дом во Цриквеница, додека 63 деца бегалци биле однесени во детските домови во НР Словенија.

## СПОМЕНИ ОД ДЕТСКИОТ ДОМ МАЛИНСКА

За деновите поминати во детскиот дом Малинска си споменува тогашниот учител и управник на домот Атанас Кировски од село Лудово –Костурско.

- По завршувањето на курсот, на крајот од 1948 година во Булкес, во АП Војводина, бев назначен за народен учител и испратен од политичко-емигрантската организација на Булкес, во градот Цриквеница, Народна Република Хрватска.

Во детскиот дом во Цриквеницата имаше околу 500 малолетни деца, на возраст од 6-15 години. Овие деца беа избегани од Грција за да се спасат од секојдневните бомбардирањата на нивните родни села од страна на монархофашистите. Нивните родители беа во редовите на ДАГ и заедно со Грците антифашисти се бореа против ненародната власт на монархофашистите. Целта на борбата беше ослободување на Грција од монархофашистите и создавање демократска држава во која македонскиот народ ќе ги ужива истите права како и грчкиот народ.

Во Цриквеницата се сретнав со македонските учители и педагози: Динко Козинаков, Ристо Поплазаров, Алеко Папасиров и Жифко Манѕуфов, и со грчките учители Савас Кахриманидис, Аристиди Каридис, Јанис и некои учителки на кои им го заборавив името.

Во март 1949 година со околу 160 ученици заминавме од Цриквеница за гратчето Малинска кое се наоѓа на островот Крк на Јадранското море, 30-тина километар јужно од градот Риека. Пристигнавме на пладне и се сместивме во еден голем замок. Нè пречека персоналот што требаше да работи во домот, кој штотуку се отвори само за нас. Во персоналот имаше: еден шеф од Црвен крст на Хрватска еден снабдувач, четири готвачки, една сестра-болничарка и три хигиеничарки кои се грижеа за чистотата во домот. Сите беа многу љубезни и пожртвувани во односот кон нас. Гледајќи ги децата сами и откако дознаа дека нивните родители се борат за формирање на слободна и демократска држава, тие уште повеќе се солидазираа и сочуствуваа со нас.

Уште пред поаѓањето од Цриквеница, јас бев назначен за управник и заедно со одговорниот од Хрватскиот Црвен крст, се грижевме за целокупното функционирање на домот. Извршивме групирање на децата според нивната возраст и знаење и ги распоредивме во 3 одделенија и тоа: во второ најмладите, трето – постарите и четврто – најстарите и најнапредните. Во замокот имаше доволно соби за спиење и училници за одржување на наставата.

Во наставата, освен мене, учествуваа и два помлади учители: Жифко Манѕуфов од село Косинец- - Костурско кој предаваше македонски јазик, литература, историја и ликовна уметност и Каридис Аристиди од кајларските села кој предаваше грчки јазик, потоа историја, математика, литература и физичко воспитување. Јас предавав математика, географија и физика. Наставата почнуваше изутрина од 8 до 14 часот, секој ден, освен недела.

Храната беше редовна и квалитетна, почнувајќи со појадок, ужина, ручек, попладневна ужина и завршувајќи со вечера – пет

пати дневно. Освен за храната, хрватските власти и Црвениот крст се грижеше за сè друго: за здравјето на децата, облеката, прошетките и организација на разни приредби и други културни манифестации.

## НАСТАВАТА БЕШЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

За работата, односно престојот на нашите деца бегалци од Егејска Македонија во детскиот дом во Ровињ, се сеќава учителот Динко Козинаков:

- Летото 1948 година од подрачната единица на Привремената демократска влада бев повикан од секретарот Михаил Сустас и Пандос Цангас, родум од Кожанско, кои ми соопштија дека сум назначен за учител на македонските деца на Света Катерина, кај Ровињ, во Република Хрватска. Тука, во овој дом, на западниот брег на Истра, најдов околу стотина деца-Македончиња испратени преку Црвениот крст од војводинските села Гаково и Крушевље. Тоа беа деца од разни краишта на Егејскиот дел на Македонија, засолнети со по некој член од своите семејства, а родителите им беа во редовите на ДАГ. Во близина на Ровињ, имаше и некои други помали детски домови со деца од Грција, како на пример т.н. интернат во Осијек – каде што поголемите деца учеа и занаети. Исто такви имаше и во Крањ, а мали деца беа сместени во с. Дутовље, Република Словенија, кои ги посетував евидентирајќи ги нивните проблеми и развој... На самиот мал, крајбрежен остров Света Катерина имаше само еден раскошен дом, изграден своевремено од некојси руски гроф, врз пустиот камењар каде што тој со бродови донел повеќе земја, посадил борова шума и направил голем парк околу резиденцијата. Тука беа сместени македонските егејски деца, со сите удобности, благодарение на грижата на Црвениот крст и Министерството за просвета на НР Хрватска. Во школскиот режим и наставата соработував со хрватските колеги, кои тука беа назначени, и се разбира, останатиот технички, услужен персонал, главно од овдешното италијанско национално малцинство...

Сеќавајќи се на поминатите години, меѓу децата бегалци во детскиот дом Света Катерина кај Ровињ, учителот Динко Козинаков, уште сведочи:

- Децата, сите Македончиња беа поделени по одделенија, според нивната претходна школска подготовка, односно возраст. Наставата требаше да се изведува на македонски јазик. За таа цел, уште при доаѓањето се снабдив со извесни учебни помагала, набавени во Скопје, какви што користев и во воспитно-образовната работа и во Булкес – Војводина, зашто тогаш тоа село и од тој аспект се сметаше како расадник на кадри. Таму се издаваше весникот "Единство", прв весник на македонски јазик, како 15-дневен орган на секцијата на НОФ, во кој и пишував по нешто, а излегуваше заедно со весникот "Фони ту Булкес" (Глас на Булкес) на грчки јазик, и други печатени работи, потоа се изведуваа театарски претстави и... озвучениот плоштад од месното радио-студио кое емитуваше вести и песни на македонски јазик. Прв пат, тука, нè пленаа милозвучните македонски песни од грлата на Вања Лазарова, Васка Илиева, Никола Бадев, Александар Сариевски, Кирил Манчевски и други чудесни песнопојци, бисери и источници на македонската народна песна.

Но учителската задача не беше лесна, ја насетував уште кога за тоа бев повикан и затоа јасно им нагласив на надлежните-претпоставените дека не сум стручно оспособен за ваква работа и дека моите знаења за тоа се недоволни. Впрочем, искуство имав уште од обидот за "учителствување", кон крајот на 1944 година во родното село Почеп, каде што од ништо по окупацијата, требаше во новиот народен поредок со сите права и за Македонците, да се отпочне и учењето на мајчин, македонски јазик, бидејќи и оскудните расположиви учебни помагала беа исклучиво на грчки јазик. Со истиот проблем речиси се судрив и тука во училиштето во детскиот дом на Свети Катерина кај Ровињ, а одговорот беше ист: "За почеток тие знаења во наши услови се доволни, а во текот на работата ќе се трудиш и снаоѓаш...". Така и отпочна воспитно-образовниот процес. Меѓутоа, за да се совлада и развие тој процес, од поголемите ученици избрав пет-шест како непосредни свои помошници и тоа: Ристо Поплазаров, Трајче

Миљановски, Јани Калиманов, Вангел Поповски, Киро Шекров и Евгенија Мушмановска. Всушност, тие беа како одделенски раководители...

Истоврмено преку хрватското Министерство за обрзование и Црвениот крст, беа порачани повеќе нови учебници и учебни помагала и друго за натамошниот успешен развој на воспитно-образовната работа. При тоа од ова островче, во кое постоеше само замокот, сега претворен во детски дом, организиравме разни излети и екскурзии во градот и околината на Ровињ, за децата да не се чувствуваат изолирани од останатиот свет. Такви беа посетите на пример во Институтот за биологија на морето, фабриката за преработка на тутун, фабриката за рибни конзерви “Мирна” и модерната болница и санаториум против туберколоза на коските, каде се лекуваа и две наши деца како и некои борци од ДАГ, потоа во околината на Осиек, до младинскиот интернат, каде што група девојчиња-бегалци од Егејска Македонија учеа во текстилен завод и во Дутовље и Стара Гора кај словенечката граница, каде беа сместени главно деца од претшколска возраст, или одевме со брод на Црвениот Оток, каде навраќал на мал одмор и претседателот Тито и др. Учествуваме, исто така, во културно-уметнички приредби што беа организирани во градот, а и ние такви приредувавме по разни поводи за гостите што ни доаѓаа итн.

Таквиот, успешен за тогашни и тамошни услови, воспитно-образовен процес набргу почна да се ограничува и отежнува, нешто што веќе сите го почувствуваме непријатно. Сето тоа беше главно како одраз на општата состојба што се насетуваше, со сè поголемото несогласување и взаемно недоразбирање и напаѓање помеѓу југословенското и грчкото партиско раководство, како последица на општиот спор со Информбирото, што земаше сè поголем замав. Тоа беше време кога кон крајот на 1948 година, офанзивите и контраофанзивите помеѓу непријателски спротивставените страни, главно во планинските масиви на Вичо и Грамос, земаа исто така, сè поголеми крвави размери. Странската интервенција и отворена помош на воено-политички и економски план од страна на англо-американските грчки сојузници сè повеќе го стеснуваа кругот и просторот за маневрирање на ослободителната армија

и ги ограничуваа и рапидно ги исцрпуваа најзините резерви. Притисокот од таа присила и наезда на грчката владина и странска солдатеска, доведе до сѐ поголеми бранови бегалци, пред сѐ деца, болни, старци и жени од цивилното население кон источно-европските земји кое се наоѓаше во зоните на веќе конфронтираните војски, каде што главно непријателската авијација и артилерија палеа и разурнуваа сѐ пред себе...

Тие секојдневни драматични настани во стариот роден крај, ги следевме и сите ние оддалеку, овде од островот на Јадран, и тоа главно, преку радио-станицата "Слободна Грција" и печатот, а и самите заедно се бодревме, со оној познат лозунг "Сталин-Тито-Димитров-Захаријадис-Хоџа", надевајќи се дека и меѓународната заедница нема да дозволи да дојде до најлошото, да биде скршен отпорот на востанатиот народ...

Учителот Динко Козинаков уште сведочи:

- Така во склоп на сите тие околности, одненадеш, еден ден ни беше соопштено дека е одлучено од хрватските власти да се преселиме од островчето Света Катерина и да се префрлиме во крајбрежното гратче Цриквеница, југо-источно од Риека, каде што имаше друг поголем детски дом, но мешан со грчки и македонски деца. Тоа и се случи во почетокот на мај 1949 година, и веќе бевме во Цриквеница. Тука бевме топло прифатени од околу 200 другарчиња со своите учители и останатиот персонал и се распоредивме во домот што го сочинуваа неколку поврзани вили-павилјони со дворови и игралишта и други помошни објекти.

За нас како новодојдени беа претходно ослободени доволно места, така што околу стотина деца беа оттука преместени во домот во Малинска, на островот Крк близу Риека, каде што како одговорен беше поставен пријателот, инаку мој соброрец Атанас Кировски, родум од село Лудово-Костурско. Меѓутоа, главната управа беше тука, во Цриквеница каде што беше одгороверн Савас Кахриманидис, учител по вокација од село Ноте – Мегленско, со својата жена и двете ќерки. Домската управа уште со моето доаѓање ме третираше подеднакво со грчкиот колега, а веќе моите споменати помошници со коишто

дојдовме од Св. Катерина и тука си ги вршеа своите задачи. Хрватскиот учител и воспитувачите заедно со сиот персонал остана во Ровињ, со оглед на тоа што таков персонал тука веќе беше отпорано ангажиран и доволен.

Истовремено, и набргу се покажа неопходно една група од дваесетина поголеми деца, кои веќе личеа и се однесуваа како дораснати младинци, беа испратени да учат и практикуваат некое занимање по избор. Оваа група младинци беше испратена во Загреб и сместена во младински интернати, а на работа прифатени во некои металски заводи, котларница и слично, каде што учеа занаети за бравари, металостругари, електротехничари и друго. Натаму, овие младинци уште еднаш или двапати ги посетивме, заради запознавање со нивното згрижување како наши, веќе бивши воспитаници, одвоени од домот.

Во меѓувреме и нашиот статус и улога почна да се менува и влошува. Со отстапувањето и повлекувањето на борците од Демократската армија и останатите жители со жива стока и друго од пограничниот регион главно кон Албанија, зашто заради веќе споменатиот информбировски спор, југословенскиот коридор беше недостапен за нив, а реперкусиите се одразија и кај нас. Тогаш уследија и познатите изјави од високи и разни функционери, за “удар од зад грб”, како и онаа на генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, дека ако се знаело за ваквиот титовски однос, народно-ослободителното двежење во Грција би избрало поинаков пат, што од други беше протолкувано како изговор за поразот на ДАГ итн. Тогаш ни беше прекината врската со централното раководство на ЕВОП – Комитетот за заштита и помош на децата протерани од Грција, што се наоѓаше во Будимпешта, а врската со него ние ја одржувавме преку Николас Георгијадис, инаку искусен педагог од околината на Кукуш. Потоа, уследи протерувањето во ЧССР на грчките колеги Савас Кахриманидис со фамилијата (жена и две ќерки), Јанис Еритропулос, од с. Трстеник-Мегленско, Партена Авгитиду и Партенопи Кесиду, со што кадровски бевме многу ослабени, односно оневозможени во однос на воспитно-образовната работа на грчки јазик за големиот број грчки деца.

Тогаш, исто така, бевме многу погодени, кон крајот на летото 1949 година, со смртта на многу почитуваниот истакнат револуционер и борец за правата на сите поробени народи, претседателот на бугарската влада Георги Димитров. Меѓутоа, општата вознемиреност кај децата во Домот стануваше се поголема, а децата спонтано и гласно веќе размислуваа за тоа што се слулило во новонастанатата и трагична ситуација со нивните родители и други блиски роднини. Загрижено прашуваа и бараа информации и адреси за своите најблиски, а за тоа немаше одговор...!?

Во почетокот на октомври 1949 година од Цриквеница го испратив по пошта до споменатиот ЕВОП во Будимпешта последниот извештај во врска со бројчаната и здравствена состојба и општата ситуираност на воспитаниците во овој дом, но никогаш веќе не добив одговор ниту пак, подоцна дознав дали тој извештај стигнал до надлежните. Во тоа време, домот го посети и висока делегација од Загреб, која ја сочинуваа министрите за образование и социјални грижи, претседателот на Црвениот крст и други функционери. Тогаш ни беше ставено до знаење, од Хуснија Ченгиќ, одговорен за врски што ја следеше работата во домот, дека целата грижа за децата и одговорноста преминува во овие служби заради ново-настанатите прилики... По ова уследи и доаѓањето на двајца македонски учители од Скопје, Перо и Ристо Поповски, кои што неуспејаа да се вклопат во оваа средина и не беа прифатени од децата. Впрочем, потоа и овој дом по една година беше распуштен, кога по моето заминување уследи протерувањето исто во ЧССР и на останатите мои соработници-колеги Атанас Кировски, Ристо Поплазаров, Живко Манѕуфов и Аристидис Каридис, а децата преместени главно во Република Македонија и други места, продолжувајќи го своето образование, а некои од нив пак, заминаа во странство кај свои роднини и пријатели итн. – го завршува своето раскажување Динко Козинаков.

## ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ЦРИКВЕНИЦА

На 13 ноември 1948 година во Цриквеница, гратче на брегот на Јадранско Море, НР Хрватска, е отворен дом за децата бегалци од Егејска Македонија. Домот располагал со неколку убави

објекти за сместување, а Министерството за социјални грижи му го отстапило заедно со зградите и целокупниот инвентар на Главниот одбор на Црвениот крст на Хрватска.

Детскиот дом во Цриквеница почнал со работа во средината на ноември 1948 година, кога биле примени 519 деца бегалци, младинци и младинки. Во домот биле сместени 296 деца, а 223 деца и младинци биле сместени во хотелите во Цриквеница. За децата се грижеле 16 жени-“мајки” и девојки кои дошле заедно со нив од нивните села до Цриквеница. Сместувањето и животот на децата во овој дом бил добро организиран при што тие покрај редовната здравствена нега добивале и квалитетна храна, а добрите услови за живот им овозможувале да развиваат повеќе активности и редовно да се школуваат. За ова најдобро сведочат бројните искажувања на повеќе членови на делегации забележани во домската спомен-книга.

При крајот на ноември 1948 година, 115 деца што биле згрижени во Цриквеница, биле преместени во детските домови на Црвениот крст во НР Словенија. Нив ги придружувале и 16 жени кои заедно со нив дошле од Егејска Македонија. Исто така, во јануари 1949 година, 114 деца прифатени во Цриквеница биле испратени и сместени во детскикот дом во Малинска, потоа 104 младинки, во групи по 50, во март 1949 година биле испратени да учат занает во Осијек, Крањ, Нови Сад и Загреб. Од Цриквеница биле преместени уште 63 деца во детските домови во НР Словенија.

Во мај 1949 година, во домот во Цриквеница биле сместени 328 деца, додека во домовите за ученици во стопанството во НР Словенија, НР Хрватска и НР Србија и АП Војводина, биле сместени и се школувале 254 младинки и младинци, од кои 150 машки и 104 од женски пол.

На барање на Главниот одбор на Црвениот крст на НР Хрватска, во средината на јуни 1949 година во Герово е отворен детски дом во кој биле сместени 49 деца што дошле од домот во Малинска, бидејќи истиот е затворен. Исто така, и од детскиот дом во Цриквеница во Герово дошле уште 35 деца, или вкупно 80, од кои 59 биле од македонска, а 21 од грчка националност.

По затворањето на детските домови во Ровињ и во Малинска на островот Крк, продолжија со работа само двата детски дома за деца бегалци во Цриквеница и во Герово, во НР Хрватска. Во детскиот дом во Цриквеница биле згрижени 496, а во детскиот дом во Герово 80 деца бегалци, или вкупно во 1949 година беа згрижени 576 деца бегалци од Егејска Македонија во НР Хрватска.

При крајот на септември 1949 година, 21 дете од детскиот дом во Герово се упатени за згрижување во деските домови во Скопје, додека 59 деца се преместени и сместени во детскиот дом во Цриквеница. Бидејќи домот во Ровињ останал без деца, при крајот на септември 1949 година престанал со работа.

## ПОБЕДАТА КАКО САТИСФАКЦИЈА

На почетокот од септември 1949 година, односно со почнувањето на новата учебна година дотогашните 8 грчки учители и воспитувачи биле сменети, а за македонските деца се донесени стручно квалификувани учители од НР Македонија, кои наставата почнале да ја изведуваат на македонски литературен јазик.

Во детскиот дом во Цриквеница, учители и воспитувачи беа:

Петар Марковски
Ристо Поповски
Веселинка Ивановска
Викторија Трпкова
Душанка Чугунцалиева
Нада Левкова
Вера Мамкова и
Стојан Поповски.

Управник на училиштето е Ристо Поповски.

Македонските деца бегалци организирано ја следеле наставата на македонски литературен јазик и според наставниот план и програма што се применувал во НР Македонија. Опфатените

ученици со воспитно-образовната работа биле снабдени со потребниот број учебници, училишен прибор и лектирни изданија на мајчин, македонски јазик.

Во средината на септември 1949 година, детскиот дом во Цриквеница го посетиле Пенко Здравковски, секретар на Владата на НР Македонија, Ристо Јанкуловски, претседател на Комитетот на Егејците и членовите на истиот: Василка Чосова, Филип Николовски, Василка Дивкова и Томе Крстовски. Истиот месец, домот го посетил и Благоја Кондарко, инспектор во Министерството за просвета на НР Македонија.

Детскиот дом во Цриквеница, исто така, бил посетен од повеќе делегации и одговорни функционери од НР Хрватска и од Југословенскиот Црвен крст.

Во средината на септември 1949 година, од домот во Цриквеница во Скопје се упатени 139 деца, младинци и младинки, а 21 дете од детскиот дом во Герово, поради што истиот престанал да работи, додека 59 деца биле преместени во Цриквеница.

При крајот на октомври 1949 година, уште 63 младинци и младинки биле испратени во Скопје, да се школуваат во училиштата за стопанство.

Така, на крајот од 1949 година во детскиот дом на Црвениот крст во Цриквеница биле сместени, односно останале да живеат и да се школуваат уште 219 деца бегалци.

Следната 1950 година, на крајот од мај, од детскиот дом во Дутовље, во НР Словенија, 122 деца од школска возраст биле испратени во детскиот дом во Цриквеница, додека од овој дом 51 дете бегалец пак, биле испратени во детските домови на Црвениот крст во Бела Црква, со цел да го продолжат своето понатамошно образование во тамошната македонска гимназија “Лазар Колишевски”.

Во детскиот дом во Цриквеница во 1951 година, имало 213 деца на училишна возраст што биле опфатени во македонското основно училиште.

На почетокот од април 1952 година, е затворен детскиот дом во Цриквеница. Во исто време, односно до тогаш биле затворени и останатите детски домови на Црвениот крст во НР Словенија и НР Хрватска. Причината за нивното затворање биле масовната репатријација на децата со нивните родители, така што нивниот број занчително се намалил, а оние што останале се однесени и прифатени во детскиот дом во Бела Црква.

Во средината на март 1949 година, 50 младинци биле префрлени од детскиот дом во Цриквеница во Загреб, со цел да учат занает. Од нив 35 биле Македонци, а 15 грчки младинци. Во средината на септември истата година од Загреб биле упатени 15 младинци во Скопје, а од Цриквеница тука дошле 4 младинци да учат занает.

## ЖИВОТОТ НА ДЕЦАТА ВО ДОМОТ ВО ЦРИКВЕНИЦА

И овој пат, ќе пренесеме делови од текстот што е објавен во весникот "Глас на Егејците", а се однесува на животот и школувањето на децата бегалци од Егејска Македонија, што биле сместени и живееле во Цриквеница. Во него пишува:

- Покрај убавото Јадранско Море, во хрватско приморје, во туристичко гратче Цриквеница, се наоѓа доста добар и уреден дом на Југословенскиот Црвен крст, во кој се сместени 292 деца бегалци од Егејска Македонија. За издржување на овие деца се грижи Југословенскиот Црвен крст, кој се залага да им биде што поубаво и поудобно на овие пострадани од војната – деца.

Зградите во кои живеат децата се покрај самото море, а околу се простира убав и голем домски парк. Домот има своја плажа, каде што голем дел од денот децата го поминуваат во капење и сончење.

Хигиената во домот е на примерна висина, како во зградите така и околу, а исто така и кај самите деца.

Управата на домот многу се залага да обезбеди се што е потребно за добар живот на децата. Исхраната на децата е доста добра, а се обезбедени и алишта.

Најмногу внимание се посветува на воспитувањето и образованието на децата. Воспитувањето главно го спроведуваат учителите, а исто така, многу се залагаат неговалтелките во домот и самиот управител. Кај децата се создаваат потребните културни навики и се воспитуваат во духот на денешницата.

Во домот постои и работи основното училиште “Гоце Делчев”, во кое децата учат на својот мајчин јазик. Децата ги имаат сите услови за нормално учење – обезбедени се со учебници, училишен материјал и нагледни средства. Имаат своја библиотека, која брои 450 книги, и тие истата редовно ја користат.

Во минатата учебна година децата многу се залагаа во учењето и покажуваа многу добар успех. Тие му дадоа обврска на маршал Тито дека учебната година ќе ја завршат со многу добар успех, и навистина успехот на крајот на учебната година изнесуваше 3,83. По својот успех, училиштето е прво во Цриквенишка околија и е пофалено од страна на Поверенството за просвета како најдобро училиште.

Пионерската организација работи активно и пионерскиот одред доби две пофалби од Околскиот комитет на Народната младина на Цриквеница. Постои организација на подмладокот на Црвениот крст, која исто така е активна и доби диплома од Главниот одбор на НР Хрватска.

Многу внимание се посветува и се покажани задоволителни резултати во културно-просветната работа. Домот има свој пионерски хор, фолклорна, рецитаторска и пеачка група. Културно-просветната работа ја водат учителите, а управата на домот многу помага да биде ова гранка што поживa и поразвиена. Пионерскиот хор и фолклор учествиваа во Цриквеница и добија пофалба, а исто така во мај оваа година

учествуваа и на обласниот фестивал во Риека, каде ја добија првата пионерска награда за најдобри во Риечка област. Во текот на оваа година пионерите дадоа приредби во Риека, Цриквеница и околните места, а за време на летната сезона дадоа приредба за трудбениците, кои се одмораат во одморалиштето “Теранија” во Цриквеница.

Во домот постојат домаќински групи како: кујнска, шивачка, плетачка, перачка, градинарска и други. Преку овие групи поголемите деца се запознаваат со основните домаќински работи, и тие помагаат во некои домски работи, како и во уредувањето на паркот, двориштето и друго.

И на фискултурата ѝ се посветува големо внимание. Децата располагаат со доволно фискултурни реквизити, како за фудбал, одбојка, тенис и друго, што ги користат за своето развивање.

Целиот персонал што работи во домот, дава сè од себе за да им биде што поубав животот на децата. Од сето ова се гледа дека децата имаат добри услови за живеење и сестрано развивање, така што еден ден ќе станат вистински социјалистички луѓе.

За подобро да се отслика животот на децата бегалци во детските домови, ќе пренесеме уште еден дел од новинарски текст објавен во весникот “Глас на Егејците”, со што на најавтентичен начин ќе го доближиме тоа време до нашите дни, и за грижата што им била пружана, како што е тоа случај со нивното летување во Охрид. Во текстот “Среќавање...” е забележено:

- Часот е 19 и 30 минути. На железничката станица во Скопје се осеќа големо движење. Групи од деца и девојки, мажи и жени нервозно се движат и разговараат. Секаде се слуша истото прашање. Ќе дојдат ли вечер? и кажав дека имам писмо. На 8 август ќе поминат низ Скопје – вели една девојка. Во тој момент влегуваат во станицата група од 30 младинци и младинки. Сите се сончани. На нашето прашање, одговараат дека живеат во домот “11 Октомри” и дека минатиот ден се вратиле од Галичник, каде летувале еден месец. Тука дојдоа за

да ги поздрават другите сонародници и да сменат мисли и искуства од учењето со Егејчињата што живеат во Осиек и Словенија. Ѓорѓи Наковски од село Крчишта ни вели дека кога дошол во ФРНЈ со својот другар Иљо Караџа и други егејчиња, бегалќи од монархофашистите кои ги гореа селата со авиони и артилерија, без да водат сметка за невиното население и децата, тука во нивната слободна татковина НР Македонија наишле на сестана помош од народната власт и Партијата, така што во рок од 18 месеци успеале да станат полуквалификувани мајстори и секој ден да ја надминуваат нормата. Овој момент разговорот ни го прекина свирењето на возот кој влегуваше во станицата. Од два вагона се слушаат македонски борбени песни. Како незадржлив бран децата, што чекаа на станицата, се фрлија кон правецот на два вагона. Се слушаат гласови.

- Добро дојдовте, како поминавте на Охридско Езеро?

- Одлично. Никогаш нема да го заборавиме времето што го поминавме таму и грижата на Министерството за социјални грижи на НРМ за нас. Цана Домовска од село Крчиште ни вели дека во домот во Осиек – се наоѓаат 86 деца и девојки од Егејската Македонија. Сите се школуваат и учата занает. Кон средината на 1948 година го напуштивме нашето село зошто животот стана невозможен. Многу деца ја најдоа смртта играјќи во дворот на своите куќи. Монархофашистите беа немилосрдни. Требаше да бегаме. Ја поминавме границата и дојдовме во нашата слободна Македонија. Тука Југословенскиот Црвен крст направи сѐ за да ги заборавиме маките и страдањата од војната. Кога стигнавме во Осиек, кликата на предавникот Захаријадес ни постави грчко раководство во домот кој почна постепено да нѐ труе, да ни пропагира за да ја мразиме нашата татковина, ни говореа против интересите на нашиот народ, ги клеветеа југословенските народи и славното раководство на КПЈ на чело со саканиот Тито, не ни дозволуваа да учиме на мајчин јазик. Од моментот кога на наше барање го сменивме раководството и избравме наше, сосем се смени начинот на животот.

Денеска ние со гордост можеме да се пофалиме дека во рамките на нашите возможности придонесуваме за побрзата изградба на социјализмот во нашата слободна и славна татковина – ОНРЈ.

Барањето на другарот Тито да учиме, го исполнуваме. Учиме неуморно во школите и фабриките за да станеме достојни граѓани и градители на нашата татковина какви не сака нашата Партија и другарот Тито. Во фабриката "Мара Трикотажа", каде работиме 30 Егејки со песната за саканиот Тито ја почнуваме работата, а нашата песна ја следи ритмичкиот звук на машините што работат...

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ШКОЛУВАЊЕТО

Во учебната 1949/50 година, за занаети се школувале во Самобор 27 ученици, а во Загреб 12 или вкупно 39 ученици во стопанството.

Во Загреб и во Самобор занает за автомеханичари, кројачи, радио техничари и друго учеле следните ученици:

Ѓорѓи Доневски од Бапчор
Никола А. Афков
Христо К. Баџов од Лудово
Лазо Р. Гемишов од Старичино
Васил Б. Дигалов од В'мбел
Крсто Н. Димов од В'мбел
Михаил П. Донев од Косинец
Лазо П. Ѓорѓев од Мокрени
Методи Р. Ѓурѓов од Долно Котори
Танас М. Шалдаров од Саракиново
Ристо М. Жугловски од Долно Котори
Крсте Т. Запаренков од В'мбел
Никига Зиков од Прокопана
Миќо Т. Зољев од Езерец
Вангел С. Јованчев од Долно Котори
Танас В. Кулувеов од Бапчор
Леко М. Корошовски
Насе П. Костов од Смрдеш
Насо К. Лазовски од Кономлати
Лазо В. Лафазанов од Крчишта
Васил Г. Мијов од Сребрено
Мите С. Мишовски од Сребрено

Ѓорѓе П. Мишовски од Трсје
Ристо К. Нанчов од Трсје
Доне П. Насков од Долно Котори
Тимјо В. Насков од Лудово
Филип П. Никовски од Лудово
Александар П. Никовски од Герман
Мите Н. Ошенски од Герман
Васил Д. Павков од Жупаниште
Насо Л. Раљов од Смрдеш
Георгија С. Стерјов од Бапчор
Јани Т. Стерјов од Бапчор
Ираклије Л. Трепенов од Кондоропи
Ѓорѓи К. Узунов од Долно Котори
Зисо В. Хаџиев од В'мбел
Пандо В. Чамовски од Блаца
Васил Т. Шалдаров од Кономлати и
Ташко Ѓ. Шутев од Кондороби.

Во 1950 година, со нив бил учителот Љубомир Галевски. Исто така, со учениците биле и учителите Страхил Трајчов и Ѓорѓи Манковски.

На почетокот од јануари 1951 година, дел од ученици што учеле занает ги посетила делегација, на чело со Динко Делевски, началник на управата за бегалци од Егејска Македонија во Скопје.

Исто така, делегација од овие ученици, составена од 10 младинци присуствувала на прославата на 11 Октомври – денот на востанието на македонскиот народ во Скопје. Летото 1950 година, овие ученици биле испратени на сметка на Црвениот крст на Југославија, на летување во Охрид, каде што се задржале 22 дена.

Во домот за учениците во стопанството во Самобор во 1950 година, покрај 27 ученици бегалци од Егејска Македонија уште биле сместени и 19 младинци од НР Хрватска.

По завршувањето на изучувањето на занаетот, сите ученици во 1952 година, дошле во Скопје и се вработиле.

**ИЗУЧУВАЊЕТО НА ЗАНАЕТИ – ПРИОРИТЕТНА ЗАДАЧА**

Во почетокот на 1949 година, Централниот одбор на Југословенскиот Црвен крст, побарал 250 младинци и младинки да бидат примени на изучување занает во НР Хрватска. Овие младинци и младинки биле сместени во детскиот дом во Цриквеница, а барањето било исполнето, па така биле прифатени 104 младинки од детскиот дом во Цриквеница. Тие почнале да учат занает во фабриката "Јодип Краш" и во други претпријатија во градот Осиек. За таа цел, во Осиек бил организиран интернат, а младинките учеле за ткајачки, плетачки, кројачки, фризерки, цвеќарки и слаткарки.

Домот за ученици во стопанството во Осиек во септември 1949 година, исто така, го посетила делегација од НР Македонија во состав: петар Здравковски, секретар на Владата на НР Македонија, Ристо Јанкуловски претседател на Комитетот на Егејците и членовите на овој комитет: Василка Чосова, Филип Николовски, Василка Дивкова и Томе Крстовски. Освен домовите на Црвениот крст и домовите за ученици во стопанството во Осиек, во кои беа сместени децата бегалци, младинци и младинки од Егејска Македонија, оваа делегација ги посети и останатите домови. Исто така, штитениците во Осиек ги посетил и Благоја Кондарко, инспектор во Министерството за просвета на НР Македонија.

Во почетокот на септември 1949 година, во Осиек имало 116 ученички во стопанството од кои 93 биле Македонки, а 23 Гркинки. Од нив, во средината на септемри истата година, 18 ученички биле испратени на понатамошно школување во Скопје, така што во Осиек останале уште 93 ученички:

Митра Б. Аргирова од Бесфина
Марика С. Бирончанова од Мокрени
Тина Ј. Бирончанова од Мокрени
Стерија Х. Василева од Света Недела
Василка В. Галановска од Стена
Софија К. Гелева од Мокрени

Пареса П. Георгиова од Света Недела
Мара В. Гушилова од Косинец
Тонка Л. Дамановска од Чука
Стојанка И. Димитрова од Кономлати
Фата Т. Димитровска од Сничане
Султана Ј. Димовска од Дробитишта
Вана Т. Димова од Статица
Софа И. Диова од Загоричани
Гена Л. Доневска од Д'мбени
Лефтера П. Доневска од Лобаница
Цана Л. Дамовска од Крчиште
Василка М. Ѓакова од Роби
Севда Р. Ѓакова од Роби
Гина Р. Зифиракова од Загоричани
Дана К. Зунзурова од Смрдеж
Тана П. Ицова од Мокрени
Цвета Т. Јанчова од Трсје
Мара П. Јефтимова од Косинец
Софија М. Јовановска од Ошчима
Лефтера Х. Калчова од Жужок
Василка В. Калајанова од Стенско
Олга Д. Калајанова од Марчиште
Спаса М. Каралијова од Бапчор
Динка М. Костадинова од Куманичево
Константина А. Костова од Косинец
Олга А. Костова од Штрково
Олга Л. Костовска од Стенско
Олга Т. Клунова од Статица
Дита Ц. Кубурова од Коломлати
Лена Х. Куфева од Арманско
Хрисула Ј. Лавдина од Бесфина
Дина Ц. Ламброва од Статица
Цена С. Лавовска од Лудово
Неда Х. Лафазанова од В'мбел
Лена С. Лафазанова од В'мбел
Лефтера М. Лорова од В'мбел
Љаца С. Малеганова од Трсје
Лена Т. Мандрушева од Роби
Лефтерија К. Марнова од Блаце
Сандра М. Мирчова од Нивици

Трпена С. Младенкова од Жупаниште
Спаса А. Михајловска од Рудари
Тодора М. Михајловска од Рудари
Хриса З. Нечовска од Марчиште
Гена Д. Новачева од Лок
Трајанка Л. Новачева од Лок
Цана Н. Нолева од Д’мбени
Донка С. Николовска од Лок
Лена Ј. Палкова од В’мбел
Марика П. Петковска од Медово
Фана Ѓ. Петревска од Черешница
Ната П. Петровска од Попли
Коца К. Петковска од Бесфина
Гена Х. Поповска од Скадар
Цана В. Поповска од Косинец
Лена С. Рајкова од Ошчима
Германија С. Ристова од Штрково
Ица П. Сариjева од Колномлати
Леца Л. Сарова од Кономлати
Веса П. Сиjова од Загоричани
Софија М. Стефановска од Лок
Олга Д. Стојчева од Куманичево
Лена Д. Тамбоа од Косинец
Кристина Д. Тамбова од Косинец
Софија Т. Ташовска од Буковик
Петра С. Ташовска од Лок
Туља Х. Ташовска од Мокрени
Викторија Р. Тодоровска од Д’мбени
Ѓурѓа С. Фотевска од Рудари
Тина Б. Цаловска од Д’мбени
Ставрула Н. Цапанова од Косинец
Лефтера С. Шандовска од Лобаница
Тина Ј. Шонкина од Мокрени.

Младинките од Осиек, од средината на јули до 8 август 1950 година, престојувале, односно биле на летување во Охрид.

На страниците од весникот “Глас на Егејците” е објавено писмо од Тула Таневска и Митра Атровска, штитенички во домот во Осиек. Донесуваме мал исказ – дел од нивното писмо:

- Во домот сме 77 младинки од Егејска Македонија. Животот ни е добар. Ние сме задоволни од грижите на Југословенскиот Црвен крст и народната власт, кои нè спасија од рацете на монархофашистичките колачи и денеска сестрано се грижат за нас. Во домот учиме на македонски јазик. Исто така, учиме и занает. Ние се стремиме да станеме достојни ќерки на нашиот измачен народ. Учествуваме често пати во доброволни работни акции, а за народниот заем запишавме сума од 38.500 динари.

Така пишува во писмото на двете младинки, а според податоците со кои располагаме, на крајот од 1950 година во Осиек учеле занает 75 младинки, во Загреб 12, во Самобор 25 и во Скопје 134 ученици во стопанството, бегалци од Егејска Македонија под Грција во Југославија.

## ВО ПОТРАГА ПО РОДИТЕЛИТЕ

Треба да се каже дека во учебната 1951/52 година во Осиек, плетачкиот занает го изучувале 27 младинки, кројачкиот 19, ткајачкиот 10, слаткарскиот 2, а по 1 младинка го изучувале цвеќарскиот и фризерскиот занает, или вкупно 60 ученички.

И младинките – ученички во стопанството во Осиек на почетокот од јануари 1951 година ги посетила делегација од НР Македонија во состав: Динко Делевски, началник на управата за бегалци при Министерството за социјални грижи, Атанас Кировски од Главниот одбор на Црвениот крст на НР Македонија, Стерија Вангелова, член на Главниот одбор на Егејците и Спиро Мечкаров, секретар на Градскиот одбор на Здружението на Егејците за град Скопје.

Во мај 1952 година 52 ученички – младинки со успех го завршиле тригодишното стручно училиште со практична обука за занаети, по што Главниот одбор на Црвениот крст на НР Хрватска,  истите ги испрати во Скопје со барање тие да бидат вработени.

Во август 1950 година, занает учеле 7 младинки од грчка националност во Панчево –НР Србија, а 26 младинци од

македонска народност учеле занает во Самобор, НР Хрватска. Тие биле сместени во посебен интернат кој бил отворен само за нив со еден воспитувач. Исто така, 78 ученици од македонска националност биле сместени во посебен интернат со два воспитувачи ов Осиек, НР Хрватска. И 12 ученици во стопанството престојувале и учеле во Загреб, НР Хрватска, а биле сместени во интернат во кој живееле и други ученици кои, исто така, учеле за занаети во стопанството.

Меѓутоа, треба да се истакне дека организацијата на Црвените крстови на НР Србија, НР Хрватска, НР Словенија и НР Македонија, во своите активности и конкретни зафатаи што ги правела за доброто на децата бегалци од Егејска Македонија сместени во детските домови и интернатите, им пружиле максимална помош и подготвеност нивниот престој да биде пријатен, да имаат добри услови за живот и за нивното понатамошно школување.

Во исто време, тогашните републички главни одбори на Црвениот крст вложувале максимални напори да ги пронајдат и родителите на децата бегалци сместени во детските домови во Југославија, за нивна репатријација, односно за спојување на семејствата и за продолжување на нивниот заеднички семеен живот. Во таа смисла, доаѓале и сите отпори што ги вршела грчката влада и Грчкиот Црвен крст со барање, децата бегалци да бидат вратени во Грција, односно да им се прекине гостопримството што го давал Југословенскиот Црвен крст во соработка со Главните одбори на Црвените крстови во НР Србија, НР Хрватска, НР Словенија и НР Македонија. Тоа бил невиден притисок, децата бегалци по секоја цена да се вратат во Грција...

## СТРАНСКИ МЛАДИНЦИ ВО ПОСЕТА НА ДЕЦАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ЦРИКВЕНИЦА

На крајот на август и во почетокот на септември 1949 година, домот за децата бегалци од Егејска Македонија, што биле сместени во Цриквеница, го посетиле странски младинци, кои учествувале во изградбата на студентскиот град во Загреб.

Домот го посетиле осум младински бригади, од кои повеќето биле француски, но во редовите на бригадите имало и неколку младинци од Виетнам.

Тие младинци им раскажувале на децата сместени во детскиот дом во Цриквеница, за животот и херојската борба на виетнамскиот народ за своја слобода, за што многу ги интересираше децата.

Особено ги привлече еден младинец – Индиец, студент во Франција, кој од 1946 година на повеќе пати бил на изградба во нашата земја, и за тоа време, тој прилично го научил македонскиот јазик и неколку народни песни и ора. Заедно со децата тој го поминал времето во пеење и играње народни песни и ора.

Исто така, во посета на децата бегалци од детскиот дом во Цриквеница беше и Егејската младинска бригада. Некој од бригадирите, ги нашле своите браќа и сестри или роднини, меѓу домските штитеници, така што времето поминало весело меѓу децата бегалци и младинците – ударници од Егејската младинска работна бригада.

За секоја бригада пионерите извеле приредба, а младинците гости, на лице место, виделе што знаат децата и колку грижа се посветува за нивното културно-просветно изградување. Притоа, тие виделе како живеат децата, и согледале дека децата имаат нормални услови за живеење, дека не е вистина тоа што го зборуваат непријталите на нашата земја за животот на тие деца, и дека ги имаат сите услови за учење и сестрано издигање на својот мајчин македонски јазик.

А, по повод манифестацијата “Недела на Црвениот крст”, одржана во Цриквеница, весникот “Глас на Егејците”, донесува специјален прилог за тоа. Во него, меѓу другото е истакнато дека во детскиот дом во кој се сместени, живеат и се школуваат децата бегалци од Егејска Македонија во Цриквеница, постои организација на подмладокот на Црвениот крст во кој членуваат сите деца.

Според правилата, главната задача на подмладокот е да се грижи за хигиената како општа така и лична кај членовите, истите да ги запознава со основните хигиенски правила, преку предавања да ги запознава со разни болести, а членовите да се допишуваат со други организации.

Покрај погоре споменатите должности, членовите на организацијата на подмладокот презеле обврска да учествуваат во прославата на "Неделата на Црвениот крст". За време на одбележувањето на манифестацијата, тие организираа и дадоа 4 доста успешни приредби.

Фолклорната група даде една приредба за учениците од градот, една за граѓанството, и две за народот од околните места Нови и Селце.

Со тоа децата бегалци сместени во домот во Цриквеница, ја изразија својата благодарност кон Црвениот крст на НР Хрватска и Југославија, за огромната грижа што им ја посветуваат и им овозможуваат да им биде што подобро.

**УЧЕНИЦИТЕ БЕГАЛЦИ ОД САМОБОР НА ЛЕТУВАЊЕ ВО ОХРИД**

Следењето на активностите и животот на децата бегалци во домовите во НР Хрватска, НР Словенија, НР Србија и АП Војводина, како и оние домови од НР Македонија, беа секогаш грижа на весникот "Глас на Егејците". Така, може да се рече, дека немало новоизлезен број од гласилото, а во него да не се пишува за нив. Таков е случајот и со децата бегалци од Егејска Македонија, прифатени и сместени во детскиот дом во Самобор, НР Хрватска, кои допатувале на одмор во Охрид. Со тоа се гледа и грижата што ја полагала државата, што е можно повеќе да им создаде добри услови за нивниот развој. Во текстот се вели:

- Сите ученици од стопанскиот ученички дом во Самобор, Македонци од Егејска Македонија и Хрвати, го поминаа својот заеднички одмор на летување во Охрид. Тие беа сместени во летовалиштата "Горица" и "Св. Стефан". На одмор останаа 22

дена, а времето го поминаа во капење, шетање и читање. За време на летувањето тие ги посетија околните места и се запознаа со културно-историските споменици, со кои изобилува овој крај. По завршувањето на одморот тие испратија писмо до редакцијата на “Глас на Егејците”, во кое изјавуваат дека се многу задоволни од одморот во Охрид и дека сега со нови сили ќе се зафатат со учење.

## ЖИВОТ – СОБРАН ВО ВРЗУЛЧИЊА

Сеќавањето за пристигнувањето и сместувањето на децата бегалци од Егејска Македонија во детскиот дом во Цриквеница, НР Хрватска, на Илинка Ољача, мажена Вуковиќ, е повеќе од драгоцена, од едноставна причина што можеме преку него да ја видиме и доживееме драмата што се случувала на “другата страна” од бегалската голгота. Имено, нејзиното сведоштво е точно тоа – како се гледало и постапувало со децата во тие драматични мигови, и како оние што биле задолжени им посветиле дел од животот на децата бегалци – да ги чуваат и одгледуваат. Еве го нејзиното сведоштво:

- Бев шеф на кујната во хотелот во Цриквеница, кога еден ден ме повика нашиот управник Тома и онака доверливо ми рече:

- Слушај мала, утре ни доаѓаат многу несекојдневни гости. Бев малку збунета, наразбрав, но тој само тивко рече: - Ќе видиш, подготви се.

Следуваа состаноци за соодветна подготовка. Така дознав, ни доаѓаа “деца бегалци од Егејска Македонија” кои треба да ги прифатиме за да закрепнат и да се соземат од сето што им се случувало. Нешто ме жегна во срцето, ми го стегна грлото и како да немаше доволно воздух за мене. Следуваа забрзани подготовки за прифаќање и сместување на децата. Во кујната мораше да биде, како никогаш дотогаш.

А, тие требаа да пристигнат со брод од Риека, па јас, одвреме-навреме, истрчував на терасата од хотелот за да го видам пристигнувањето на бродот. Најпосле се слушна бродската сирена. Истрчав на терасата. Таа глетка никогаш нема да ја

заборавам: морето мирно, зајдисонце, а точно под него, колона деца фатени за рачиња се движи кон нашиот хотел. Нивните малечки тела, полека дисциплирано, во потполна тишина, се движеа како веќе сеедно да е што се случува со нив. Во мене како нешто да пукна, и како од душата да ми излезе крик, посилен и од најсилната грмотевица. Во тој миг почуствував сосема јасно, дека навистина некого чекам, кој ми значи повеќе од сè. Се стрчав по скалите кон децата. Кога ги гледав децата кои ми доаѓаа во пресрет, како да се гледав себе си. Сликата беше потресна. Деца облечени речиси во парталчиња и секое носеше во своите слаби рачиња, по врзулче, со некакви дребулии, но тоа беше сето нивно богатство. Нешта што ги врзуваа за нивниот дом кој го немаа повеќе, за нивните родители за кои не знаеја каде се, или уште пострашно, кои можеби повеќе и ги немаат. Можеби затоа и така силно си ги стегаа своите врзулчиња, како во нив да го носат сиот свој живот и минатото и сегашноста, иднината и надежта. Кутрите беа толку исцрпени од долгиот пат, стравот од претрпеното и неизвесноста. Нивните очи беа некако безлични, како да гледаат во празно, но само навидум. Кога се загледав, видов неизмерна тага, болка, страдење, страв, очај и бескрајно чувство на немоќ. А јас и понатаму, пребарував по бледите и испиени детски лица. Децата влегуваа во хотелот, фатени за рачиња, двајца по двајца, нема слика за човечката тага, несреќа, страдење и болка. Ги сместивме по собите, по две деца во еден кревет или пак повеќе деца во споени кревети. Сè уште бев бескрајно тажна и страшна болка ми ги кинеше градите.

Но, кога почна вечерата и кога децата седнаа крај масите, се случи нешто многу убаво и навистина чудесно – се слушна детски џагор, отпрвин тивок, а потоа, сè погласен и погласен. Го почуствував тоа, како да се вратил повторно животот. Како нешто повторно да се родило и тивка среќа го обзема моето срце. Почуствував дека животот е посилен од сè, ништо неможе да го сопре, да го победи.

Таа уште се сеќава:

- За неколку дена децата како да се привикнаа малку, па почнаа да се однесуваат сè повеќе како деца. Настојував секој слободен

миг да им го посветам ним, да им пружам нешто што и самата го немав добиено како дете: љубов, барем малку љубов и разбирање. Честопати си играв, со децата на терасата од хотелот, која беше доволно голема за да не збере сите. Ги собирав околу себе, а тие кутрите како да ја пиеја мојата љубов, љубовта на мајката која беше кој знае каде?

Еден ден само ми пријде едно тивко детенце, кое не зборување многу, но сакаше да биде покрај мене. Мислам дека се викаше Ангел. Оттогаш, иако имавме по малку проблеми во меѓусебната комуникација, честопати бевме зедно, а Ангел не сакаше да се оддели од мене. Еден ден здогледав на брегот осамено дете, кое си играше во песокот, кое во своите мечти беше кој знае каде и кој знае со кого? Му пријдов, па си поигравме малку. Тоа детенце исто така, се приврза за мене. Мислам дека се викаше Коста.

Се трудев колку што можев и умеев, со оглед на моето осакатено детство, да им помогнам на децата бегалци, со кои ете живеев извесен период од мојот живот. Но, сега знам дека и тие тогаш, иако за тоа не беа свесни, ми помогнаа многу и мене.

Меѓу првите со кои стапив во контакт беше една жена, за мене тогаш веќе возрасна. Се викаше Стефанија Мичева и нејзиниот маж Атанас. Жена која со своите деца беше бегалец од Егејската Македонија. Често пати со саати си ги кажувавме своите судбини кои ги имаа истите обележја: болка, страдања и мака...

За изучувањето занает во Осиек, НР Хрватска, сведоштво имаме од Христина Тамбова, мажена Петровска. Таа е една од повеќето девојки, кои дошле во овој град и по школувањето што траело од 1949 до 1952 година, се стекнале со дипломи за занает. Се вратиле со Скопје како квалификувани работнички и веднаш се вработиле во повеќе фабрики. Таа вели:

- Во 1948 година бевме принудени да го напуштиме родното село Косинец. Покрај мене беа уште и мојата постара сестра, братучетката и уште многу други деца од Костурскиот дел на

возраст од 11-15 години. Точно кажано, тоа беше втората група која тргна од Егејска Македонија, кон НР Македонија.

Тргнавме голоноги и пешки до селото Љубојно – Ресенска, па потоа со камиони до Битола, каде преспавме.

Со товарен воз стигнавме во Браилово – Прилепско, и по неколку дена појдовме во село Слепче, во манастирот, каде останавме 30 дена. Со воз стигнавме во Скопје и пешки до Матка, каде не сместија во манастирот. За сиот овој период од селото Љубојно до село Матка, се грижеше Црвениот крст на Скопје.

По повеќемесечен престој во Македонија, Црвениот крст не предаде на Српско-Хрватскиот црвен крст и престојувавме во Цриквеница. Таму бевме сместени во хотелите. Потоа правеа селекција, малолетните деца беа издвоени од поголемите и беа упатени во Бела Црква - АП Војводина.

Јас не отидов со помалите деца, бидејќи не се делев од мојата постара сестра – Елена. Потоа, над 80 девојчиња бевме упатени во Осиек, на изучување занаети, а јас бев определена за шивачкиот занает. Школувањето траеше од 1949 до јули 1952 година.

Наобразбата беше на српско-хрватскиот јазик. Заради тешкотиите што ги имавме со изучувањето на јазикот, испративме барање до Министерството за просвета на НР Македонија да ни бидат испратени учители од Македонија, кои требаше да ни помогнат околу јазичното толкување. Барањето ни беше исполнето. Така, успешно го завршивме нашето образование, благодарение на нашите учители: Љупчо, Вера и Даница.

Наша желба беше да се вратиме во Македонија, која Владата ни ја исполни и бевме вработени во нашите струки.

Искажувам голема благодарност до тогашниот Црвен крст, кој се грижеше за целиот период на нашиот престој во детските домови и интернати, како и за нашето школување...

## НА ВИСТИНСКИОТ ПАТ

Меѓу просветните работници-учители, што беа испратени да изведуваат настава на мајчин македонски јазик во основните училишта што постоеја и работеа во детските домови, а беше релизирано од страна на Министерството за просвета на НР Македонија, е и Љубомир Галевски, квалификуван учител со завршена учителска школа. Тој, поради потребите, иако бил определен за учител во АП Војводина, наместо да замине таму, бил испратен во Осиек. Причина за ова решение е искажаната непослушност од страна на штитениците деца бегалци, поточно девојчиња сместени во детскиот дом во Осиек. Тој, за ова се сеќава:

- Во август 1949 година, се појави револт кај штитениците од детскиот дом во Осиек. Тоа беше пред сè, резултат на веќе присутната жестока информбировска кампања против Југославија од една , и влијанието на грчките учители (беа двајца – учителка и учител) во домот во Осиек, од друга страна. Да го кажам и тоа дека во тоа време, во домот во Осиек беа сместени 107 штитенички, од кои 86 девојчиња – Македонки и 21 девојче од грчка националност. Тие одбиваа да јадат, се бунтуваа... Проблемот особено се изостри кога една група одбија да јадат, а казанот со јадењето го фрлија на улица. На ова реагираа, мислам сосема оправдано, граѓаните, така што не само поради оваа постапка, туку воопшто, однесувањето на штитениците се најде на дневен ред дури и на ОК на КПХ за Осиек. За ова беше запознат и Југословенскот Црвен крст и Министерството за просвета на НР Македонија. Но, она што мене најмногу ме изненади беше фактот што на повеќето состаноци, на кои се обидував да ги убедам згрижените штитеници, да не го прават тоа што го прават, сите зборуваа на грчки јазик. А, ваму најголемиот број од нив беа – Македончиња. Меѓутоа, во една прилика, сосема неочекувано, девојката Димана прозборе на македонски јазик. Тоа беше доволен знак, таа да признае дека не може повеќе да издржи да зборува на грчки јазик и дека сите девојчиња сместени во домот зборуваат на македонски јазик, но дека им е страв тоа да го прават од грчките учители. Се виде дека стравот беше победен,

и оттогаш сè тргна во позитивна насока. Беа отфрлени заканите од страна на грчките учители, а девојчињата продолжија да зборуваат само на мајчиниот македонски јазик, но и прифатија да бидат дисциплинирани...

Учителот Љубомир Галевски уште истакнува дека по расчистувањето со оваа за жал, негативна појава, еден број од штитениците биле распоредени за престој во други детски домови во другите републики (Бела Црква, Крањ, Скопје и др.), каде што го продолжиле своето школување, учејќи некој занает. А, тој пак, бил преместен на работа во интернатот во Стењавац кај Загреб. Во тамошниот дом биле сместени 47 деца багалци од машки пол, кои своето образование го продолжиле учејќи занает во фабриката “Јединство”. Но, неговата приказна незавршува тука. Дацата-штитеници од Стењевац биле преместени во детскиот дом во Самобор, а со нив отишол и ја продолжил својата работа учителот Љ. Галевски.

ПЕТТИ ДЕЛ

## ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР СЛОВЕНИЈА

- Шишка
- Борл кај Птуј
- Стара Гора
- Дутовље
- Мекиње
- Шент Вид

## ПРВИТЕ ПРИФАТИЛИИШТА

Првиот детски дом, односно прифатилиште за децата бегалци од Егејска Македонија во НР Словенија е отворен, односно почнал со работа во 1948 година во Шишка. Во него првите 166 деца бегалци дошле на 11 август 1948 година, преземени од детските домови што постоеле и работеле во АП Војводина и тоа: 16 од Вршац, 25 од Банатско Пландиште и 125 деца од Бела Црква. Од нив, 81 биле од машки и 85 од женски пол на возраст од 3 до 7 години. Со нив дошле и 6 жени "мајки" и 6 младинки придружнички, кои ги донеле од селата од Егејска Македонија и ги придружувале до тука.

Пред да дојдат децата бегалци во новиот дом, тие престојувале 15 дена во Загреб, каде што им била пружена медицинска помош и лекување, и за тоа време биле извршени сите подготовки за нивно прифаќање во Шишка. Прифатилиштето имало привремен карактер, а тука децата бегалци останале само 14 дена, по што биле преместени во Борл кај Птуј, каде што исто така, привремено биле сместени во еден детски дом. За нивниот престој и сместување се грижел Црвениот крст на НР Словенија.

Прифатилиштето во Шишка било затворено на 25 август 1948 година.

Воспитно-образовната работа во детскиот дом во Шишка ја изведувале македонските учители Душан Георгиевски, Љубен

Апостоловски и Методија Наумовски и учителките Косара Галевска и Даница Баснаркова.

Исто така, бил привремен и детскиот дом во Борл кај Птуј. Отворен бил на истиот ден кога децата дошле од детскиот дом во Шишка.

Децата бегалци во Борл престојувале повеќе од три месеци, а на почетокот од декември 1948 година, повторно биле преместени во новоотворените детски домови на Словенечкиот Црвен крст што биле прилагодени специјално за оваа намена во Стара Гора и Дутовље. По нивното иселување бил затворен домот во Борл.

На почетокот од април 1949 година отворено е ново прифатилиште за децата бегалци во Мекиње, кај Камник, НР Словенија. Овде биле прифатени децата што доаѓале од детските домови од НР Хрватска, и тука за почеток биле сместени 40 деца дојдени од детскиот дом во Црквеница. Од Црквеница биле прифатени уште 23 деца бегалци, а во прифатилиштето биле сместени уште 32 деца дојдени пред тоа, така што на крајот од април 1949 година, во детскиот дом во Мекење биле згрижени 95 деца бегалци од Егејска Македонија.

Но, децата од овој дом во мај 1949 година, повторно биле преместени од ова прифатилииште и сместени во детските домови на словенечкиот Црвен крст што постоеле во Дутовље, Стара Гора и Шент Вид.

Прифатилиштето во Мекиње е затворено на крајот од мај 1949 година.

Треба да се одбележи дека првите деца бегалци од Егејска Македонија во НР Словенија пристигнале во август 1948 година, откако претходно биле прифатени и живееле во детските домови во АП Војводина. Исто така, и овие деца биле веднаш прифатени и сместени во прифатилиштата во Шишка и Борл, по што народната власт и Словенечкиот Црвен крст извршиле подготовки за отворање на постојани детски домови во Стара Гора кај Горица и во Дутовље.

## ДЕТСКИОТ ДОМ ВО СТАРА ГОРА

Детскиот дом во Стара Гора е отворен при крајот на ноември 1948 година и во него биле сместени деца што дошле од прифатилиштето во Борл и деца бегалци дојдени од детските домови во НР Хрватска. Од 330 деца што дошле во НР Словенија во време од 11 август до 25 ноември 1948 година, во детскиот дом во Стара Гора биле сместени 136 деца бегалци, а останатите во детскиот дом во Дутовље.

Меѓутоа, бројот на децата бегалци во овој дом во мај 1949 година се зголемил на 195 деца бегалци, од кои 194 биле од македонска националност, а едно дете од влашка народност. Но, бројот на згрижените деца во домот во Стара Гора постојано се зголемувал, така што во средината на октомври 1949 година во домот веќе биле прифатени и сместени 212 деца, од кои 96 од машки и 116 од женски пол. Од овој број, исто така, 84 биле на претшколска возраст, а 128 од школска возраст, а со нив биле дојдени уште и 19 жени “мајки” и девојки што се грижеле за нив.

Треба да се истакне уште и ова: во детскиот дом во Стара Гора имало и двајца учители кои наставата ја изведувале на мајчин македонски јазик, а истите ги имало испратено Министерството за просвета на НР Македонија.

И овој детски дом во средината на септември 1949 година го посетила македонска делегација на чело со Петар Здравковски, секретар на Владата на НР Македонија. Домот во октомври истата година го посетил и Филип Николовски од Скопје, којшто извршил инспекциски надзор врз училишната и воспитна работа, а домот го посетиле и други функционери на Црвениот крст на Југославија.

Децата сместени во детскиот дом во Стара Гора потекнувале од околиите Лерин и Костур, и во него во 1950 година, биле сместени 148, а во 1951 година 167 деца бегалци, како и 9-те “мајки” што дошле со нив.

При  крајот на март 1952 година, 86 деца од овој детски дом биле испратени во детските домови во Сајлово и Бела Црква, со што престанал со работа домот во Стара Гора. Од почетокот на април 1952 година со одлука на Главниот одбор на Црвениот крст на НР Словенија детскиот дом во Стара Гора, бил затворен.

## ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ДУТОВЉЕ

Детскиот дом во Дутовље - НР Словенија е отворен на 25 ноември 1948 година. Во него биле сместени деца бегалци кои дотогаш престојувале во други прифатилишта и деца кои штотуку доаѓале во НР Словенија.

Во детскиот дом во Дутовље, за кого се грижел Црвениот крст на НР Словенија на почетокот од декември 1948 година примил 194 деда, од кои 156 од македонска националност, а 34 од грчка народност. Во мај 1949 година, бројот на децата сместени во овој дом бил 154 деца и 15 жени бегалки односно “мајки”, коишто дошле со децата, а на почетокот од октомври истата година, во домот престојувале 181 дете бегалец и 15 жени од кои 6 Македонки “мајки” и 9 Гркинки.

Децата бегалци сместени во детскиот дом во Дутовље биле од следните села:

| | |
|---|---|
| Арменско | Жупаниште |
| Блаце | Крчишта |
| Бесфина | Котори |
| Брешчани | Кономлати |
| В’мбел | Крушоради |
| Габреш | Лак |
| Галиште | Лудово |
| Герман | Медово |
| Желево | Ошчима |
| Оровник | Трсје |
| Раби | Трново |
| Рудари | Штрково и |
| Тиолишта | |

Детскиот дом во Дутовље имал доволно простории и инвентар, така што грижата за сместените деца била на висина, а храната квалитетна и обилна затоа што домот располагал и со своја економија. Во домот биле вработени 28 словенечки работници.

Во детскиот дом во 1949 година престојувале, односно биле заедно со децата бегалци, и следните “мајки”, кои дошле заедно со нив:

Митра Германчева
Ристана Лазарова
Парашка Панова
Катина Маркова
Тена Бундова
Марија Шулевска и
Митра Колова

И овој дом во септември 1949 година го посетила македонска делегација во состав: Петар Здравковски, Ристо Јанкуловски, Василка Чесова, Василка Дивкова, Филип Николовски и Томе Крстовски. Исто така, овој дом го посетил и инспекторот за просвета Благоја Кондарко од Скопје.

Во октомври 1949 година, во домот во Дутовље е одржано советување на сите управници и сметководители од детските домови за децата бегалци од Егејска Македонија. Семинарот го водел Димитрије Гончаров, началник на финансиското одделение на Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија, бидејќи сите детски домови во кои биле сместени децата бегалци од Егејска Македонија, биле во надлежност на оваа институција.

Во декември 1950 година, детскиот дом во Дутовље го посетила и делегација од Комитетот на Егејците во Скопје во состав: Динко Делевски, Атанас Кировски, Стерија Вангелова и Спиро Мечкаров.

Во 1951 година овој дом и сите домови за децата бегалци на Црвениот крст на Југославија го посетила делегација од Шведскиот Црвен крст на чело со професорот д-р Ерих Холмберг. Покрај оваа делегација, детските домови во кои беа сместени децата бегалци од Егејска Македонија под Грција, биле посетувани и од повеќе странски делегации со цел да се

утврди вистинската положба за нивното сместување, одгледување и школување. Притоа, секогаш делегациите во своите пишувани извештаи истакнувале дека власта во Југославија вложува максимални напори и средства и има создадено добри услови за прифатените деца бегалци и нивното школување. Со тоа, се демантирале бројните гласини што се ширеле не само од грчка страна туку и од владите на источноевропските земји, во кои исто така, биле прифатени деца бегалци.

На почетокот од учебната 1949/50 година, а со одлука на Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија, било решено децата од македонска националност да бидат однесени од детскиот дом во Цриквеница во детскиот дом во Дутовље, за да можат да ја следат наставата на мајчин, македонски јазик, а 38 грчки деца и 8 “мајки” од Дутовље да појдат во детскиот дом во Цриквеница.

Меѓутоа, под влијание на информбировската кампања, грчките жени и деца искажале незадоволство, односно се побуниле и од половина пат за Цриквеница, повторно биле вратени во детскиот дом во Дутовље. Но, бидејќи веќе македонските деца биле дојдени и сместени во детскиот дом во Дутовље, за повратените грчки жени и деца привремено била адаптирана една кафеана за нивно сместување и престој. Во неа останале да престојуваат сè до декември 1949 година, а потоа биле испратени во детскиот дом во Боговаѓа – НР Србија, каде што биле сместени останатите деца од грчка националност.

Поради репатријацијата бројот на децата бегалци во 1951 година, значително се намалил во детските домови во НР Словенија и НР Хрватска, по што тие биле затворени, а малиот број на деца биле испратени во детскиот дом во Бела Црква.

Детскиот дом во Дутовље престанал со работа на крајот на септември 1951 година.

На поччетокот од февруари 1949 година е отворено детско прифатилиште и во Окрогло, место северно од Љубљана. Во него биле сместени 26 деца. Прифатилиштето служело како

летовалиште за оправување, бидејќи во него доаѓала на опоравување деца не само од детските домови на Црвениот крст на НР Словенија, туку и од детските домови што постоеле во другите републики.

Покрај опоравилиштето во Окрогло, исто така, вакво опоравилиишште за закрепнување на болни деца било отворено и во близина на Бела Црква, во подножјето на планината Карпати.

Во опоравилиштето во Окрогло во 1952 година, престојувале деца од детските домови во Сајлово, Цриквеница, Стара Гора и Бела Црква. Во него била добро организирана здравствената служба, така што децата брзо здравствено закрепнувале и се опоравувале, а потоа се враќале во детските домови.

Во Окрогло во средината на февруари 1952 година, е одржана конференција на сите управители на детските домови во НР Словенија на која се расправало за репатријацијата на децата бегалци со нивните родители.

Опоравилиштето во Окрогло постоело 3 години, а е затворено на 18 март 1952 година. На денот на затворањето, во опоравилиштето престојувале 38 деца, од кои 22 биле упатени во детскиот дом во Шент Вид, 12 во детскиот дом во Бела Црква и 2 деца во детскиот дом во Сајлово.

## ОД ДЕЦАТА ШТО ЗАМИНАА ЗА АВСТРАЛИЈА

На 26 октомври 1952 година заминаа, за Австралија група од 56 деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија, чии родители се наоѓаа таму. Пред заминувањето од името на групата младинката Олга Иванова го кажа следното:

- Другари и другарки,

Ние децата од Егејска Македонија што бевме принудени да ги напуштиме своите домови и семејства поради Граѓанската војна во Грција и ѕверските бомбардирања од страна на монархофашистите на мирното население, најдовме уточиште и братска помош во Федеративна Народна Република Југославија.

Југословенскиот Црвен крст направи сè за нас уште од првиот момент кога ја поминавме границата па сè до сега. Нè стави во домови, ни даде можност да учиме на својот мајчин јазик, нè хранеше и облекуваше како најдобра мајка.

Напуштајќи ја Југославија и нашата слободна татковина Народна Република Македонија, благодарни за грижите на народната власт, ветуваме дека никој нема да го заборави сето тоа што го сторија за нас. Меѓу нас има деца што во своите села беа овчари, а денеска во Југославија станаа квалификувани работници. Многу од нас бевме неписмени, а сега знаеме да читаме и пишуваме на својот мајчин јазик.

Овдека во Југославија, ние имавме можност преку писма да го следиме животот на нашите браќа и сестри, што се наоѓаат во информбировските земји. Тие ни пишуваа дека сме ние среќни што останавме во Југославија каде што се води најмногу грижа за младото поколение. Тие ни пишуваа дека од тамошните власти биле принудени да учат на грчки јазик, дека биле воспитувани да се борат против своите родители и браќа. Во некои писма отворенио ни пишуваа дека не им веруваат на информбировците, дека сакаат да дојдат во Југославија, но не можат тоа јавно да го кажат. На нив им говорат дека во Југославија владее фашизам и други лаги.

Другари и другарки, нас и на нашиот напреден свет ни е познато многу добро што се гради во Југославија. Никој и никакви клевети и лаги не неможат и не ќе можат да не убедат па макар и тие да се речени од некои таканаречени “големи луѓе” дека југословенските народи не градат социјализам.

Ние, таму преку океанот, искрено ќе говориме за сè што видовме во Југославија. Во Југославија другари и другарки се гради социјализам, се гради поарен живот, среќна иднина за нејзините народи и младото поколение. Тоа не можат да бидат никакви лаги и клевети никакви захаријадисовци или на нив слични предавници со своите тврдења.

Од името на децата што одат кај своите татковци и мајки, јас најискрено и од сè срце им благодарам на југословенските народи и на нивната влада, а најповеќе на другарот Тито, кој најмногу води сметка за младото поколение, за сè што тие сторија досега за нас и што ни овозможија да одиме кај своите мајки и татковци.

Длабоко му благодарам и на Црвениот крст на Југославија, што директно беше заинтересиран за нас.

## РОДИТЕЛИТЕ МИ ГИ ДАДОА ДЕЦАТА

Еве уште едно сеќавање за голготата што децата бегалци ја доживејаа, откорнати од родните огништа. Раскажува Славка Делјанова-Карлевска, која убаво се сеќава на патешествието што го поминала:

- Од Бапчор тргнавме во месец мај 1948 година, на ден Велигден и по истиот пат како и другите групи деца од нашето село. Стигнавме во Бела Црква и тука децата беа поделени. Јас со неколку мали дечиња бев испратена во Стара Гора во Словенија, а Елена Делјанова и Ристана Боршова со поголемите деца ги однесоа во Чехословачка. Во Стара Гора имаше околу 200 деца, а ние одговорните жени бевме само седум од Егејска Македонија. Другиот персонал што се грижеше за децата беше од Словенија.

Бапчорци мене ме пуштија со децата најмногу поради барањето на родителите на децата кои знаеја дека јас сум жена на маж кој долго време се наоѓа во туѓина, во Австралија.

Во мојата група ги имав овие дечиња: Доста Делјанова, Лозана Делјанова, Софка Делјанова, Танас Димиров, Софка Кочова, Доста Кочова, Ристана Кочова, Коста Огненов, Коца Пејкова, Коле Пејков, Ристо Пеов, Мите Пеов, Томе Римпапов, Василка Трпина, Коле Фотин, Ињо Фотин.

# ШЕСТИ ДЕЛ

## ДЕТСКИ ДОМОВИ И ПРИФАТИЛИШТА ВО НР МАКЕДОНИЈА

- Битола
- Браилово
- Скопје
- Прилеп
- Куманово
- Матка
- Петровец
- Валандово
- Љубојно
- Струга

## ВО СЛОБОДНИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Од документацијата со која располагаме се гледа дека од 1 април до 10 мај 1948 година од Егејска Македонија во НР Македонија пребегале 912 деца. Истите ги презел Југословенскиот Црвен крст и ги сместил во детските домови во Вршац, Банатско Пландиште, Стража и Бела Црква во АП Војводина. Исто така, во 1948 година низ НР Македонија поминале 11.934 деца кои се испратени во источноевропските земји. Во оваа година уште 3.184 деца бегалци со нивните родители, заминале и се населиле во Гаково и Крушевље во АП Војводина.

Во НР Македонија во првата половина од 1948 година имало околу 5 илјади деца бегалци, а од тој број околу 4.080 деца биле заедно со своите родители сместени во повеќе места од Републиката. Точно поради пристигнувањето на нови и нови групи деца бегалци од Егејска Македонија, Црвениот крст на НР Македонија и Министерството за социјални грижи, биле принудени да отвораат нови домови и прифатилишта, како што е тоа случајот со домовите во Матка и во селото Петровец кај Скопје.

Како што погоре истакнавме, прифаќањето на децата бегалци од Егејска Македонија во НР Македонија беше организирано и координирано од народната власт, а се изведуваше со неискажана љубов кон децата бегалци, што беа толку многу пропатиле, пешачејќи и по стотина километри и криејќи се од постојаните бомбардирања.

По приемот и по лекарските прегледи што задолжително се вршеа над нејаките деца, истите беа распоредувани во неколку отворени прифатилишта и детски домови.

По избивањето на Резолуцијата на Информбирото, во 1949 година, грчките партиски раководители што дотогаш живееја во Булкес, поттикнувани и поддржувани од кампањата во источноевропските земји се обидоа на секаков возможен начин да внесат раздор меѓу децата бегалци од Егејска Македонија. Тие во тоа успеаја кај грчките деца бегалци и кај сосема мал и занемарлив број македонски деца бегалци. Овие деца во домовите во коишто беа згрижени почнаа да го реметат куќниот ред, да внесуваат нетрпеливост меѓу штитениците, да ги поттикнуваат на отворено незадоволство и бунт и др. По согледувањето на овие состојби беше решено 248 деца од детските домови на Црвениот крст во НР Хрватска и НР Словенија, меѓу кои имаше и младинци и младинки да бидат упатени во Скопје. Најголем број од оваа група учеа одделни занаети и живееја во домовите за ученици од стопанството.

По нивното доаѓање во Скопје оваа мала група деца и понатаму продолжила да создава немири, па така истата е разделена на два дела. Македонските деца што сакале да учат или да се стекнат со некој занает се задржани во Скопје, а грчките деца и младинци што се изјасниле дека не сакале да учат се однесени во Боговаѓа во НР Србија. Поради нив тука е отворен детски дом. Исто така од оваа група на 22 октомври 1949 година се одвоени 29 младинки, 4 младинци, 2 помали деца и 3 жени – Гркинки и се упатени во прифатилиштето во Куманово, за кое се грижело Министерството за социјални грижи на НР Македонија. Но, и тука оваа група продолжила со своите негативни испади и изјаснувајќи се дека не сакаат да учат или да се стекнат со некој занает, упорно барајќи да бидат

испратени во тогашна Чехословачка. Тие исто така, на 15 јули 1950 година до Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија во Белград, упатиле претставка во која барале да се здружат со останатите грчки деца што во тоа време биле сместени во Ковиљ или Чуруг. Претсавката ја потпишале со ЕПОН (Организација на грчката младина). Ситуацијата во овој дом станала драматична кога на 17 август 1950 година, штитениците предизвикале нереди во домот, упорно барајќи да бидат упатени во Чехословачка, тврдејќи дека таму им се родителите. Бидејќи југословенскиот Црвен крст дотогаш немаше добиено никакви молби од нивните родители за соединување, врз што можеше да ги испрати, до тоа не дојде. Ваквото образложение на управникот на домот Киро Пешевски грчките штитеници не го прифатија, по што уследи донесување на одлука од страна на Централниот одбор на Црвениот крст во Белград со која прифатилиштето во Куманово се затвора, а групата бегалци се упатува во детскиот дом во Чуруг, АП Војводина.

Прифатилиштето во Куманово е затворено на 25 август 1950 година.

Детскиот дом во Матка крај Скопје го отвори Црвениот крст на Македонија во соработка со Министерството за социјални грижи, во мај 1948 година. Во домот беа сместени 332 деца бегалци од претшколска возраст и деца до 14 години. Со нив беа и 10 жени “мајки”, кои придружувајќи ги децата од своите села ја напуштиле Егејска Македонија и ја преминале југословенската граница.

Детскиот дом во Петровец кај Скопје е отворен на почетокот од октомври 1948 година. Во него биле сместени 208 деца бегалци од училишна возраст. Меѓутоа, децата сместени во овој дом не го посетуваа основното училиште во Петровец затоа што зградата беше мала и со недоволен простор да ги прими децата бегалци, а во неа работеше само еден учител, кој што исцело беше зафатен со селските деца.

## УШТЕ ЕДЕН ДОМ ЗА БЕГАЛСКИТЕ ДЕЦА

За отворањето на детскиот дом во Петровец наоѓаме уште едно сведоштво во весникот “Глас на Егејците”. Во текстот се вели:

- Минатиот месец во 1948 година, во село Петровец скопско, се отвори детски дом исклучиво за бегалски деца од Егејска Македонија. Домот е предвиден за 60 деца. До сега се испратени 16, а наскоро ќе бидат испратени и другите деца. Домот беше отворен со грижите на Народната власт, односно на Министерството за социјални грижи на НРМ, кое го осигури со потребниот инвентар како кревети, ќебиња, чаршави, маси, кујнски инвентар и др. Освен тоа министерството дополнително му додели, поголеми количини јајца и млеко во прав, како и кашкавал.

Со доаѓање во домот на секое дете му беше поделено по едно ново облекло, чевли, кошули и др. Целиот персонал се бегалци Егејци со исклучок на воспитачите. За управник е поставен Аргир Кузовски, офицер од бившата ДАГ.

Егејчињата навикнаа веќе на домскиот живот и затоа ни говорат со радост и задоволство. Заинтересираноста и топлата љубов на персоналот има толку длабок одраз кај децата што нив ги сакаат како свои родители.

Меѓу персоналот на домот се наоѓа и Јордана Лебанова од село Сетина, Леринско. Нејзината црна шамија и меланхоличен образ издаваат некоја болка. И навистана, таа е тешко ранета. Нејзиниот маж загина како борец на ДАГ. Надеж и радот и беа нејзините деца, 11- годишната Вангелија и 10 - годишниот Ѓорѓи. Пред граѓанската војна во Грција за да ги спаси своите деца, таа беше ги испратила децата заедно со децата на другите мајки во Унгарија. Сега тие се наоѓаат далеку од неа. И кој знае како живеат таму, мисли кутрата мајка. Колку ќе сакаше и таа како мајка да си ги има до себе своите деца, да си играат и учат тука, заедно со децата во домот! А колку има такви егејски мајки, на кои информбировците насилно им ги држат децата далеку од нив, игнорирајќи го мајчиното право спрема своите деца, задавајќи им таква тешка болка! Но, еден ден тие ќе мораат да им ги вратат децата на своите родители и да положат сметка пред погодените мајки.

Децата бегалци од Егејска Македонија што беа сместени во детските домови во Матка и Петровец, беа од следните места:

| | |
|---|---|
| Жупаниште | Рудари |
| Д'мбени | Штрково |
| В'мбел | Лок |
| Старичино | Ошчима |
| Мокрени | Бесвина |
| Езерец | Статица |
| Лобаница | Аетос |
| Крчишта | Герман |
| Дичишта | Крушоради |
| Света Недела | Оровник |
| Трсје | Котори |
| Лудово | |

Бидејќи во НР Македонија бројот на децата бегалци од Егејска Македонија постојано се зголемуваше, а имаше недостаток на простор за сместување беше побарано од Централниот одбор на Југословенскиот Црвен крст да овозможи прифаќање на деца бегалци од НР Македонија во другите републики. Така, на 13 ноември 1948 година од детските домови во Матка и Петровец се однесени 421 дете бегалец со 13 жени “мајки” во НР Хрватска и се сместени во новоотворениот дом на Црвениот крст во Цриквеница. Исто така, една мала група грчки деца бегалци од овие два дома е однесена во Булкес, АП Војводина и сместени во тамошниот детски дом.

На 15 декември 1948 година е укинат детскиот дом во Петровец крај Скопје, додека домот во Матка продолжил и понатаму со работа.

Во детскиот дом во Матка во април 1949 година биле сместени 40 деца бегалци од 6 до 12 години. Во домот покрај управникот и административниот службеник уште работеле и еден учител, готвач и две собарки, исто така, дојдени од Егејска Македонија. Но, во мај 1949 година по налог на Министерството за социјални грижи на НР Македонија, децата од овој дом се

преселени во детскиот дом во Прилеп, така што домот во Матка престанал со работа во јуни истата година.

Прифатилишта за децата бегалци од Егејска Македонија во 1948 година имаше и во Љубојно, Браилово и во некои други места во НР Македонија. Постарите деца од овие прифатилишта се упатени да учат занает, 60 деца во детскиот дом во Цриквеница, а 120 деца во домот во Булкес.

Детскиот дом во Прилеп е отворен на 12 мај 1949 година, под патронство на Црвениот крст и Министерството за социјални грижи на НР Македонија. Во домот најпрво се сместија 40 деца што дотогаш беа сместени во детскиот дом во Матка, а беа преземени нови деца бегалци од прифатната станица во селото Браилово. Збор станува за 65 деца дојдени во Прилеп, а уште 25 деца бегалци дојдоа од Скопје, Велес и Кочани. Исто така, во детскиот дом во Прилеп беа сместени и деца бегалци,чии родители веќе беа сместени и живееја во Галичник.

На крајот од ноември 1949 година во детскиот дом во Прилеп беа сместени 110 деца бегалци, од кои 20 деца беа од 3 до 7 години, 74 деца од 7 до 14 години и 16 деца постари од 14 години. Од нив 88 ги имале и двајцата или еден родител, веќе дојден во НР Македонија, 17 деца бегалци ги имале двајцата родители останати во Егејска Македонија под Грција, додека 4 деца бегалци ги имале двајцата или еден родител што живееле во Полска, а само 1 дете било без родители.

Децата бегалци од Егејска Македонија сместени во детскиот дом во Прилеп беа од следните места:

| | |
|---|---|
| Аетос | Загоричани |
| Апоскеп | Кромни |
| Буф | Кула |
| Герман | Мокрени |
| Горничево | П’пли |
| Гуменџа | Трсји и |
| Желево | Чеган |
| Забрдени | |

Односно од Леринската, Воденската, Костурската, Драмската и Солунска околија.

Но, во средината на 1950 година Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија решил да го расформира детскиот дом во Прилеп. За согледување на состојбите формирал своја комисија и 2 нејзини членови Димитрије Гончаров, началник на финансиското одделение и Милица Памучина, службеничка во Централниот одбор на југословенскиот Црвен крст, дошле во Прилеп и на 26 август одделиле 33 деца на школска возраст и ги испратиле во детските домови во Бела Црква. Исто така, истиот ден, од Прилеп се упатени уште 11 деца од претшколска возраст со придружба во детскиот дом на Црвениот крст во Стара Гора, во НР Словенија. Исто така, 10 деца биле предадени на своите родители, додека повеќе родители поради немање на поволни услови за сместување и средства за живот не се одзвале на поканата од детскиот дом во Прилеп да си ги земат своите деца. Ова особено се однесува на родителите што биле сместени во Галичник.

Точно поради ваквиот став на некои родители, Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија донесол одлука според која децата ги давал доколку утврдел дека им се живи и двајцата родители и живеат во Југославија, додека пак ако детето бегалец имало само еден родител кој живее во Југославија, во тој случај тоа било задржувано и понатаму во детскиот дом.

Но, со ваквиот став и со разрешувањето на прашањето за децата бегалци и нивното составување во семејството, не се сложил повереникот за социјални грижи при Околискиот народен одбор во Прилеп, како и главниот одбор на Македонците од Егејска Македонија во Скопје, истакнувајќи аргументи дека сè уште не се создадени поволни просторни и материјални услови за составување на семејствата и преземањето на децата од детските домови.

Од детскиот дом во Прилеп на крајот од јануари 1951 година 30 деца биле упатени да учат занает од нив 10 деца биле преместени и сместени во “11 Октомври” во Скопје, а 20 во

интернатот “Томе Железарчето” во Битола. Со ова на овие деца им било овозможени да се образуваат во стручни школи и да се стекнат со занает. Овој потег бил максимално поддржан од тогашниот министер за просвета Димче Мире и од министерот за социјални грижи Реис Шаќири при владата на НР Македонија и од Димче Делевски, началник на управата за бегалци при Министерството за социјални гриижи.

По предавањето на 31 дете на родителите на крајот од јануари 1951 година, детскиот дом на Црвениот крст на Македонија во Прилеп е заворен.

Исто така, детски дом беше отворен во Валандово во 1952 година и за истиот се грижеше Министерството за социјални грижи на НРМ. Во 1953 година во домот престојуваа 238 машки и женски деца од 8 до 16 години. Тие беа главно собрани од другите детски домови, и тука престојуваа пред да бидат дадени на родителите, што живееја на разни места. Ова беше потребно, затоа што родителите се уште ги немаа потребните услови за живот што требаше да им ги обезбедат на своите деца за живот и развој.

Управници на детскиот дом беа: Глигор Тодоровски и М. Павловски. Згрижените деца во овој дом побегнати од Егејска Македонија под Грција беа од следните места:

| | |
|---|---|
| Арменско | Неокази |
| Асано Село | Нивице |
| Баница | Овчарани |
| Бапчор | Ошчима |
| Буф | Попожани |
| Герман | Прокопана |
| Горничево | Раково |
| Горно Котори | Р’би |
| Долно Котори | Рудари |
| Емборе | Секулево |
| Желево | Сетина |
| Крушоради | Трново |
| Кула | Чеган |
| Негочани | Штрково |

Сите од Леринска околија. Потоа од селата:

| | |
|---|---|
| Габреш | Невин |
| Жиговиш | Пљашчишта |
| Косинец | Прешчани и |
| Личишта | Четирог |
| Мокрени | |

Од Костурска околија, како и од следните села:

Бахово
Југунци
Пожарско
Родиво
Тушима и

Чернишево од Воденска околија.

Во детскиот дом во Валандово беа сместени децата бегалци кои од 1948 до 1952 година престојуваа во детските домови на Црвениот крст во Бела Црква, Цриквеница, Стара Гора и други домови. Децата сместени во домот во Валандово покрај редовното школување развиваа и бројни вонучилишни активности. Во домот постоеше хор, фудбалска секција и библиотека, а децата редовно беа водени да гледаат кино престави.

На 7 октомври 1952 година домот за деца бегалци во Валандово го посети Бент Оман, делегат на Црвениот крст од Шведска. Тој во својот извештај посветен на работата на детскиот дом во Валандово меѓу другото, го има напишано и ова: “Од пооделното испитување на поголем број деца утврдив дека во овој дом се наоѓаат поголем број на деца кои имаат родители во Југославија, потоа мал број деца чии родители не се во Југославија како и некои фолкдојчерски и српски деца”.

Бројот и структурата на децата бегалци во домот во Валандово во 1953 година изнесуваше 229 македонски деца од Егејска

Македонија, потоа едно дете од Србија како и 8 германски, фолкдојчерски деца од Војводина.

## ДЕТСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА

Отворањето на детскиот дом за децата бегалци од Егејска Македонија беше одбележано со посебен текст, објавен во весникот “Глас на Егејците”. Во текстот си вели:

- Од први јануари 1951 година е отворен детски дом во Битола со цел да се прибераат децата од оние семејства на бегалците кои се многу многудетни, како и децата сирачиња без еден родител. До сега домот има 92 деца, а наскоро бројот на децата ќе се зголеми на 120. Тука децата ги имаат сите услови за својот сестран развиток. Еден дел од децата учат во основното училиште “Свети Климент Охридски” а поголемите одат во гимназија. Управата на домот ги снабди сите деца со книги и друг школски прибор и по една школска чанта. Децата имаат фолклорна и играорна група, а припремаат пиески. На љубителите на фудбал им е купена топка. На децата им е обезбедена облека, како и добра храна. За правилната нега и воспитување на децата, домот располага со персонал од 14 души. Раководителот на домот е Егеецот Спиро Лезовски од село Жупаништа – Костурско, кој полага особена грижа за децата и се грижи како за свои.

Со отворањето на домот народната власт на НРМ решава уште еден проблем за децата и покажува на дело колку е голема нејзината грижа и помош за бегалците. Родителите и децата што се наоѓаат по домовите се длабоко благодарни затоа што на нивните деца им е осигуран сестран развиток без никакви трошоци на родителите.

Во интернатот “Томе Железарчето” во Битола биле сместени: Гоче Банушевски, Мице и Пецо Брзовски, Крсте Василев, Митко Глуиевски, Вангел Димитров, Васил Јапрановски, Стево Кирков, Крсто Кирковски, Ставре, Фоте и Сотир Кондовски, Мице Кроневски, Герман Ланговски, Цоне Мангаров, Васил Наумовски, Ахилеј Папанаумов, Коста Пишеларов и Типе Тоцев.

## ЕГЕЈЧИЊА ОД ДЕТСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА НА ЛЕТУВАЊЕ ВО БУКОВСКАТА ШУМА

Уште еден новинарски текст објавен во весникот “Глас на Егејците” сведочи за напорите што ги вложувала тогашната власт да им овозможи на децата бегалци не само пристојни услови за живеење и школување, туку и да ги испрати на летување за време на летниот распуст. Така, и овој пат весникот пишува за летувалците од детскиот дом во Битола, кои престојувале во Буковската шума.

- Деведесет и седум деца од Детскиот дом на бегалците од Егејска Македонија во Битола, од 23 јуни се наоѓаат на летување во буковичкиот манастир “Свети Сотир”.

Јаката храна и чистиот планински воздух ги јакне децата телесно и им дава нови сили. Веќе тие се поправени по повеќе килограми, а своето време го посветуваат на фискултурни и други игри и учење.

На сите деца при доаѓањето во манастирот им се доделени летни патики и куси панталончиња. Домот располага со разни фискултури реквизити, а децата имаат организиран свој фудбалски тим, што често го победува фудбалскиот тим од СРЗ-Буково.

Во шахот се истакнуваат најповеќе Кузман Мицевски, Васил Шапаков, и др.

Наутро, од 8 до 10 часот, децата слушат разни предавања од наставниците како по историја, географија, физика, и друго. После се слободни а од 1 до 4 часот спијат или се одмораат, и од 4 до 6 продолжуваат со предавања. Слободното време го посетуваат на игри и развивање на нашиот фоклор, на народни ора, песни, рецитации, и друго, како и организирање на приредби. Организираат исто така и весели вечери што траат до 9 часот.

Колку е голема грижата на народната власт се гледа од тоа што на децата им е овозможено да го проведат летото на чист воздух во планина, повеќе од 70 дена, и за секое дете народната власт определила месечно по 4.000 динари.

Децата издаваат и свој ѕиден весник во кој посебно внимание посветуваат на чистотата, дисциплината и потребата од совладување на предавниот материјал. Тие имаат и своја поштенска кутија. По ѕидовите на салите каде спијат децата имаат напишано пароли: “Да живее Политбирото на ЦК КПЈ на чело со другарот Тито”, “Да живее Југословенската армија – буден чувар на нашите граници” и други. Високо се веат македонските и југословенките знамиња, а сликите на другарот Тито и Лазо паѓаат на прв поглед на секој посетител.

## ДОМ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО “11 ОКТОМВРИ”

Еден од многубројните детски домови формирани во НР Македониј по ослободувањето, со цел да се приберат сирачиња од војната како и деца без родители е домот “11 октомври” во Скопје. Домот е формиран 1947 година по иницијатива на ГНО.

Во овој дом од вкупно 93 штитеници има и 69 Егејчиња меѓу кои и 40 девојчиња.

Другарот Душан Павлов воспитач во домот, млад човек и свесен за својата должност, меѓу другото ни го кажа и следното:

- Децата тука вршат две корисни за нив работи: учат занает и школа. Животот во домот е организиран така што тој им овозможува на децата сестрано да се развиваат. Стануваат рано и после утринската фискултура доручкуваат и потоа секој си оди на својот занает. Обично работат по пет часови. По ручекот се одмораат, а потоа учат. Управата на домот им помага на децата да го совладаат предаданиот материјал, полесно и подобро. Потоа одат во вечерно училиште.

Трошоците за секој ученик-чка кои изнесуваат од 2.500 до 2.800 динари паѓаат на товар на ГНО – Скопје. Од нашата

заработувачка децата добиваат 20% во готово, а останатата сума оди во касата на домот. Годишно децата добиваат по 3 чифта кондури. Годинава секој доби по едно одело и две кошули, а лани по едно работничко одело. Секој има свој кревет и две ќебиња, јорган, душек и по два чаршафа. Редовно одат на кино и на бања.

Управата со помош на народната власт лани ни ги испрати сите деца на летување во село Тресонче, Дебарско, цел месец, а годинава исто така, ќе бидат испратени на летување. За 1 мај се организира излет во околината на Скопје и им се подарија нови алишта. Управата е задоволна од општиот успех на учениците. Тие, во првото полугодие постигнаа успех 3,8 и до крајот на учебната година ќе се трудат да го зголемат. На крајот на учебната година, учениците, во прв ред најдобрите, ќе бидат наградени со школски прибор и книги.

Ги прашавме децата како се чувствуваат во домот и каков им бил животот дома. Александар Дурмовски еден од најдобрите ученици ни вели:

- Јас сум од село Герман. Брат ми загина како борец на ДАГ на Грамос за слободата на својот народ, а моите блиски се наоѓаат распрскани во разни информбировски земји. Работам во Радио центар и се трудам да ја совладам тајната на техниката, сакам да станам мајстор. Учам и се развивам онака како што јас сакам, а никогаш немаше да ги имам овие услови за развиток и учење во моето родно место.

Одличниот ученик Коле Михајловски од село П’пли, Преспанско, ни кажа:

- Јас сум длабоко благодарен на народната власт. Потекнувам од бедно македонско семејство. Таму се скапувавме од работа и пак бевме боси, голи, и гладни. Други го пљачкаа нашиот труд. Никогаш не бев повеќе облечен и нахранет. Учам занает, школо и се воспитувам на мојот јазик.

Во домот има и партизани од бившата ДАГ. Тука е Кољо Гроздановски од село Герман. Тој се бореше во Малимади,

Вичо и Снежниќ. Герман Попповски од село Никли – Преспанско, беше курир на штабот и кога тешко се разболе, се лекуваше во југословенска болница.

Стефан Мишков од село Љумница – Ѓумешичко, е партизан од 1946 година, зеде учество во многу бројни борби и беше ранет четири пати. Кога беше тешко ранет, се лекуваше во југословенска болница. Мишков е благодарен на народната власт за грижите што таа ги полага за сите Егејчиња и веќава дека сите ќе се трудат да станат добри мајстори и по тој начин да придонесат во изградбата на земјата.

Во домот "11 октомври" биле сместени: Цана Такова, Ката Голчевска, Фанија Јанкулова, Мара Камшикова, Лена Кронева, Ноца Појтова, Лена Субашева, Лена Танева, Вангелија Фјорова и Мара Шапрданова.

## ИСПОЛНЕТИ БАРАЊА

Како што истакнавме, а како резултат на информбировската кампања и на партиско политичките грчки фактори во Булкес, тие се обидоа со лаги и невистини да ги подбуцнуваат децата бегалци од Егејска Македонија стационирани во одделни детски домови во НР Хрватска и НР Словенија. Притоа, "ефектите" беа краткотрајни. Децата бегалци по националност Грци и сосема мал број македонски деца бегалци ги прифатија лагите и невистините и демонстрираа негативни постапки (кршење на инвентар, искажување непослушност, подбуцнување на другите деца и заведување и тие да се бунтуваат и др.).

Затоа, Централниот одбор на Црвениот крст на Југославија донесе одлука одреден број деца и младинци бегалци сместени во некои домови во НР Хрватска и НР Словенија да ги донесе во Скопје. Желбата беше, во новата средина, тие да престанат со ваквите негативми појави и да се вклучат активно во натамошното школување и изучување на занаети.

Така се роди и идејата во Скопје да бидат сместени одреден број деца, младинки и младинци бегалци од Егејска

Македонија. Реализацијата на оваа идеја почна со испраќањето на 139 деца од детскиот дом од Цриквеница, како и 21 ученик во стопанството сместени во домот во Герово. Кон оваа група се приклучија уште 21 ученик од Осиек, 50 од Крањ и 15 младинки и младинци од Загреб. Нивниот вкупен број, како што може да се види изнесува 246 штитеници.

Составот на оваа група што дојде во Скопје е следна: 119 деца бегалци беа по националност Грци и стари до 14 години, 3 деца беа Македонци, или вкупно 122 деца бегалци. 49 младинци од 14 до 18 години беа Грци по националност, додека 72 Македонци или 121 младинец и младинки и младинци над 18 години имаше 3 Грци и 2 Македонци или вкупно 5 младинци и младинки над 18 години.

Овие бројки ја покажуваат и следната состојба: во групата што дојде од НР Хрватска и НР Словенија 171 беа Грци по националност, 77 Македонци или вкупно 248, од кои 163 од машки и 85 од женски пол.

По доаѓањето децата бегалци штитеници беа распоредени и сместени во два скопски дома, и тоа: во домот "Кузман Јосифовски Питу" биле сместени 77 машки деца до 14 години, 52 женски деца и 5 младинци постари од 14 години. Во домот-интернат на средното индустриско училиште биле сместени 86 машки и 28 женски деца и младинци и младинки. Но, за жал, и покрај одличниот прием на децата бегалци штитеници, тие и во Скопје продолжиле со предизвикувањето немири, притоа гласно искажувајќи го своето незадоволство со барање за нивно испраќање во источноевропските земји.

За да се надмине оваа состојба во октомври 1949 година, од оваа група се одделени 29 женски деца и младинки, 2 деца бегалци и 4 младинци од грчка националност, значи вкупно 35 и со трите жени Гркинки се испратени во домот во Куманово. Тие во овој дом останале до 22 август 1950 година, по што повторно ќе бидат преместени и сместени во детскиот дом во Чуруг, АП Војводина.

Во средината на октомври 1949 година, исто така, е формирана нова група од 136 грчки деца и младинци и младинки и однесени во детскиот дом во Боговоѓа, во НР Србија. Од нив 84 биле машки и 52 женски деца бегалци. Тие во детскиот дом во Боговоѓа останале до 3 март 1950 година, по што ќе бидат преместени во детскиот дом во Ковиљ, кај Нови Сад. Штитениците од двата скопски дома од исти причини се преместувани како и оние од Куманово.

Меѓутоа, треба да се истакне дека во Скопје останаа 77 младинци и младинки од македонска националност, кои увидоа дека грчката и источноевропската пропаганда ја искривуваат сликата за животот во домовите и воопшто за грижата што ја пројавувала тогашната народна власт во републиките во кои беа сместени и во Југославија во целина. Тие се изјаснија дека сакаат да си го продолжат своето образование, а некои од нив пак, да се стекнат со занаети во Скопје.

Ваквата определба на македонските деца бегалци ја прифатиле и 65 младинци и младинки сместени во детскиот дом во Цриквеница, во НР Хрватска и побарале да дојдат во Скопје и да го продолжат своето школување. Но, треба да се истакне дека на 25 ноември 1949 година, извршено е и спојување на 3 младинци и 2 младинки со нивните родители, додека 2 младинци биле сместени во Инвалидски дом, а 2 во интернатот на Учителската школа во Скопје.

Да го кажеме и тоа дека на крајот од 1949 година во Скопје беа донесени од НР Хрватска и НР Словенија 102 младинци, 30 младинки или вкупно 132, кои биле сместени во интернатите на училиштата во стопанството.

Така, во домот "Кузман Јосифовски-Питу" во Скопје виле сместени следните младинци:
Герман А. Анѓелковски - П'пли,
Гоче М. Атанасов - Р'би,
Васил Атаносов – Личишта,
Насе Белимов – Крушоради,
Ристо М. Бекиров – Тушин,
Геле К. Белчев – Мокрен,

Панајот П. Бешлиев – Сакулево,
Левко М. Благов – Патели,
Петре Г. Бојчев – Струпино,
Фоти З. Булгуров – Жељин,
Минела Н. Велјанов – Баница,
Васил Н. Гелев - П’пли,
Насе С. Грачев – Долно Котори,
Никола Н. Грозданов и Коле С. Данчов – Герман,
Васил К. Делевски – Буковик,
Ристо Н. Ѕерѕев – Потарос,
Ѓорѓи М. Делјанов – Бапчор,
Лазо П. Даневски – Крушороди,
Митар П. Дуков – Мокрени,
Алексо Ц. Дурловски – Герман,
Ване В. Златанов – Јаворјани,
Ристо Ј. Јанчев, Петре Г. Капуличев – Неред,
Дане Е. Караданов – Нивице,
Ристо Ф. Колев – Буф,
Коста Ф. Колев – Буф,
Трајко К. Костов – Буковик,
Лазо П. Колчев – Чеган,
Крсто Т. Кркачев – Овчарани,
Ристо К. Левендов – Бобиште,
Ване К. Манчов – Долно Котори,
Васил Г. Maџев – Герман,
Алексо Б. Маџев – Вандово,
Кољо А, Нуив - П’пли,
Атанас С. Миленцов – Бапчор,
Стефан Д. Мишков – Лобаница,
Ване К. Манчев – Долно Котори,
Леонидо Касков – Езерец,
Коле Н. Нинков – Мокрени,
Стојан В. Мишилов – Лог,
Јорго Л. Пандов – Кономлати,
Васил П. Панков - Д’мбени,
Вангел Ф. Пановски – Нивице,
Фоте К. Петков – Медово,
Вангел М. Питропов – Герман,
Герман Н. Поповски – Нивице,
Вангел С. Поповски – Герман,

Ване Т. Рестанов – Корнишор,
Коле Ј. Русев – Сетина,
Ставре С. Рушев – Горенци,
Васил Л. Сларкин – Нерет,
Михајло Д. Скипа – Аетос,
Митре Р. Соломонов – Статица,
Ламбро К. Чалдарев – Кондоропи,
Ване М. Чапканов – Нисја,
Коле К. Џимлев – Герман,
Коле М. Шапев – Мокрени и
Пандо Г. Шушев – Патели.

Во Графичката школа во Скопје биле:

Коља С. Безов – Жупаниште,
Ристо В. Влашки – Герман,
Јани А. Врачев – Негочани,
Коле Н. Грамов – Крушоради,
Ристо Г. Кајчевски – Герман,
Јорги В. Кимов – Нерет,
Јани В. Корнов – Чеган,
Спиро А. Лазаровски – Руља,
Васил Т. Лаовски – Герман,
Христо Н. Маљевски – Герман,
Михајло Л. Мацев – Герман,
Коле М. Мечкаров – Герман,
Киро К. Миланков – Долно Котори,
Кото Н. Рајков – Герман,
Ташо К. Пановски - В’мбел
Јани С. Пановски - В’мбел,
Кице В. Салдаров – Кондоропи,
Сотир Д. Стојанов – Руља,
Георги Г. Тануров – Бахово,
Кузе Ф. Тргачев – Буф и
Вангел В. Џуклев – Герман.

Во Електростопанство:

Георги Г. Андоновски – Крчиште,
Аргир М. Барков – Сребрено,

Георги В. Барков – Сребрено,
Спасо Н. Делов – Жупаниште,
Гоче Т. Димитров – Жељин,
Ристо П. Дросов - Д’мбени,
Наум И. Жундовски - Д’мбени,
Павле Ј. Карачов - Д’мбени,
Коле Т. Кичевски – В’мбел,
Коловски Гиро – Жупаниште,
Васил Р. Масев – Сребрено,
Васил А. Пандов – Коломлати,
Васил С. Расчаров – Кономлати,
Ињо Н. Саров - Д’мбени,
Насе Р. Таревски - В’мбел и
Јорго Л. Терсијев - Д’мбени.

Во текстилната школа “Кузман Јосифовски Питу” учеле:

Василка М. Апчева – Баница,
Љуба С. Безова – Жупаниште,
Василка П. Боглева – Герман,
Јордана Н. Кајчовска – Герман,
Катерина А. Карамичова – Изглибе,
Цвета И. Менчева – Герман,
Софија Т. Радева – Бахово,
Архонда Ф. Скуманова – Буф,
Панајота Б. Тамбова – Косинец,
Анда В. Темелкова – Герман,
Ангелина Х. Хаџиева – Повар,
Томанија А. Цветкова – Буф и
Јана А. Чопова – Струпино.

Во училиштето “Вера Циривири-Трена” учеле:

Христа В. Богданова – Бапчор,
Дора С. Вангелова – Крчишта,
Ставрула Л. Вориози – Крчишта,
Невенка Н. Дачева – Страичино,
Благојка И. Мангелова – Апоскеп,
Ива И. Менчева – Герман,
Трајанка Л. Миовска - П’пли,

Хриса Ј. Наковска – Крчишта,
Димана Т. Панова – Жупаниште,
Мара М. Папатерпова – Несторион,
Донка Т. Сакулова – Буковик,
Лета Х. Стасина – Жупаниште,
Катина К. Фирбова – Теолиште и
Вангелија К. Џогова – Баница.

Во домот “11 Октомври” се:

Дора Н. Машинска - В’мбел и
Ставрула Т. Трифуновска – Крчишта.

Во Инвалидскиот дом се:

Јоше К. Мечкаров – Буковик и
Вангел Н. Поповски – Герман.

Во Учителската школа се:

Вангел Ц. Лелифанов – Герман и
Георги В. Мангов – Жупаниште.

Во Шумскиот техникум учеле:

Васил К. Адамулов – Лудово,
Мито Ј. Кунелов – Ѓановени и
Иван К. Теновски – Крчишта.

На 25 ноември 1950 година на родителите им се предадени:

Димитар В. Сапунџиев – Воден,
Петре Р. Бакушев - Р’би
Митра Д. Јолева – Кожарско,
Гена К. Мусманова - Д’мбени и
Мице Г. Поповски – Ковулево.

Во учебната 1954/55 година од НР Србија односно АП Војводина, поточно од детските домови во Бела Црква со цел да

го продолжат своето образование и учење занает во Скопје се испратени следните младинки:

Во домот “11 Октомври”:

Кала Коле Аргирова, родена 1938 – Ошчима,
Вангелија Танас Албажова, родена 1938 – Медово,
Филарети Андрија Афкова, 1936 – Лудово,
Петре Бекировски,
Дора Петре Георгова, 1939 – Рудари,
Атинка Крсте Георгијева, 1939 – Рудари,
Атинка Павле Ѓамова, 1939 – Трсје,
Донка Коста Дамулева, 1936 – Лудово,
Санти Алекса Дамовска, 1939 – Габреш,
Павле Коце Делков, 1939 – Долно Котори,
Санти Ристо Кочева, 1940 - Р’би,
Алексо Кајчевски,
Лика Стефе Кировска, 1937 – Желево,
Ники Алексо Константинова, 1938 – Штрково,
Софија Маркулева,
Василка Ристо Матина, 1936 – Лаген,
Софија Ристе Попова, 1937 - Р’би,
Сондра Трајко Поповска, 1938 - Р’би,
Тона Георги Попова, 1937 – Трсје,
Сондра Пајкова,
Афродита Крсте Стојанова, 1939 – Медово,
Вангел Стојановски,
Ксантипи Стилова,
Софија Танас Трајкова, 1936 – Лаген,
Велика Стеге Цанева, 1936 – Зеленичево и
Ники Цецова.

Во Занаетчиско-градежното училиште учеле:

Гоче Васил Будовски, роден 1938 – Желево,
Миќо Георги Влахов, 1939 - Д’мбени,
Крсте Стерија Влахов, 1939 - Д’мбени,
Јани Коцо Вавица, 1940 – Керасиес,
Миќо Лека Дамовски, 1939 – Медово,
Васил Дупјакотис,

Михаил Кајчевски,
Лефтер Калков,
Ахилеас Каридис,
Георгиос Каридис,
Вангел Киријазопулос,
Лазарос Ксантопулос,
Емилиос Каридис,
Павлос Лазаридис,
Коста Ристе Лумбуровски, 1937 – Желево,
Козмас Маропулос,
Лазо Ристе Марковски, 1938 - Д'мбени,
Иво Таша Митанов, 1938 – Желево,
Пандиљ Ставре Миланков, 1940 – Долно Котори,
Гоче Крсте Миланков, 1938 – Долно Котори,
Sosи Ничопулос,
Ристо Петре Николов, 1938 - Р'би,
Иво Фоте Пандов, 1936 – Трсје,
Ристо Панде Пандов, 1936 – Трсје,
Лазарос Пантелејмон,
Василиос Панајотидис,
Костас Пападопулос,
Димитар Рашев,
Вангел Ристе Стерјов, 1938 – Медово,
Периклија Никола Топалов, 1939 – Герман,
Емилиос Фотијадис и
Лазар Иван Шопов, 1940 – Горно Котори.

По згриѓувањето на децата бегалци, младинците и младинките од Егејска Македонија во Скопје, направен е напор некои од нив што дошле од детските домови во Бела Црква да го продолжат своето образование во Гимназијата и во Учителската школа "Браќа Миладиновци" во Битола. Тие во исто време биле сместени во Интернатото на Учителската школа.

Во Учителската школа во Битола се школувале:

Уранија Маџева,
Менка Пајкова,
Василка Барова,
Танча Јанковска,

Тона Пандова,
Олга Петкова,
Вангелија Стерјова и
Павлина Стефова.

Во битолската Гимназија своето школување го продожиле:

Герман Пајков,
Вангел Бабинкостов и
Фани Палевски.

## ДЕТСКИ ДОМ ВО СТРУГА

Уште еден детски дом за децата бегалци од Егејска Македонија бил отворен во НР Македонија. Овој пат тоа бил детскиот дом во Струга. И, за него има новинарски прилог објавен во весникот “Глас на Егејците”. Во него е забележано:

- На десниот брег од реката Црни Дрим при истекот од Охридското Езеро во Струга, се наоѓа детскиот дом “Гоце Делчев” кај што се сместени најмладите бегалци. Домот е сместен во две згради на двата брега на реката. Минувачите кои изутрина брзаат на работа не можат да не го забележат нивниот бурен живот, токму при нивното утринско станување и подготвување за своите задачи преку денот.

Домот е отворен на 1 март 1950 година кај што се згрижени 60 деца од 7-16 годишна возраст. Сите деца учат во основното училиште и гимназијата. Секое дете е обезбедено со по две рала алишта, две чифта кондури и други детски потреби.

Домот располага со 9 души административен, воспитен и помошен персонал кои го ускладуваат целокупниот живот и работа на децата во домот со пропишаниот куќен ред и дневниот распоред за работата во домот.

Точно во 6 часот ги буди свирката од дежурниот пионер. Децата стануваат и почнува фискултурата. Со утринската фискултура кај машките раководи младинецот Ристо, а кај женските дежурната пионерка. Под раководството на

воспитачката фискултурата ги освежува децата во раните езерски утра заборавајќи на напатениот живот. По завршувањто на фискултурата секој брзо оди во спалната што поубаво да го намести својот кревет, дотерувајќи ги чаршавите и ќебињата. А потоа – миење и припремање за појадок во 7 часот. После појадокот строени во ред со песни заминуваат на училиште. Секој ученик е снабден со потребните училишни предмети, книги и тетратки. Пред ручекот еден час и после ручекот од 2 саатот во домот се одржуваат часови за припремување на уроците за другиот ден. За правилното користење на слободното време домскиот пионерски совет има направено распоред. Во домот е организирана библиотека и читална со разни книги, детски списанија и весници. Во слободното време во читалната се читаат разни книги, се играат разни игри како "Не се лути човече" и шах. Пионерите имаат организирано и разни групи како хорска, фолклорна, фискултурна, цртачка, литерална, природонаучна и моделарска. Сите овие групи работат редовно: припремаат разни песни, ора, цртежи и модели што кон крајот на учебната година ќе бидат изнесени на изложба и ќе биде дадена приредба. Фискултурната група има два фудбалски тима, четири одбојкарски групи кои изведуваат разни фискултурни натпреварувања. На шаховскиот турнир во домот учествуваат сите ученици меѓу кои и најмладите шахисти. Најголем интерес при играње шах покажуваат Јано Љанго, Васил Пљасков, 7-годишни ученици кои при играње стратегиски го ценат секој направен потег на фигурите и го следат текот на играта.

На пионерската конференција за правомајското натпреварување дадена е обврска од сите пионери дека крајот на учебната година ќе го дочекаат со одличен и многу добар успех; ќе издадат ѕиден весник, со доброволна ударна работа ќе работат на уредување и исчистување на домските простории. Во текот на првомајското натпреварување отпочна со работа и курсот за брза помош што го посетуваат 20 повозрасни ученици. Учителите во училиштето се задоволни од нивните одговори на часот.

Евентуалната недисциплинска појава или некултурна постапка од некој пионер се забележува од дежурниот пионер и

одговорниот по хегиена и во согласност на началникот на одредот, пионерскиот раководител и воспитачката таа се запишува во наредбената книга на пионерите. По вечерата се чита наредбената книга во која се изнесуваат добрите примери и недисциплинските пројави. За лошите примери им се дава рок за поправање и помош од сите пионери.

Весело го прославија денот на пролетта, а уште повесело го пречекуваат Први мај, кога ќе им бидат разделени новите празнични алишта.

Наоѓајќи се покрај Охридското Езеро тие се припремаат после завршување на учебната година правилно да го искористат летниот распуст на плажа. Бодри, со весела насмевка на лицето и песни, нив весело им поминуваат детските радости. На прашањето од управителот за тоа како живеат, тие постојано одговараат: “Управителе, задоволни сме само треба ние да го оправдаме со нашето учење и да станеме вистински градители на татковината.”

Со тоа нашата народна власт згрижувајќи ги децата и создавајќи им вакви можности им дава правилен духовен и физички развој да станат свесни градители на својата татковина.

## ДЕТСКО ЛЕТУВАЛИШТЕ ВО ОХРИД

Веќе кажавме дека децата бегалци од повеќе детски домови го користеле летниот одмор во некои одморалишта. Така е и со децата бегалци од повеќе домови, кои, како што се гледа, престојувале во Охрид. За нивниот престој наоѓаме извештај исто така, во весникот “глас на Егејците”. Во него, меѓу другото, пишува:

- Патувајќи со бротче од Охрид кон одморалиштата, патникот се занесува од убавата глетка на езерото и околината. На прв поглед паѓа летовалиштето во Горица (каде сега летуваат студентите) и големото синдикално одморалиште “Орце Николов”, каде летуваат стотини трудбеници од цела

Југославија, а малку понатаму е неговата пространа зграда на детското летовалиште.

Песни, свев, радосни гласови се слушаат од далеку. Тука се одмора и весело си го поминува времето нашето најмило и најниско младо поколение – Титовите пионери. Зградата на детско летувалиште е довршена во 1948 година и може да прими во секоја смена по 250 и 300 пионери-ки. Домот располага со резервни фискултурни реквизити за одбојка, фудбал, кошарка, ватерполо, разни детски играчки: шах-сала со 30 масичиња, библиотека со 750 книги и др. Управата на летовалиштето за деца често организира излети во град Охрид, Струга, ги посетуваат музеите и другите страни на околината – хидробиолошката станица за оплодување на риби, натпреварување меѓу групите и др. По овој начин времето на децата им станува забавно и се збогатуваат со знаење.

Првата смена во домот покажува голема активност во фискултурните натпреварувања и во просветната работа. Тие дадова меѓу другото три приредби и во одбојка ги победија групите на пионери од Калиште со 15:0 и групата од пионерскиот одред “Карпош” кој логорува таму со 5:2 и 10:0.

Колку корисен им беше одморот на децата во летовалиштето се гледа од следната таблица: децата од 6 до 10 години од првата смена добија во тежина просечно 2,1 килограм, од 10 до 14 години – 4 килограми и од 14 години нагоре -5 килограми. Благодарејќи на добрата храна тие се опоравуваат и го засилуваат своето тело.

Во дестското летовалиште сега летуваат и 61 македонски девојки од стопанското училиште во Осиек, 14 девојки од домот за ученици во стопанството “11 Октомври” од Скопје, потоа 15 егејчиња од стопанското училиште во Самобор и 5 од Загреб. Сите се бујни и радосни што можат толку убаво да си го поминат слободното време.

Еден од учениците од Самобор – Ставре Димовски од село Косиец, Костурско, од името на децата ни кажа:

- Сите ние бевме принудени да го напуштиме нашето родно место зашто монохофашистите како збеснети шакали се нафрлуваа на нас, нè убиваа со нивната артилерија и со авионите, или пак нè грабаа на сила за да нè седнат во Логорите на Фридерики. Во Југославија не само што најдовме засолниште, но ни се овозможи да продолжиме со учење и тоа на нашиот македонски јазик. Веќе се наоѓаме пред крајот на нашето стручно и школско оспособување. Сите станавме учени и со квалификации како автомеханичари и друго и по тој начин си ја осигуруваме нашата иднина и ни се дава можност да помогнеме и во нашиот поробен народ. Во нашите места каде господарат монархофашистите, сите ние бевме осудени да пасиме овци и свиње, или да работиме по нивјето, а нашиот труд да го грабаат други.

Од името на девојките, другарката Олга Калејчева од село Морчишта, откако ги повтори истите причини, ни додаде:

- Ѕверствата на монархофашистите се неопишливи. Тие меѓу другото го убија татко ми, една студена мартовска ноќ, дома, и ја измачија мајка ми. Јас, се разбира, не можев да останам дома, ниту пак можам да го заборавам тоа злосторство. Сега сум во Осиек, заедно со други 60 девојки од нашиот крај. Сите се одпособуваме стручно и учиме. Уште една година и, ете, ќе бидеме способни за работа, секој спрема својата квалификација. Од нас има ткајачки, плетачки, и фризерки. Лани бевме во Охрид, во одморалиштето Горица и многу убаво поминавме. Ете, и оваа година тука ќе одмораме 21 ден и кога ќе се вратиме ќе имаме нови сили за учење и работа. Вакви услови долу неможевме да имаме.

Управителката на домот другарката Тануера ни кажа:

- Сите девојки се живи и способни. Во работата се меѓу првите, не заостануваат и во учењето. Имаме 11 одлични, а повеќето се со многу добра оценка. Учителите и управителите на претпријатијата каде работат, се многу задоволни од нив.

## МАСОВНО ШКОЛУВАЊЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ

Грижата на народната власт во НР Македонија, што ја покажуваше по однос на децата бегалци од Егејска Македонија не се изразуваше само преку доброто сместување, исхрана, облека и друго, туку и преку максималното ангажирање за нивно школување во основните и средните училишта и во училиштата за ученици во стопанството. Дека е така најдобро ни покажуваат податоците со кои располагаме, а според кои во 1951 година биле сместени во интернатите за ученици во стопанството и учеле занает 137 ученици и ученички во Скопје. Реализацијата на оваа програма била под непосредна грижа и раководство на Министерството за труд и Министерството за социјални грижи на НР Македонија.

Но, овој процес на оспособување и образование на децата бегалци, младинците и младинките, исто така, максимално се остварувал и во НР Хрватска. Според расположливите податоци се гледа дека во 1951 година во Загреб се школувале 13, во Самобор 25 и Осиек – 70 ученички и ученици.

Во 1951 година во Југославија се школувале 245 ученици и ученички за повеќе занаети и за работа во стопанството. И ова се однесува само на оние деца бегалци што дошле без родители. Нивната гриижа за сместувањето, престојот и школувањето целосно ја има преземено Југословенскиот Црвен крст во соработка со републичките Црвени крстови.

Во следната 1952 година во Нови Сад се школувале 40, а во Белград 31 ученик и ученички во стопанството. Таа година од Осиек се испратени 52 девојки кои успешно ги завршиле училиштата за стопанство во Скопје со цел да и помогнат на македонската текстилна индустрија. Школувањето на овие ученички траело 3 години. Исто така, во Скопје дошле и група младинци кои веќе завршиле тригодишни училишта за занаети во Загреб и во Самобор со желба да се вклучат во процесите на производство и да го помогнат индустрискиот развој на НР Македонија.

Треба да се истакне дека децата бегалци, односно штитеници беа присутни во Бела Црква се до 1958 година, поточно до 1960 година кога 6 штитеници изучуваа занает. Од тогаш веќе нема

штитеници во детските домови во Бела Црква, но затоа пак бројот на штитениците што го продолжиле учењето на некој од повеќето занаети во разни училишта од стопанството, продолжиле во НР Македонија.

Така, по 1948 година во НР Македонија биле уште 29 штитеници што го завршувале школувањето до 1966 година. Сите тие, до последно дете бегалец и штитеник останаа во надлежност и грижа на Југословенскиот Црвен крст, како и на власта во НР Македонија, кои вложуваа максимални напори не само за нивно школување туку и за репатријација на истите со нивните родители и семејства во Македонија и пошироко во светот.

Интересно е да се спомене дека во 1956 година повеќе ученици од детските домови во Бела Црква го продолжиле своето школување во НР Македонија. Збор станува за 46 штитеници кои се школувале во следните училишта:

- Во Учителската школа во Битола – 8 ученици.

- Во Скопје 2 ученици се школувале во Индустриското училиште, исто толку се образувале во Средното музичко училиште, 11 ученици биле во Градежното училиште, 4 ученици ја следеле наставата во Среднотехничкото училиште, а 19 штитеници од домот "11 Октомври" учеле занает. Така, во 1957 година завршиле училиште во стопанството:

| | |
|---|---|
| Петре Бекиров | Алексо Кајчевски |
| Атинка Георгиева | Ники Костадинова |
| Павле Делов | Сондра Попова |
| Дора Ѓоргова | Тонка Попова и др. |

## МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГРАФИЧКОТО УЧИЛИШТЕ – СКОПЈЕ

Исто така, деца бегалци почнаа да се школуваат и во Графичкото училиште. За тоа имаме објавен текст во весникот "Глас на Егејците", којшто, како што и погоре напишавме,

редовно го следи школувањето на децата бегалци. Во текстот, меѓу другото, е забележано:

- Училиштето го носи називот “Ниже графичко училиште” и прима ученици кои завршиле II клас гимназија, или на неа рамна школа, а во него се учи три години. Наставата е теоретска и практична. Има три одделенија: словослагачко, машинско и книговезачко.

Управата за подобро користење на работната сила, прима мали порачки и печати мали брошури кои се обработуваат од самите ученици. На овој корисен начин им се дава можност од една страна на самите ученици да се вежбаат, и истовремено се врши услуга на клиентите.

Самите ученици организираа хор, дилетантска и рецитаторска секција, фудбалски тим, екипи за шах, одбојка, бокс, и други спортски дисциплини. На тој начин тие се изградуваат културно-просветно и физички.

Во ова училиште меѓу другите учат и 27 ученици Егејчиња. На нашето прашање како се чувствуваат во училиштето, тие одговараат дека се целосно задоволни и благодарни што им се дава можност да учат, за да можат така да станат достојни синови на Македонија и да придонесат повеќе за својот народ.

Ѓорѓи Кимевски од село Нерет, Леринско, роден 1936 година, е еден од најдобрите ученици во училиштето. Тој тука е сосема сам. Мајка му се наоѓа во Полска со една негова мала сестричка, татко му е во Русија, а две мали братчиња во Чехословачка. Во Југославија дојде со група деца 1948 година, бегајќи од бамбарињата на монархофашистите. Сега е еден од најдобрите ученици во училиштето и негова желба е да стане добар мајстор, зашто само така вели ќе може да биде полезен за општеството.

Ѓорѓи Матиновски е најстар ученик меѓу Егејците. Тој е од 1947 година во редовите на ДАГ.

- Со мојата чета, вели Ѓорѓи, зедов учество во сите најголеми битки со монархофашистите: во Коница, Гревена, Грамос, Малимади, Воден, С’ботско, Лерин и на други места. Но, по капитулацијата на ДАГ, се вратив пред 1949 година во Југославија. Брат ми загина во борбите на Грамос во 1948 година. Јас за мојата татковина Македонија сум секогаш готов да умрам. Сега тука учам и се залагам да одговорам на поставените задачи. Сакам да станам добар графичар, за да можам, утре, во ослободениот роден крај, да му помогнам на нашиот нарорд, зашто таму Македонците никогаш не учеле на македонски јазик, и ние графичарите – Егејци што тука, сега се оспособуваме, ќе можеме да дадеме многу во тој правец.

Ѓорѓи Танурев од селото Бахово, Мегленско, ни кажа:

- Мојот татко како командир на чета на ДАГ се бореше за слободата на Македонија. Него го стрелаа Захаријадисовците, бидејќи беше доследен Македонец. Јас никогаш нема да заборавам зошто загина татко ми. Јас сакам мојот роден крај да биде слободен, а нашиот народ господар на својата судбина. Сега учам, и мислам дека на овој начин најдобро придонесувам за нашето дело.

Сите Егејчиња се залагаат да ја совладаат теоријата и практиката на наставата, и во тоа постигнаа многу добри резултати.

## И ДЕЦАТА ОД ДОМОТ ВО ВАЛАНДОВО НА ЛЕТУВАЊЕ

Меѓу многубројните сведоштва за децата бегалци од Егејска Македонија и нивниот престој во детските домови, веќе рековме дека се објавени повеќе текстови во весникот “Глас на Егејците”. Таков е и текстот посветен на децата од детскиот дом во Валандово, кои исто така, биле на летен одмор. Во текстот е забележано:

- Минатата 1952 година, потомците од детскиот дом “Александар Ранковиќ” од Валандово, од кои повеќето се деца на Македонци од Егејска Македонија, без еден или двајца родители, летуваа во летувалиштето “Водно” близу до Скопје.

Годинава беше планирано децата да бидат испратени на летување во други летувалишта. Така, една група од 60 деца замина на 30 јуни за Охрид, 80 деца во Љубанската шума, која се наоѓа северно од Скопје, и околу 100 деца ќе заминат овие денови за Дојранско Езеро.

Во претходните делови пренесовме фрагменти од текстови објавени во весникот "Глас на Егејците". Се определивме за нив од едноставна причина што тој весник (1950-1954), во тоа време одигра историски значајна улога во одбраната на Македонците од Егејска Македонија и нивната праведна борба за национална слобода. Може да се рече дека "Глас на Егејците" беше и остана неодминлив сведок на нашата бегалска драма, на нашето откорнување, така што автентично забележените сведоштва на неговите страници се вистинските камчиња што го составуваат мозаикот на нашето детство и живот...

А, што се однесува до многубројните (со десетици и стотици) печатени текстови во тогашните дневни, неделни и месечни весници и ревии во НР Словенија, НР Хрватска, НР Србија со АП Војводина и НР Македонија, останува да ги објавиме во друга прилика. Веќе подготвуваме едно такво специјално издание, како аманет до потомците, за нашиот пат и голгота што се простира на сите меридијани...

# СЕДМИ ДЕЛ - ДОКУМЕНТИ

## МЕМОРАНДУМ НА ПРИВРЕМЕНАТА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА

Кралската грчка влада во Атина, во мај 1948 година, упати претставка до Генералното собрание на Обединетите нации за "киднапирање" на грчките деца со тешки обвинувања.

Со цел да ги побие наводите и обвинувањата на атинската влада, Привремената демократска влада на Грција упати свој меморандум до Обединетите нации, исто така во мај 1948 година. Меморандумот во име на Привремената демократска влада на Грција како нејзин претставник го упати генерал Маркос Вафијадис. Во исто време, копија од овој меморандум Маркос достави и до владите на големите сили како и до владите на поголем број останати земји. Радио станицата на Привремената демократска грчка влада "Слободна Грција" на 26 мај 1948 година го објави овој меморандум во кој меѓу другото, се вели:

- "Атинските властодршци, кои направиле толку злосторства со кои е запозната светската јавност, настојуваат во последно време да ги заташкаат своите гнасни дела со систематска кампања од лаги и клевети. Во таа цел атинската влада мобилизира агенти од сите видови и мошне често, по упатствата на оние кои настојуваат организацијата на Обединетите нации да ја претворат во оружје на својата офанзивна империјалистичка политика, се служи со органите на Обединетите нации за ширење на своите лаги и клевети. Должност ни е да ја раскринкаме клеветата која во последно време стана редовна тема на монархофашистичката пропаганда. Се работи за програма за заштита на деца.

Злоупотребувајќи го ова прашање, атинските властодршци го искористија за свои клевети. Атинскиот архиепископ Дамаскинос во телеграмата која ни ја упати тврдеше дека наводно органите на Привремената демократска влада на Грција вршат киднапирање на деца, наводно со намера да ги претворат во непријатели на Грција. Треба да се потсети дека

атинскиот архиепископ Дамаскинос за време на хитлеровата окупација на Грција ги советувал министрите да положат заклетва на нацистите и дека нешто подоцна, во декември 1944 година, го одобрил теророт на атинската влада и така учествувал во подготовките на несреќата на Грција.

Целта на грчкиот монархофашизам беше и остана истребување на сите оние кои ја сакаат независноста и слободата. Но овде не станува збор за истребување само на оние кои земале учество во народно-ослободителната борба туку тоа важи за сите граѓани кои не го помагаат монархофашизмот.

Денес во Грција 50.000 лица се наоѓаат во затвори и логори. До денес 7.000 лица се стрелани или убиени. Мораме да подвлечеме дека поголемиот број Грци се стрелани само затоа што не се одрекле од нивната борба и затоа што земале учество во движењето на отпорот против нацистите. На процесите пред воените судови често се слуша дека единствен доказ за вината на обвинетиот е фактот што се борел во редовите на Елас.

Околу 7.000 лица, мажи, жени и деца се истерани од своите домови и се одведени во градовите, каде што гладта, болеста или студеното време буквално ги десеткуваат. Систематските, бездушните напади против неборбеното население во слободна Грција, предизвикуваат многубројни жртви во прв ред, меѓу жените и децата. Блокадата на ослободените краеви, кои ги спроведуваат атинските политичари, има за цел да го спречи снабдувањето со намирници на оние краеви кои секогаш се снабдувале од градовите.

Пред таквата состојба мајките во ослободените краеви не можеа мирно да гледаат како нивните деца умираат од глад или живеат во постојана опасност да загинат од бомбардирање. Грчките мајки побараа од нашата влада да им помогне да ги тргнат своите деца во соседните земји за да ги спасат. Ние се обративме на добротворните организации во странство и со радост констатиравме дека добротворните организации на демократските жени го прифатиле барањето да ги заштитат и да се грижат за овие невини жртви на нечовечката политика на атинската влада.

Така 10.000 грчки деца по иницијатива на нивните родители се префрлени во странство. Откако увидела дека и пропаѓа планот за истребување на населението во ослободените краеви, самонаречената атинска влада отпочна со кампањата на лаги и клевети, тврдејќи дека наводно ние киднапираме деца а во суштина таа започна со одземањето на децата од областите кои се граничат со ослободените краеви, жандармите и војниците ги одземаат децата од прегратките на мајките и без одобрение од родителите ги водат во градовите каде ќе служат како послуга за богатите семејства.

Органите на Привремената демократска влада не упатија во странство ни едно дете без желба и упорна молба на родителите, додека водењето на деца во градовите кое го вршеа монархофашистите, се спроведува и покрај неодобрување на мајките. По прашањето на одземањето на деца навистина постојат злосторства но нив треба да ги бараме во таборот на монархофашистите и нивните соучесници.

Привремената демократска влада, верна на идеалите на демократијата и мирот ќе го заштити грчкиот народ и децата од теророт на денешниот режим во окупирана Грција. Таа во име на грчкиот народ им изразува благодарност на сите кои на грчкиот народ му помагаат да го преброди периодот до воспоставување на националната независност и слобода”.
(Радио “Слободна Грција” 26 мај 1948 година)

## ПРВА РЕЗОЛУЦИЈА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ А РЕПАТРИЈАЦИЈА НА ГРЧКИТЕ ДЕЦА

На третото заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, кое е одржано во Париз на 27 ноември 1948 година едногласно е донесена следната резолуција:

“Генералното собрание
193/III

ПРЕПОРАЧУВА враќање на грчките деца во Грција, кои сега се оддалечени од своите домови, ако децата изразат желба, нивниот татко или мајка или, ако ги нема нив, нивниот најблизок роднина;

ГИ ПОВИКУВА сите членки на Обединетите нации и останатите држави, на чија територија се наоѓаат децата, да преземат потребни мерки во врска со извршувањето на овие препораки;

МУ СЕ ДАВА ЗАДАЧА на генералниот секретар да побара од Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвото на Црвениот крст и полумесечината да организираат и остварат врска со националните организации на Црвениот крст на заинтересираните земји, да ги овластат националните организации на црвениот крст да преземат потребни мерки во заинтересираните земји за извршување на оваа препорака". (Месечен извештај на Лигата за декември 1948, стр. 3)

## СООПШТЕНИЕ НА ЛИГАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во декември 1948 година Лигата на друштвото на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Црвениот крст во Женева го издадоа следното соопштение:

"Генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации го замоли својот прв советник полковник А. Г. Кацин да конферира со Лигата на друштвото на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Црвениот крст по прашањето за примена на оваа резолуција.

Полковник Кацин на 17 декември 1948 година се состана со претставниците на Лигата и Комитетот. Во текот на тие разговори одлучено е генералниот секретар на Обединетите нации:

- Да им обрне внимание на одредени влади на Резолуцијата на Генералното собрание на ООН и да побара соработка на

Меѓународниот комитет и Лигата за репатријација на грчките деца;

- Официјално да ја замоли Лигата и Комитетот да стапат во контакт со заинтересираните влади и друштва на Црвениот крст за да се изработат планови за репатријација на децата.

Лигата очекува одговори на писмата кои ОН ги упатија на владите како и официјално барање на ОН од Лигата и Комитетот да стапат во врска со владите и друштвата на црвениот крст на заинтересираните земји".
(Rapport mensuel du Secretariat de la Ligue des societes de la croix rouge – 24.XII.1948)

## ЛИГАТА НУДИ ПОМОШ ЗА ГРЧКИТЕ ДЕЦА

На 9 јуни 1948 година Лигата на друштвото на Црвениот крст во Женева на Југословенскиот црвен крст му ја упати следната телеграма:

До Југословенскиот црвен крст
Белград

На иницијатива на Бернадот, претседател на Шведскиот Црвен крст и во согласност со председателот на Советот на гувернерите на Лигата, ве прашуваме дали би одобриле Лигата да направи апел во корист на грчките деца кои се наоѓаат далеку од своите семејства во Грција или во другите земји. Со оглед на вашите големи обврски кон децата на вашиот сопствен народ мислиме дека ќе го цените овој предлог ако известен број деца се наоѓа во Југославија.

Ве молиме да не известите за потребите на грчките деца во Југославија според нивниот број, старост и пол. Југословенскиот Црвен крст ќе биде замолен да обезбеди поделба на помошта. Во секоја од заинтересираните земји акцијата ќе ја спроведе националниот Црвен крст во соработка со Лигата.

Ве молиме за одговор колку е возможно порано. Истиот предлог е упатен и до друштвата на следните земји: Грција, Бугарија, Унгарија, Албанија, Романија и Чехословачка.

Де Руже, генерален секретар на Лигата за организација на црвениот крст број 268

На 23 јуни 1948 година Југословенскиот Црвен крст ѝ одговори на Лигата со следната телеграма:

До Лигата на друштвата на Црвениот крст
Женева

Со задоволство го оприфаќаме апелот во корист на грчките деца. Потребна е облека и обувки.

Југословенски црвен крст
Број 5939

На 9 јули 1948 година Југословенскито Црвен крст ја извести Лигата на друштвата на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Црвениот крст во врска со нивниот апел во корист на грчките деца, дека моменталните потребите на децата од Грција кои се наоѓаат во Југославија во облека и обувки се следните:

За машки деца од 3-6 години потребни се 1.300 одела, а за женски 1.000;

За машки деца од 6-12 години потребни се 1.500 одела, а за женски деца од истата возраст потребни се 2.500 одела;

За машките деца од 12-16 година потребни се 300, а за женските деца од истата возраст 400 одела.

Напомената е дека бројот на децата бегалци во Југославија од затворена и отворена заштита на црвениот крст се движи околу 10.000.

## НЕТОЧНИ ВЕСТИ НА РАДИО АТИНА

На 3 октомври 1949 година Радио Атина го емитуваше соопштението на грчкото Министерство за надворешни работи во кое се вели дека Југословенскиот Црвен крст го известил Меѓународниот црвен крст дека Југославија ќе и ги врати на грчката влада избеганите деца кои се наоѓаат во Југославија.

Агенцијата Танјуг веднаш ја демантираше оваа вест со тоа што Југословенскиот Црвен крст никогаш не изјавил дека грчките деца ќе ѝ бидат вратени на грчката влада, туку на нивните родители и тоа така што, врз основа на веродостојни документи и барање на родителите секој случај ќе се решава поединечно.

По повод вестите на Радио Атина од 3 октомври 1949 година Југословенскиот Црвен крст ѝ се обрати на Лигата и Меѓународниот комитет на црвениот крст со свое писмо во кое изразува чудење затоа што дошло до неточно прикажување на содржината на писмото кое ѝ го упати на Лигата на 30 август 1949 година.

На 13 октомври 1949 година д-р Олга Милошевиќ, генерален секретар на Југословенскиот црвен крст беше во Женева и водеше разговори со претставниците на Лигата и Меѓународниот комитет на Црвениот крст по прашањата за репатријација на грчките деца. Во таа прилика д-р Милошевиќ го постави и прашањето за ноточното прикажување на југословенскиот став по прашање за репатријација и предавање на децата на родителите.

## ПИСМО НА ЛИГАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ ДО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ ПО ПОВОД НЕТОЧНАТА ВЕСТ НА РАДИО АТИНА

Во врска со изјавата на Лигата на Црвениот крст, која се однесува на репатријацијата на грчките деца и неточното прикажување на ставот на Југословенскиот Црвен крст, Лигата и Меѓународниот комитет на Црвениот крст на 14 октомври 1949 година го доставиле следното писмо:

ЛИГА НА ДРУШТВОТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ
МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ
Г 85
Г 44/53 Ц
До госпоѓа д-р Олга Милошевиќ
Генерален секретар на ЈЦК
Хотел Минерва
Женева

Чест ни е да го потврдиме разговорот кој со задоволство го водевме со вас на 13 октомври 1949 година.

Како што ве известивме со писмото од 15 септември 1949 година и во врска со гореспоменатиот разговор, не пропуштивме за содржината на вашето писмо од 30 август 1949 година, во врска со грчките деца сместени во Југославија, да ги известиме грчките власти и Грчкиот Црвен крст во Атина. Во тоа известување наведовме, според зборовите од вашето писмо, дека Југословенскиот Црвен крст прифаќа, врз основа на обврските на југословенската влада кон Организацијата на обединетите нации, да ги врати грчките деца за кои нивните родители ќе поднесат молба за репатријација. Ние додадовме, исто така според вашето писмо, дека Грчкиот Црвен крст би можел да ги достави молбите на родителите до Југословенскиот Црвен крст.

Како што веќе кажавме, ние сега го свртевме вниманието на Грчкиот Црвен крст на грешката која се наоѓаше во веста емитувана на 3 октомври 1949 година преку Радио Атина (вест која до сега не е стигната кај нас) според која Југословенскиот Црвен крст го известил Меѓународниот Црвен крст дека е подготвен да ѝ ги врати грчите деца на атинската влада. Ние додадовме дека Југословенскиот Црвен крст изразил желба да се изврши исправка на таа вест.

Го замоливме Грчкиот Црвен крст да ја запознае својата влада со оваа информација.
Лига
Г. Милсон, с.р.

Генерален потсекретар
(ЦОЈЦК бр. 148/949)

**ДОПИС НА ЛИГАТА ДО ГРЧКИОТ ЦРВЕН КРСТ**

На 14 октомври 1949 година Лигата на друштвото на Црвениот крст до Грчкиот Црвен крст го упати следниот допис:

ЛИГА НА ДРУШТВАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ
Г. 85
Г. 44/53 ц
Женева, 14 октомври 1949 година
До господинот М. Ц. Георгакопулос
Претседател на Грчкиот Црвен крст
Атина

Чест ни е да се повикаме на писмото од 13 септември 1949 година со кое не известивте за одговорот на Југословенскиот Црвен крст на предлогот за состанок на претставниците на Грчкиот и Југословенскиот Црвен крст во Женева, поради проучување на проблемите на репатријацијата на грчките деца кои се наоѓаат во Југославија. Исто така ве известивме дека Југословенскиот Црвен крст наведе “дека врз основа на обврската на југословенската влада кон Организацијата на обединетите нации, Југословенскиот Црвен крст прифаќа да ги врати грчките деца за кои нивните родители поднеле молби за репатријација и според мислењето на Југословенскиот Црвен крст, Грчкиот Црвен крст за доставување на овие барања од родителите”.

Југословенскиот Црвен крст не извести дека Министерството за надворешни работи на грчката влада во една емисија од 3 октомври 1949 година на радио станицата Атина наводно изјавило дека Југословенскиот Црвен крст го известил Меѓународниот Црвен крст дека Југословенскиот Црвен крст е подготвен да и ги врати грчките деца кои се наоѓаат во Југославија на грчката влада.

Југословенскиот Црвен крст исто така не извести за демантот на југословенската телеграфска агенција Танјуг, според кој

веста не е точна. Југословенскиот Црвен крст ни обрнува внимание на фактот дека никој никогаш не рекол дека грчките деца ќе ѝ бидат вратени на грчката влада и да се држи до текстот од горе цитираната изјава.

Сметаме дека е наша должност да ве известиме за тоа прецизирање од страна на Југословенскиот Црвен крст наведувајќи дека истиот сака да се изврши исправка на веста која е наводно емитувана на 3 октомври преку радио станицата-Атина.

Ве молиме за содржината на ова писмо да ги известите грчките власти.

**ЛИГА МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦК**

Г. Милсон Д. де Траз
Генерален потсекретар Директор на одделението за заробеници, интернирци и цивили
(Reg. G. 85 Croix Rouge Internat. Geneve 1949)

## СООПШТЕНИЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Секретаријатот на Организацијата на обединетите нации на 13 октомври 1949 година го објави следното соопштение:

"Аташето за печат при специјалната комисија за Балканот во Атина ја упати до Обединетите нации следна телеграма:

Меѓународниот Црвен крст од Женева и соопшти на Специјалната комисија на Обединетите нации за Балканот дека стапил во преписка со Југословенскиот Црвен крст и добил информации кои комисијата ги барала за грчките деца што се наоѓаат во Југославија.

Според првите резултати, примени во Југословенскиот Црвен крст пред три месеци, произлегува дека во Југославија се наоѓаат повеќе од илјада грчки деца и дека Југословенскиот Црвен крст прави напори да осигура исхрана и сместување за

тие деца. Иако потребите на Југославија се големи – се вели во соопштението на Меѓународниот црвен крст - Југословенскиот Црвен крст подвлекува дека можел да смести, храни и облекува значителен број деца.

Анкетата е водена на барање на Специјалната комисија на ОН за Балканот која, откако го проучи проблемот на грчките деца кои се наоѓаат во Југославија, побара од Меѓународниот Црвен крст да ѝ го соопшти бројот на децата кои се наоѓаат во Југославија, местото каде се наоѓаат и имињата на организациите кои се грижат за нивното издржување. Комисијата исто така побара од Меѓународниот Црвен крст да и соопшти кои методи и кој јазик се користи во школувањето и дали децата можат да се допишуваат со своите родители во Грција.

Меѓународниот Црвен крст изјави дека очекува информации од Југословенскиот Црвен крст за сите овие прашања. Специјалната комисија на ОН за Балканот исто така побара од Меѓународниот Црвен крст, Албанскиот Црвен крст да собере информации за грчките деца кои се наоѓаат во таа земја. Меѓународниот Црвен крст очекува одговор на тоа прашање". (Секретаријат на Лигата, бр. 35/XI – 1949)

## ВТОРА РЕЗОЛУЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Обединетите нации на своето Четврто заседание во Генералното собрание, кое се одржа на 18 ноември 1949 година, едногласно ја прифатија следната Резолуција:

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

1. ПРОУЧУВАЈЌИ го извештајот поднесен од страна на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвото на Црвениот крст по прашањето за репатријација на грчките деца и одавајќи признание за заземањето на двете меѓународни организации на Црвениот крст поради олеснување на спроведувањето на резолуцијата 193, III Ц на Генералното собрание;

2. КОНСТАТИРАЈЌИ дека грчките деца сè уште не се вратени во своите домови, како што тоа го препорача резолуцијата на Генералното собрание и сметајќи дека би требало да се преземат нови чекори за целосна примена на Резолуцијата;

3. СТАВАЊЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ на Генералниот секретар да ги повика Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвата на Црвениот крст и понатаму да настојуваат да ја остварат оваа хумана цел и да им дадат секаква помош која ќе биде потребна во извршувањето на нивната задача;

4. ГИ ПОВИКУВА сите држави – членки на Обединетите нации и други држави, кои им обезбедиле сместување на грчките деца, да ги преземат сите мерки, во договор и соработка со меѓународните организации на Црвениот крст, за да се олесни брзото репатрирање на грчките деца, врз основа на гореспоменатата Резолуција;

5. СЕ ПОВИКУВААТ меѓународните организации на Црвениот крст да го известуваат Генералнито секретар за напредувањето на спроведувањето на оваа Резолуција поради информирање на членките на ОН.
(ОН, 288 б/ IV /1949)

## УСЛОВИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЦАТА НА РОДИТЕЛИТЕ

Југословенскиот Црвен крст од почетокот на 1950 година во врска со примената на Резолуцијата на Генералното собрание на ОН од 27 ноември 1948 година која се однесува на репатријација на грчките деца, зазема одреден став и постави услови под кои ќе ги предава децата на родителите и за тоа ја извести Лигата на друштвата на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Црвениот крст.

Условите на Југословенскиот Црвен крст, начинот и процедурата на репатријацијата, се состојат во следното:

1. Сообразно со Резолуцијата на Генералното собрание на ООН 288 (IV) Б од 18 ноември 1949 година, репатријацијата на

грчките деца ќе се одвива со посредство на Лигата на друштвата на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Црвениот крст. При тоа, Грчкиот Црвен крст целата потребна документација ќе ја доставува до Лигата и Меѓународниот комитет на Црвениот крст, кои пак, ќе ги заверат и ќе ги достават до Југословенскиот Црвен крст, а овој пак, од своја страна, сите потребни документи ќе ги доставува до Лигата и Меѓународниот комитет па оттаму до Грчкиот Црвен крст.

2. Документите кои Грчкиот Црвен крст треба да ги поднесе се следните:

а) од надлежните власти заверено писмено барање на родителите, детето да им биде вратено со посредство на Црвениот крст;

б) уверение за сродство, заверено од грчките надлежни власти.

3. Покрај барањето на родителите, Југословенскиот Црвен крст врз основа на Резолуцијата на Генералното собрание на ОН 193 (III) Ц од 27 ноември 1948 година, ќе бара изјава од детето за тоа дали сака да се врати во Грција или не сака. Ваква изјава ќе се бара само од дете кое е зрело за донесување на таква одлука;

4. Примопредавањето на децата ќе се врши на југословенско-грчката граница во присуство на претставниците на Лигата и Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Во таа прилика ќе биде составен и потпишан записник со сите потребни податоци за примопредавањето на децата, во кој ќе бидат внесени и лекарските наоди за состојбата на детето;

5. Југословенскиот Црвен крст бара од Лигата со посредство на Грчкиот Црвен крст да добие гаранција од грчката влада дека предавањето на децата на родителите ќе биде извршена веднаш без задржување на децата во карантин, логори, прифатилишта и др.

Како што се гледа од овој прилог, Југословенскиот Црвен крст сакаше целата работа околу репатријацијата на децата во Грција да ја изврши со помош на Лигата и Меѓународниот комитет на

Црвениот крст, а не директно и само во контакт со Грчкито Црвен крст.

Тоа е направено, затоа што таква процедура предлага и споменатата Резолуција на Обединетите нации. Но, ако се има во предвид големата информбировска кампања, која во тоа време се водела против Југославија и при тоа како предмет за напад на нашата земја и Црвениот крст се користело и прашањето за репатријација на децата во Грција на тој начин што е изнесен податокот дека југословените ги предаваат децата на грчките фашисти и овие ги ставаат во логори, а родителите на децата не се во Грција, потоа дека Југославија прави политички спогодби со Грција на сметка на децата итн. Тогаш овој предлог на Југословенскиот Црвен крст, децата да се предаваат со посредство на Лигата и Меѓународниот комитет на Црвениот крст може да се смета за сосема умесен.

## ИЗЈАВА НА Д-Р ОЛГА МИЛОШЕВИЌ НА СОСТАНОКОТ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА ЛИГАТА НА ДРУШТВАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ЖЕНЕВА

Генералниот секретар на Југословенскиот Црвен крст д-р Олга Милошевиќ зборуваше на 10 мај 1950 година на состанокот на Извршниот одбор на Лигата на друштвото на Црвениот крст во Женева за ставот на Југословенскиот Црвен крст по прашањето за репатријација на грчките деца.

Југословенскиот Црвен крст - изјави д-р Олга Милошевиќ – повеќепати го изнесе својот став во поглед на враќањето на грчките деца на родителите. На минатото заседание на Извршниот одбор делегацијата на Југословенскиот Црвен крст подвлече дека Лигата на друштвата на Црвениот крст требало своето залагање и својот авторитет неподелено и еднакво да го ангажира и во поглед на враќањето на сите деца во цел свет на родителите, со тоа и на југословенските деца од Германија, Чехословачка, Советскиот Сојуз и др.

Што се однесува до ставот на Југословенскиот Црвен крст по прашањето на репатријацијата на грчките деца, тој се заснова на Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите

нации која им препорачува на заинтересираните земји да преземат мерки со цел предавање на децата на нивните родители, а во нивното отсуство, на нивните роднини.

Во смисла на оваа Резолуција на Обединетите нации, Југословенскиот Црвен крст пристапи кон решавање на ова прашање и во таа насока досега презеде цела низа конкретни мерки. Така, им ги одобри барањата на грчките родители кои живеат во Австралија и Франција и подготви сè што треба за враќање на бараните деца на нивните родители во тие земји.

Југословенскиот Црвен крст подготви една група деца за праќање на нивните родители во Чехословачка. За тоа Владата на ФНРЈ ја извести амбасадата на Чехословачка во Белград за прифаќање на овие деца. Бидејќи Чехословачката Влада не одговори на ова барање, Министерството за надворешни работи на ФНРЈ уште четири пати инсистираше во амбасадата на Чехословачка во Белград по повод ова прашање. Чехословачка Влада до денес ништо не одговори. Со исто молчење се премина и преку молбите на родителите – бегалци од Грција, кои сега се наоѓаат во ФНРЈ да им се вратат децата од Романија, Чехословачка и Унгарија.

За таа цел – за враќање на децата – грижливо биле испитани и спроведени податоците со кои располагал Југословенскиот Црвен крст како и списоците на децата, кои ги барал Грчкиот Црвен крст, а кои се доставени до Југословенскиот Црвен крст преку Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвото на Црвениот крст.

Според собраните податоци, во Југославија на 4 мај 1950 година се наоѓале 9.506 деца бегалци од Грција. Од тој број со своите родители живееле 7.812, а во домовите на Црвениот крст живееле 1.224 деца. Бројната состојба во домовите постојано се намалува како резултат на предавањето на децата на родителите кои живеат во Југославија така што во оваа година од домовите на родителите се предадени 151 дете.

До сега е заклучено дека меѓу децата во домовите живеат 218 деца чии родители се наоѓаат во земјите на источна Европа, 15

кои имаат родители во Австралија, едно дете чии родители живеат во Франција како и деца чии родители живеат во Југославија, а сакаат нивните деца и понатаму да останат во домовите. Може да се смета дека бројот на децата чии родители живеат во Југославија или се наоѓаат во некоја земја од Источна Европа не е дефинитивен затоа што идентификацијата на децата, врз основа на барањата на родителите кои живеат во Југославија сè уште не е завршена, како ни пронаоѓањето на родителите во земјите на Источна Европа.

Во понатамошното решавање на прашањето за враќање на децата, тешкотија претставува и фактот што списоците, кои се доставени до Југословенскиот Црвен крст, не даваат доволно сигурност за решавање на тоа прашање. Така, врз основа на списоците на децата кои ги побара Грчкиот Црвен крст, а кои ни се доставени преку Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвото на Црвениот крст, утврден е иденитетот на 123 деца. Меѓутоа, за 12 деца е утврдено дека родителите им се во Југославија, за пет дека имаат родители во Австралија, а за едно дете дека има родители во Чехословачка.

Исто така, имињата на некои деца со македонско потекло се појавуваат и како македонски и како хеленизирани, што може да доведе до заблуда дека се работи за две деца, додека, всушност, се работи за едно исто дете со променето презиме.

Исто така, голема тешкотија претставуваше и пишувањето на списоци со различна ортографија. Со оглед на тоа, се разбира дека списоците поднесени од Грчкиот Црвен крст до Југословенскиот Црвен крст може да се земат како појдовна точка за решавање на овој проблем. Но, и покрај сите овие тешкотии, Југословенскиот Црвен крст ќе ги преземе сите потребни мерки за да се решат сите прашања и децата да се вратат на своите родители и блиски роднини, затоа што тое е и во духот на хуманитарните цели според кои, во овој случај, се раководи Југословенскиот Црвен крст, како и во духот на исполнувањето на обврските преземени со Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации – изјави д-р Олга Милошевиќ;

1) Овој дел на изјавата на генералниот секретар на Југословенскиот Црвен крст се однесува на децата од разни земји кои воените настани ги одвоиле од родителите, но со прашањето за овие деца не се занимавале ни Обединетите нации ни Меѓународниот Црвен крст. Тоа прашање е препуштено на самите родители тие да си ги бараат децата на разни начини, преку националните организации на Црвениот крст и преку разни служби за барање. Југословенскиот Црвен крст веднаш по војната почна да се занимава со барање на децата и нивно враќење на родители. Таа работа траеше со години и беше проследена со големи тешкотии. Така, службата за барање при Југословенскиот Црвен крст уште во 1951 година обработила барање за 761 дете, разделено од родителите. 294 деца чии родители се во Југославија, а тие се наоѓаа во разни земји, и тоа во Западна Германија 72 деца, Австрија 115, Италија 31, Франција 4, Белгија 2, Швајцарија 1, СССР 3, Унгарија 43, Романија 10, Полска 3, Чехословачка 6, Бугарија 2, Албанија 1 дете. 96 деца чии родители се наоѓаат во Југославија се наоѓаа во странство, но не се знаеше точно во кои држави се наоѓаат, па тие барања се упатени во разни земји. 69 деца се најдени во Западна Германија, Австрија, Италија, СССР и Бугарија, но не се знаеше каде им се наоѓаат родителите па се барани во Југославија и другите земји. Три југословенски деца се упатени во Бугарија во 1945 година, но до 1951 година не се вратија така што за нив ништо не се дозна. Непријателот, во својата земја од многу логори во Југославија однесе затвореници заедно со децата. Таму децата ги оддели од родителите. Преживеаните родители по војната трагаа по своите деца. Имаше уште многу слични барања на деца и родители како кај нас, така и во многу други земји. Барани се на сите страни, а нивната судбина не ги заинтересира ни Обединетите нации, ни Меѓународниот Црвен крст. Според податоците на Југословенскиот Црвен крст, во 1953 година деца од Југославија се пронајдени и тоа во Западна Германија 484, Австрија 268, Италија 54, Швајцарија 1, Англија 3, Турција 1, Франција 1, Белгија 3, Израел 1, Мароко 1, Австралија 2, САД 4, Трст 8, Аргентина 2, сè на сè 836 деца. Понатаму, во Унгарија имаше 234 деца, Бугарија 11, Романија 11, Албанија 2, Чехословачка 10, Полска 2, вкупно 1106 југословенски деца.

Според податоците на ЈЦК во 1953 година странски деца во Југославија имаше и тоа: унгарски деца 277, германски – фолксодјчерски 804 и грчки 788. До 1953 година Југословенскиот Црвен крст репатрираше во Западна Германија 889 фолксодјчерски деца, во Австрија 261, Франција 9, Англија 3, Швајцарија 1, вкупно 1163 германски деца. Комитетот за социјални грижи на ФНРЈ репатрирало 337 деца во Западна Германија, 211 во Австрија се на се 548 германски деца. До 1953 година вкупно се репатрирани 1711 деца. Југословенскиот Црвен крст и понатаму работи на пронаоѓање на изгубените деца или нивните родители.

(Архив на Централниот одбор на ЈЦК)

## РЕПАТРИЈАЦИЈА НА ГРЧКИТЕ ДЕЦА

Ова прашање, со кое веќе одамна се занимава Унијата, беше на дневен ред на полугодишната Конференција на Црвениот крст отворена на 10 мај 1950 година во Женева.

Госпоѓа Молиер, претседател на Извршниот одбор на Унијата, му напиша на господинот Басил Оконор, претседател на Советот на гувернерите на Лигата при тоа молејќи го да го употреби целото свое влијание ова прашање да се расправи "во духот на добрата волја и меѓународното разбирање", овозможувајќи тоа да се стави во областа во која припаѓа, а тоа е областа на хуманоста и семејството.

Познато е дека Обединетите нации на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвото на Црвениот крст му ја довериле грижата за организацијата за репатријацијата на овие деца.

Извршниот одбор на Лигата на својата седница на 11 мај 1950 година изгласа резолуција по ова прашање со која се известуваат Обединетите нации дека "ако не бидат совладани пречките над кои Црвениот крст нема контрола, овој последниот нема да може да ја изврши мисијата која му е доверена!"

Извршниот одбор со длабоко жалење изјави дека “И покрај непрекинатите напори ни едно грчко дете не е вратено досега во Грција и дури ни најнеопходните претходни елементарни технички податоци за решавање на овој проблем не биле испрени од страна на заинтересираните влади”. Меѓутоа, Лигата уште еднаш ја изрази “својата волја да продолжи со извршувањето на задачите, примени во потполна согласност со Меѓународниот комитет на Црвениот крст.”

Еден нов факт во планот на Црвениот крст, рече господин Васил Оконор, се состои во тоа што претставничката на Југословенскиот Црвен крст изјавила пред Извршниот одбор дека Југословенскиот Црвен крст решил да ги преземе сите потребни мерки за што поскоро решавање на ова прашање и за враќање на децата на нивните родители.

На конференцијата на Егејците одржана на 2 јуни 1950 година во Скопје упатена е телеграма до Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија и другарот Тито во која меѓу другото се вели:

“Со голема радост го прифаќаме ставот на југословенската делегација во Организацијата на Обединетите нации за предавање на децата на нивните родители, затоа што меѓу нас има многу мајки и татковци кои чекаат да ги видат своите деца. Овој акт е високо хуман и принципиелен и сакаме да се спроведе во живот – да ни се уважат молбите и да ни се дадат децата кои се наоѓаат во Чехословачка, Унгарија, Романија и Полска. Ја поздравуваме мирољубивата југословенска влада и нејзиниот принципиелен став по прашањето за нормализирање на дипломатските односи со Грција...”

(“Глас на Егејците”, 1 септември 1950 година)

## ТРЕТА РЕЗОЛУЦИЈА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

На Петтото заседание, одржано на 1 декември 1950 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја донесе својата Трета резолуција за грчките деца. Тоа е всушност поранешна

резолуција, проширена со тоа што опфаќа барање од страна на двајцата родители, потоа образование на комисијата од претставниците на Перу, Филипини и Шведска како и влез на претставникот на Лигата на друштвата на Црвениот крст и во земјите во кои се наоѓаат грчки деца со цел нивна репатријација. Секој пат, кога тоа ќе биде потребно, овие земји ќе им одобрат пристап на својата територија.

Резолуцијата од 1 декември 1950 година гласи:

ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ
А 1584/С

ГИ ПРИМИВМЕ НА ЗНАЕЊЕ со голема загриженост извештаите на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на Црвениот крст, како и на Генералниот секретар, а посебно изјавата според која “ниедно грчко дете не е вратено во Грција со исклучок од Југославија и дека ниедна земја во која се наоѓаат грчките деца не преземала одлучни мерки сообразно со едногласно прифатените резолуции на Генералното собрание на двете последователни седници”.

ПРИЗНАВАЈЌИ дека треба, во духот на човечноста, без оглед на политичките и идеолошките убедувања, да не запрат напорите за враќање на децата во нивните домови.

ОДДАВАЈЌИ ПРИЗНАНИЕ на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвата на Црвениот крст, како и Генералниот секретар, за нопорите кои ги вложиле да ја спроведат во дело резолуцијата 193 С (III) и 288 В (IV) кои ги прифати Генералното собрание.

1. СЕ МОЛАТ Генералниот секретар, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Лигата на друштвата на Црвениот крст да ги продолжат своите напори сообразно со наведените резолуции;

2. СЕ ПОВИКУВААТ државите, кои им даваат заштита на грчките деца, да ги преземат сите потребни мерки во соработка со Генералниот секретар и меѓународните организации на

Црвениот крст за да се забрза враќањето на децата на нивните родители и секој пат, кога тоа ќе биде потребно, да се одобри пристап на нивната територија на меѓународните организации на Црвениот крст;

3. СЕ ФОРМИРА една постојана комисија, која ја сочинуваат претставници на Перу, Филипини и Шведска, кои ќе работат во согласност со Генералниот секретар и кои ќе пристапат кон размена на гледиштата со претставниците на заинтересираните земји во врска со брзата репатријација на децата;

4. СЕ МОЛИ Меѓународниот Црвен крсти и Лигата на друштвата на Црвениот крст да соработува со споменатата постојана комисија;

5. СЕ МОЛИ Генералниот секретар од време на време да поднесува извештај за напредувањето и спроведувањето на оваа резолуција на државите членки и ги моли меѓународните организации на Црвениот крст и Генералниот секретар да поднесат извештај на шестото заседание на Генералното собрание.
(ООН бр. А 1584/С – 1950 година)

## БРАБОТЕН ПЕРСОНАЛ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ ВО БЕЛА ЦРКВА, ОД 1948 ДО 1958 ГОДИНА

УЧИТЕЛИ:
Менелаус Триандафилис,
главен грчки раководител Георгијадис Никос,
главен македонски раководител – Толевски Коста,
главен грчки воспитувач – Георгиевски Јани,
учител Григоријадис Григори,
воспитувач – Келешов Илија,
учител – Трајков Никос,
учител – Триандафилу Илија,
учител – Цaрановски Васил, учител.

ВОСПИТУВАЧКИ:
Лазариду Деспина, Симеониду Калиопи,

Магелани Елена,
Кочомбаши Сула,
Карафилиду Панајота,
Сотири Елеонора и
Хасу Мери.

НЕГУВАТЕЛКИ:
Беци Елени,
Гатиду Јанула,
Георгију Панајота,
Елефтериду Соња,
Јеропулу Лиза,
Јоаниду Елеонора,
Кериду Марта,
Кериду Софија,
Сурмела Фанија,
Теодориду Ефтинија,
Фотографу Маријанти,
Фока Панајота,
Христофориду Олга,
Муратиду Елени,
Нехтериду Марија,
Омилиду Олга,
Пападопулу Калиопи,
Сијота Теодора,
Сидеропулу Александра,
Сиропулу Ефтарпи,
Стергију Панајота,
Цана Цуцуловска
Сика Каева
Маре Жундева и
Цана Василева.

ВОСПИТУВАЧКИ:
Ристана Анастасова
Тена Бундева
Василка Грозданова
Олга Здравковска
Стоја Јанковска
Катина Маркова
Слобода Месајкова
Ристана Нанева
Мара Ничова
Олга Ничова
Тронда Петкова
Велика Трајкова и
Фанија Терзиевска.

НЕГУВАТЕЛКИ:
Софија Аргирова
Томија Божиновска
Митра Германчева
Марика Горчилова
Василка Делова
Елена Делова
Марија Донева
Елена Ефтова
Јордана Јанчова
Митра Колева
Василка Кулеова
Теодора Курти
Стоја Кизова
Ристана Лазарова
Митра Миланкова
Ката Миланкова
Василка Мишовска
Парашка Панова
Нада Спирова
Махи Паљева
Крста Ташева
Дафина Филкова

Софија Колева
Вана Кочова
Елена Шулевска и
Маруша Шулевска.

ДОМАЌИНИ ВО ЗГРАДИТЕ:
Ѓорѓи Донев
Киро Донев
Ташо Божанов
Васил Јованов
Ване Ранелов
Петар Пошинов
Благоје Булев.

**МАКЕДОНСКИ ПЕРСОНАЛ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

УПРАВИТЕЛИ НА УЧИЛИШТАТА:
Коста Марковски
Тоде Јовановски
Благоје Јордановски

НАСТАВНИЦИ, УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ:
Стеван Ангелов
Милица Ангелова
Стојна Аницинова
Лепа Аритонова
Наталија Арсова
Дамјан Атевски
Олга Благоева
Васка Гавритова
Ратка Ивановска
Наталија Ивановска
Нина Јановска
Иван Јанкуловски
Михајло Колев
Милорад Насковски
Емилија Насковска
Исаило Палчевски
Сузана Панова
Стојан Петровски
Николина Петрова
Марика Петровска
Нада Петровска
Вера Петкова
Петар Котевски
Стојан Коцев
Ирина Кочишки
Јордан Кочишки
Натка Левкова
Ангел Љутков
Марика Марковска
Никола Марковски
Петар Марковски
Трајан Масларовски
Мишковски Томе
Видоје Медарски
Момчило Митровски
Блага Сазданова
Ѓорѓе Ставровски
Душанка Ставровска
Ѓоре Снаковски
Боге Сотировски
Паскал Сотировски
Сунчица Стефановска
Марика Трајкова
Драган Топчиевски

Ристо Поповски
Нада Поп Пецева
Ксенија Радосављевиќ
Јоше Ристевски
Коста Сазданов
Трајко Тренковски
Павлина Чамова
Душанка Чурулова
Димитрије Шумановски.

# ОСМИ ДЕЛ

## НЕЗАБОРАВОТ – КАКО АМАНЕТ

## НЕКОЛКУ ЗБОРА ЗА “МАЈКИТЕ”, УЧИТЕЛИТЕ И ПЕРСОНАЛОТ ШТО РАБОТЕА ВО ДЕТСКИТЕ ДОМОВИ

Нив “мајките” како што од првиот момент си ги завикавме и засакавме, којзнае колку пати ги споменавме во редовите на оваа книга. И секогаш, при тоа споменување, истакнувавме дека ако не беа тие, сигурно сите ние, без исклучок, не ќе бевме тоа што сме... Зашто, за многумина од нас што тргнавме во непрегледните бегалски колони, по “патот на солзите”, нашите вистински мајки со нашите татковци, постари браќа и сестри, дедовци и баби и роднини, останаа да ги бранат и одбранат не само родните огништа и стреи, цркви и олтари, таму зад границата, туку и да се борат за нашата национална слобода...

Оттука, нив им припаѓа славата, затоа што тие:

- Прво, беа исклучително храбри жени и сестри, водејќи не низ воениот пекол и виор, искажаа и покажаа невидена натчовечка храброст, помалите деца да ги носат со стотици километри на своите гради и плеќи, и да не храбрат да издржиме, да не потклекнеме пред грчкиот монархофашистички непријател.

- Второ, затоа што покажаа невидена етничност и морал кога нашите родители не даваа да станеме дел и бројка од нивните групи, со ветување дека ќе се грижат повеќе за нас од колку за своите деца, што го искажаа и на дело, и од првиот момент, кога нѐ чуваа и гледаа во детските домови и прифатилишта.

- Трето, што бдееја над нашите животи и што заедно со нас, страдаа и копнееја за нашето враќање кај родителите, што се грижеа за нашиот развој и школување, што не информираа за нашите најмили, толку колку што знаеја, што нѐ воспитуваа на чесност и добрина, што страдаа кога ќе се разболевме и се радуваа кога и ние се радувавме, што не водеа за рака и ни го покажуваа животот, и

- Четврто, што ја искажаа сета своја мајчина љубов и добрина кон нас и нашето детство, секогаш учејќи нè никогаш да не ги заборавиме родителите, мајчиниот македонски јазик, родните места и да си ја сакаме својата татковина – Македонија.

Значи од нивната преголема мајчинска љубов, ние, децата што ги напуштивме родните огништа никогаш не станавме во непрегледните колони и списоци само бројки – и ништо повеќе. Тие се во нашите години поминати со нив – нашите вистински мајки. Иако многу од нив немаа некое поголемо образование, сепак покажаа огромна желба и умеење да ни помагаат во нашиот развој и да не упатуваат на вистинскиот пат...

Затоа, нив им припаѓа славата и нашата неизмерна благодарност. Дури и зборовите понекогаш неможе да ја искажат топлината на – благодарност, за сето она што тие го направија за сите нас, се за особено истакнување дека сосема малку може да се најдат вакви светли примери во светската историја...

И негувателките, олицетворени во нашите постари сестри кои исто така дојдоа со нас, но и оние што беа вработени во детските домови од срединиte во кои живевме, го заслужуваат сето наше внимание, почит и благодарност.

Што се однесува пак до нашите македонски учители, не само тие што дојдоа со нас од Егејска Македонија, туку и учителите што ни ги испраќаше Министерството за просвета на НР Македонија, на жалеа труд и време да нè учат и научат. Но, она најважното беше и остана, нè научија бескрајно да си ја сакаме својата татковина Македонија. Низ сите предмети, тие знаеја да ни ја всадат таа исконска љубов и да не воспитуваат во духот на делата на нашите татковци, кои гинеа на Вичо, Малимади, Грамос... Секогаш имаа трпение да ни објаснуваат, да нè воспитуваат на позитивни примери, и да нè подучуваат, да ни укажуваат на грешките, да го поттикнуваат нашето љубопитство и да нè наградуваат со заслужени оценки, но и да ги толерираат нашите палавштини и детски немири. Во исто време, кај многумина од нас, ја подгрејаа и желбата, еден ден и ние да станеме учители, а многумина од нас пак, да си изберат

струки и занаети за животот. И тука зборот – благодарност неможе да ја искаже сета наша топлина и восхит кон нив и нивното дело!

Ако не беа сите тие, и ако не ја вложеа сета своја љубов кон нас, ние сигурно ќе бевме деца без детство. Вака нашето детство ни мина со нив исполнето со бескрајна и неизмерна љубов...

Оттука, на нашите "мајки", учители, негувателки и друг персонал, и во оваа прилика и со овие редови, им ја искажуваме нашата трајна и неизмерна благодарност и им возвраќаме со иста љубов, а нивните ликови засекогаш се врежани во нашите срца. И кај нашите најмили во семејствата.

## КОЛКУ ШТО ИМАШЕ...

Народна Република Македонија, само што беше ослободена и сè уште ги лекуваше раните од Втората светска војна, а веќе на границата ја снајде Граѓанската војна во Грција. Желбата да му се помогне на македонскиот народ од Егејска Македонија, беше поголема од сè. Се вложуваа максимални напори, новите борби на македонскиот народ да се помагаат со цел да се извојува национална и социјална слобода. А, македонскиот народ во Егејска Македонија веќе ја имаше покажано и докажано својата борбеност во Втората светска војна, кога исцело застана на страната на антифашиситчките сили и даде неброени жртви.

Но, веќе од 1945 година, а нешто и порано, почнаа да пристигнуваат во НР Македонија, бројни прогонети македонски семејства од теророт на Грција. Тоа особено се засили со поразот на Демократската армија во Граѓанската војна, а една од приоритетните задачи на Приврмената влада на Грција беше сапсувањето на децата. Така од пролетта на 1948 година, а особено во 1949 година, веќе се најавија безбројните бегалски колони со нејаки деца, кои веднаш беа прифаќани од Црвениот крст на Југолавија и на Македонија и сместувани најпрво во прифатилишта, а потоа и во специјално организираните детски домови. За оние што пребегаа со своите семејства веќе почнаа да се градат станови и куќи не само во Скопје, Битола, Штип,

Кавадарци, Кочани, Тетово и др., туку никнаа и нови населби, како што е тоа случајот со населбата Три чешми.

Претседателот на Владата на НР Македонија, Лазар Колишевски, на повеќе наврати (во говори и интервјуа за весници) се има задржувано на прашањето на бегалците од Егејска Македонија. Овој пат ќе пренесеме делови од неговиот говор одржан на Третото заседание на Народното собрание на НРМ, одржан од 28 до 30 април 1952 година. Тој меѓу другото, го кажа следното:

- Како што ви е познато, во ноември 1949 година, пред Политичкиот комитет на ООН, беше поставено прашањето за бегалските деца од Грција. Нашата делегација заседе позитивен став и со своето истапување придонесе за правилното третирање на ова прашање. Беше донесена соодветна Резолуција од Генералното собрание на ООН. Постапката од таа Резолуција дека бегалските деца од Грција треба да им бидат вратени на нивните родители при изрично нивно барање, независно од тоа во која земја се наоѓаат, беше поздравена од сите оние луѓе во светот што можеа да ја увидат хуманоста на овој акт и трагедијата на родителите и децата што не по своја вина се распрснати и разделени еден од друг по разни држави. Пооделно изразија задоволство родителите и децата кои се надеваа дека со применувањето во дело на таа Резолуција, ќе се овозможи соединувањето на нивните фамилии.

Во продолжение на својот говор, Л. Колишевски подвлекува дека од Сојузната и Републичката влада било сторено сѐ да се овозможи собирањето на децата со нивните родители. Така, им се вратени на родителите вкупно 555 деца. Родителите на овие деца се наоѓале во Грција, Канада и Австарлија. Но, за жал, како што истакнува Колишевски, освен Југославија ни една од земјите во кои имало бегалски деца не се одзвале на Резолуцијата, иако и претставниците на владите на некои од нив учествувале во нејзиното донесување. Тука се работи за земјите од информбировскиот блок. Карактеристично е дека надлежните фактори на СССР директно и отворено секојпат го спречувале враќањето на децата од тие земји кај своите родители. Дури и тогаш во случи кога се работело да бидат

сврзани и за разделените родители и деца што веќе се наоѓале во две информбировски земји, пак не е ништо сторено. И натаму продолжувала трагедијата на тие деца и луѓе чие одомување зависело од владите на споменатите земји. Залудни биле сите настојувања на нашата Влада, подвлекува Л. Колишевски, нашиот Црвен крст и Меѓународниот Црвен крст да се реши тоа прашање. Владите од информбировските земји категорички одбивале и понатаму да постапуваат според одредбите на Резолуцијата од Генералното собрание на ООН и да ги примаат овие деца од кај нас, чии родители се кај нив, како и да им ги предадат децата на родителите што живеат во нашата земја, а кои поднеле барања тие да им бидат вратени. Тука, според Колишевски, не се работело само за еден или два случаја: децата чии родители се во Полска или Чехословачка, или СССР, или Бугарија или во другите информбировски земји, кои барале да бидат здружени со нив, небиле примени од страна на владите од овие земји, а нашите барања останале без одговор или биле одбиени.

# ДЕВЕТТИ ДЕЛ

## ОД СРЕДБИТЕ ВО САРАЈ ДО ТРЕТАТА СВЕТСКА СРЕДБА

## СЀ ПОЧНА СО ОРГАНИЗНИРАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ СРЕДБИ

На неколку наврати истакнавме дека бегалската голгота на Македонците од Егејска Македонија под Грција почна во 1945 година. Доселениците во НР Македонија беа пречекувани и се вложуваа напори за решавање на нивното сместување и вработување. Но, оваа наша македонска драма особено се изостри по поразот во Граѓанската војна, кога со реката деца бегалци тргнаа и многу борци, инвалиди и др.

Веќе во 1950 година забележано е одржувањето на Првата средба на бегалците од Егејска Македонија, односно на жителите од селото Д’мбени. Целта била д’мбенци населени во Скопје и на овој начин да се потсетат на своето родно село што го оставиле зад границата. Се споменува дека иницираната средба односно нејзиното одржување финансиски го помогнале пребеганите д’мбенци кои живееле во САД.

Овој процес на организнирање на средби продолжил и се засилил во следните години, и истите се одржувале во рекреативниот центар Сарај крај Скопје.

По д’мбенци ваква средба организирале и бегалците од Бапчор, Герман, Раби, Орово, Добритишта, Трново, Нивици, П’пли, Оровник, Бесвина, В’мбел, Трсје, Сетина и Попадија и др. За сите овие средби биле бирани одбори коишто ги организирале овие средби на своите соселани, на кои се изведувала и културно-уметничка програма, а се издавале и монографии. На средбите редовно учествувале играорците од КУД “Гоце Делчев”, како и пејачките групи “Костурчанки”, “Бапчорки”, “Мегленки”, “Воденки” и др.

Исто така, на овие средби биле читани реферати за родните населби, при што секогаш им била оддавана почит на

загинатите борци, славејќи го нивното име со завет дека никогаш нема да биде заборавена нивната пролеана крв за слободата и родните огништа.

Оваа раздвиженост и постоењето на повеќето одбори за одржување на овие средби, придонесе за созревање на идејата за собирање на сите прогонети Македонци од Егејска Македонија, сега жители на Република Македонија.

Најдалеку во ова секако е идејата за одржување на Првата светска средба на децата бегалци од Егејска Македонија во Скопје, а посветена на четириесетгодишнината од егзодусот.

## ИДЕЈАТА ДОЈДЕ ОД ТОРОНТО

Идејата за организирање на Првата светска средба на децата бегалци од Егејска Македонија, ја дала Елена Панџаровска на една средба на децата бегалци во Торонто, во 1984 година. Истата е прифатена од браќата Ване и Ѓорѓи Пљуковски. Исто така, со оваа идеја во станот на Васко Панџаровски во Торонто бил запознат конзулот Петар Толев. Во овој стан всушност, се одржал и состанок на одборот на децата бегалци во градот каде што е донесен предлог за одржување на светска средба на некогашните деца бегалци од Егејска Македонија. Решено е средбата да се одржи во 1988 година во Скопје и истата да биде посветена на четириесетте години од споменатиот егзодус.

Желбата беше средбата да се одржи во слободниот дел на Република Македонија.

Веќе прифатената идеја Ване Плуковски ја пренесе во Скопје, а во јули 1984 година од Канада дошла поголема група некогашни деца бегалци кај свои роднини и пријатели меѓу кои биле Ристо Чачкировски, претседател на одборот во Торонто, Ѓорѓи Плуковски, секретар, Симе Милошевски, член на одборот и други.

Овие претставници од веќе формираниот одбор од Торонто за одржување на Првата светска средба, заедно со претставници од децата бегалци што живеат во Скопје присуствуваа на

состанок во Владата на Република Македонија, односно во тогашниот Секретаријат за односи со странство, каде што е образложена иницијативата и програмата за средбата. Ваков состанок е одржан и во Матицата на иселеници на Македонија, при што е добиена целосна поддршка за одржување на оваа средба.

За таа цел, додека сè уште биле гостите од Торонто во Скопје, е формиран и првиот Иницијативен одбор на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, во кој влегле: Ване Плукоски претседател на Иницијативниот одбор, Петре Наковски, Мито Миовски, Крсто Кираџиев, Илија Аиновски, Коле Мангов, Петре Калиновски, Никола Думурџанов, Михајло Дичевски, Насо Беќаровски, Ѓорѓи Доневски, д-р Христо Трповски, Никола Бундовски, Панде Константиновски и други.

И покрај тоа што идејата и иницијативата за организирање на првата светска средба на децата бегалци од Егејска Македонија имаше отворени и скриени отпори од тогашното југословенско раководство истата да не се одржи за да не се нарушеле добрососедските односи со Грција, сепак, таа е одржана. За тоа е добиена согласност од општествено-политичките организации на Република Македонија, кои исцело застанаа зад оваа иницијатива.

За таа цел тогашната Републичка конференција на Социјалистичкиот сојуз на Македонија, откако ги согледа активностите на веќе формираниот Иницијативен одбор од страна на децата бегалци, којшто продолжи да работи како одбор на средбата, на 15 јули 1987 година, Претседателството на оваа општествено-политичка организација формира од своја страна Одбор за организирање на Средбата на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија. За жал, во овој одбор не беше вклучен ниеден член од дотогашниот одбор, којшто перманентно веќе постоеше и работеше околу 3 години за организирање на средбата.

По повод формирањето на спомenатиот одбор беа ставени сериозни забелешки и интервенции на постојниот одбор, со што беше дополнет со вклучување на 5 нови членови од Одборот на

децата бегалци. Тоа се: Ване Плуковски, Мито Миовски Ѓорѓи Доневски, Насо Беќаровски и Коле Мангов од Република Македонија и Ристо Чачкировски и Ѓорѓи Плуковски од Одборот на децата во Канада и Томе Миовски, Танас Крлевски и Перо Божаровски од Одборот во Австралија.

На вака дополнетиот одбор со претставници од одборот на децата бегалци, за претседател на Републичкиот одбор е избран Гога Николовски, а за секретар Боге Сотировски. За подобро организирање на Првата светска средба, е формиран и секретаријат на одборот и пет комисии: за информирање, за културно уметнички програми, за дочек на гостите, за финансиско материјално работење и за организирање на тркалезна маса посветена на егзодусот.

Првата светска средба на децата бегалци од Егејска Македонија се одржа од 30 јуни до 3 јули 1988 година. Таа имаше богата и разновидна програма, а на истата присуствуваа повеќе од 10.000 деца бегалци дојдени од Европа, Австралија, Канада, Америка и др.

На свеченото отворање пред 3.000 деца бегалци од сите страни на светот, што се одржа во Скопското сајмиште, почна со исполнување на химната на Република Македонија - “Денес над Македонија се раѓа”, а потоа беа пренесени поздравите испорачани од некогашните деца бегалци кои допатуваа од Канада, Австралија, САД, од источноевропските земји и од разни места на СФРЈ и Македонија.

Првата светска средба ја отвори претседателот на одборот за организирање на истата Гога Николовски, а од името на југословенската федерација присутните ги поздрави претседателот на тогашната сојузна конференција на ССРНЈ д-р Божидар Чолаковиќ. Пред присутните говореше и тогашниот претседател на извршниот совет на собранието на СРМ, м-р Глигорие Гоговски, кој меѓу другото рече: “Вашата одисеја, тој страотен “од по пеколот” во најтешките и најсурови услови на егизстенција е уште еден голем момент за трагичната судбина на нашиот македонски народ во првата половина на Дваесеттиот век”.

Во името на Црвениот крст на Југославија, кој го организираше и непосредно го реализираше прифаќањето на децата бегалци присутните на средбата ги поздрави претседателот Милка Вранешевиќ-Малеска. Потоа, средбата ја поздравија и претставници на одборите од Австралија, Канада, источноевропските земји и Република Македонија.

Во програмата уште се реализира и Молебен за загинатите и починатите деца од Егејска Македонија што се одржа во Македонската православна црква “Св. Димитрие” во Скопје. При тоа со Молебенот чиноначалствуваше поглаварот на Автокефалната Македонска православна црква, Неговото Блаженство архиепископот охридски и македонски г.г. Гаврил со повеќе митрополити и други пречесни отци и ѓакони од МПЦ.

Пред огромната маса присутни во црквата “Св. Димитрие” архиепископот охридски и македонски г.г. Гаврил одржа беседа во која ја истакна историјата на Македонската православна црква:

- И оваа наша денешна слобода каква што досега во нашата историја никогаш не сме ја имале скапо е платена со многу пролеана крв во текот на многувековните борби. И ќе ја загубевме ако не ја чуваме. Затоа да сме будни во секој момент. Познато ви е дека речиси цели 12 векови чекавме да си ја обновиме државата и црквата. Минавме навистина во текот на вековите низ многу страдања и маки. Бевме туку речи полумртви. Но, ете воскреснавме.

Исто така, беше организирано и чествување на гробот на големиот македонски син Гоце Делчев во црквата “Св. Спас” во Скопје. На оваа свеченост се собраа околу 1.000 некогашни деца дојдени од трите страни на светот, кои ја исполнија “Денес над Македонија се раѓа”, и на гробот на војводата Делчев претставници на четирите одбори на децата бегалци и на републичкиот одбор положија цвеќе. Од името на Одборот децата бегалци кои сега се наоѓаат во Канада, венец положи Ѓорѓи Плуковски, од името на Македонците од Австралија

Коста Ангелков, од името на Македонците од источноевропските земји Гоче Мирчевски, а од името на Скопскиот одбор Ване Плуковски, додека во името на Републичкиот одбор на средбата на децата бегалци, неговиот претседател Гора Николовски.

Во дворот на црквата "Св. Спас", по положувањето на букети и венци, се организира културно-уметничка програма во која учествуваа членовите на КУД "Гоце Делчев" од Скопје, пеачките групи "Бапчорки" и "Сирма".

## НЕПОРЕКЛИВИ НАУЧНИ ВИСТИНИ

Во Македонската академија на науките и уметностите, на 2 јули 1988 година, се одржа тркалезна маса – посветена на темата за егзодусот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија. И на оваа расправа, салата на МАНУ беше претесна да ги прими сите оние кои беа заинтересирани да ги слушнат научните аргументи, да ја слушнат вистината за сопствениот егзодус... Воведен реферат на посочената тема поднесе д-р Петре Наковски.

На првата светска средба на децата бегалци беше донесена и Декларација со која учесниците и се обратија на меѓународната јавност со една единствена цел, таа да придонесе за надминување на страдањата на сите деца и народи во светот – жртва на војни.

Во Декларација меѓу другото е истакнато:

... Ние, кои минавме низ пеколот на војната, низ сите трауми на принудениот егзил, добро знаеме што значи личната и колективна драма на човекот... Ние, кои останавме – израснати во разни земји на светот, научивме да истраеме во добро и зло, никогаш не губејќи надеж и покрај суровоста на животот, дека еден ден пак ќе си ги видиме нашите мајки, татковци и родниот крај... Од името на основните човекови слободи и права, ние некогашните деца од Егејскиот дел на Македонија, сега како граѓани на повеќе земји во светот (Албанија, Бугарија, ДР Германија, Унгарија, Полска, Романија, Чехословачка,

Советскиот Сојуз, Југославија, Австралија, Канада и САД), го креваме својот глас против сите обесправувања на човекот, против сите облици на дискриминација: политичка, верска и културна. Апелираме да се признаат и да се применуваат и спрема нас, Македонците и спрема нашите блиски кои живеат во Грција, Општата декларација на ООН за правата на човекот, Европската конвенција за човечки права, завршите документи од Хелсинки и сите други документи на меѓународната заедница со кои се заштитува човештвото, неговата сегашност и неговата иднина. Од името на тоа, бараме да се симне забраната со која нам, на Македонците од Егејскиот дел на Македонија ни е одземено правото на враќање во Грција поради тоа што не сме Грци по род. Нам ни е одземено правото да ги посетуваме своите родители и блиски, своите огништа и се што е најмило. Ние сме лишени од правото да ги посетуваме нашите светилишта, гробовите на своите претци, на своите татковци и мајки, да ги посетиме пријателите и другарите во Грција... Националните малцинства кои живеат на Балканот претставуваат богатство и историска шанса – низ културен натпревар на народите да се изградат цврсти темели на братска соработка и похумана човекова иднина. Свесни сме и уверени дека иднината на Балканот треба да се решава со соработка и разберање, отвореност, комуникација и демократски слободен развој на народите и малцинствата во сите земји.

Денес целиот свет се менува и минува низ процес на ослободување и сестран подем. Ние се залагаме за тој свет, на македонското малцинство да му се признаат најелементарните човечки права и достоиство... За триумфот на човештвото во векот во кој влегуваме неопходна е добра волја и напор: со помош на Меѓународната заедница и на сите прогресивни сили ние сме уверени дека конечно ќе се избориме против она што ги разделува луѓето и народите, против сите видови неправди, ние веруваме во подобра и посветла иднина.

## ПОВЕЌЕ ОДБЕЛЕЖУВАЊА ЗА СПОМЕН

Исто така, во рамките на Првата светска средба на цедата бегалци што се одржа од 30 јуни до 3 јули 1988 година, во центарот на Скопје, во паркот "Жена борец", беше откриено

спомен - обележјето, дело на академскиот вајар Насо Беќаровски, и архитектонско решение на архитектот Даница Павловска - Циги. Спомен -обележјето опретставува – мајка страдалник со своите три деца, тргнати во непознат правец и разделена од своето огниште и најмилите...

Спомен - обележјето пред повеќе илјади присутни го откри Тина Поповска, некогашен воспитувач и учител на децата бегалци, а новоизграденото основно училиште, кое беше свечено отворено го доби името на истакнатиот македонски борец и учител од Егејскиот дел на Македонија – Лазо Ангеловски.

И во лекувалиштето Катлановска Бања на свечен начин беше откриена спомен-плоча посветена на партизанската болница во која се лекуваа и оправуваа борци од Граѓанската војна. На спомен обележјето е запишан следниот текст: "Во ова зграда се наоѓаше Партизанската болница во која се лекуваа учесници во Граѓанската војна во Грција – борци на народно - ослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија и на Демократската армија".

Да потсетиме, во Граѓанската војна во Грција од 1946 до 1949 година, учествуваа околу 20 илјади Македонци од Егејскиот дел на Македонија, а повеќемина ранети во борбите, беа лекувани во партизанската болница, што специјално беше отвоерна во Катлановска Бања.

Во Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" беше отворена голема изложба на фотографии, на кои беа прикажани разни настани од животот на децата бегалци при напуштањето на родните огниишта, престојот во домовите и школувањето, како и изложбата на книги, чии автори се децата бегалци... Во чест на средбата се одржа и литературна средба со настап на 20 македонски писатели, меѓу кои има автори, некогашни деца бегалци, кои живееле во детски домови во повеќе земји.

Доајенот на македонскиот филм, режисерот Трајче Попов, којшто има снимено документарен филм за децата бегалци

уште во 1949 година, на оваа средба почна да снима нов филм под наслов “Ин континуо”. Покрај него како сценарист се јавува и Кузман Георгиевски, а продуцент на филмот е “Вардар филм” од Скопје.

За првата светска средба на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија под Грција, за одбележување е уште и овој факт: истата ја следеа 239 новинари, 24 фоторепортери и 16 сниматели, од сите средства за јавно информирање во Република Македонија и од повеќе земји.

Македонската телевизија вршеше директен пренос од свеченото отворање, а потоа ги следеше сите програмски активности и им посветуваше посебни емисии. Тоа истото се однесува и на максималната ангажираност на Македонското радио-Радио Скопје. Со тоа се покажа дека и покрај препраката од сојузните органи на тогашна Југославија за информативен молк, сепак, во тоа не се успеа. Средствата за јавно информирање го направија своето и во светот испратија безброј информации за оваа историска средба...

Првата светска средба на децата бегалци заврши со одржувањето на пикник на езерото Треска, на кој присуствуваа повеќе илјади гости дојдени од повеќе земји, бројни музичари, пејачи и играорци од културно-уметнички друштва. Со звуците на музиката, се славеше и пееше, бескрајно се играше и се обновуваа спомените за некогашниот живот во детските домови и за она што се постигнало во животот. И тука се покажа најголемото македонско срце дека “македонското име никогаш нема да загине”.

Гостите, некогашни деца бегалци, по одржувањето на средбата, посетија повеќе градови во Република Македонија, меѓу кои и Прилеп и Крушево, каде на споменикот “Македониум”, положија венец, а една група го посети и селото Три Чешми, во кое живеат бегалци од Егејска Македонија, а некои отидоа да си ги посетат и родните огништа во Егејскиот дел на Македонија под Грција.

За жал, напорите од повеќе некогашни деца бегалци, жители на Република Македонија, да ги посетат своите родни огништа во Егејска Македонија, завршија безуспешно. Тие беа вратени од македонско-грчката граница, а меѓу нив имаше и гости – учесници, од повеќе западни земји. И, тогаш се покажа грчката "демократија"...

И, на крај, на свечената вечера што се одржа во една од халите на Скопското сајмиште, каде што се одвиваше свечениот дел на средбата, што се одржа во 1988 година, за прв пат беше испеана песната "Каде сте Македончиња", чија автор е Бранко Георгиевски од скопското село Драчево, инаку жител на град Перт, Австралија.

Таа, како што покажа времето стана "химна" на некогашните деца бегалци, која се пееше и на Втроата светска средба, но без која веќе неможе да се замисли ни една свеченост што се одржува во Република Македонија и надвор од неа, каде што има собири на Македонците...

**КОНКРЕТЕН ЗАФАТ – ФОРМИРАЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ**

Првата светска средба што се одржа во Скопје во средината на летото 1988 година, и на која дојдоа деца бегалци од повеќе европски земји, како и од Австралија, Канада и САД, не само што беше извонредна прилика за пријателски и роднински средби по толку години и децении, и се разбира, евоцирање на спомени од детството, туку разновидноста на програмата како да го забрза сознанието и потребата дека треба да се изнајде форма за здружување на децата бегалци во една организација. Така и се роди иницијативата која веднаш доби легитимитет за формирање на Здружение на децата бегалци во Република Македонија.

За таа цел, веднаш се конституира Иницијативен одбор, којшто имаше за задача да изврши подготовки за формирање на Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Република Македонија. Во Иницијативниот одбор влегоа слените членови: Ване Плуковски, Мито Миовски, Ѓорѓи

Доневски, Илија Аиновски, Коле Мангов, Перо Наковски, Коста Јанчевски, Методија Топевски, Ефтим Чуновски, Паскал Гилевски, Насо Бекаровски, Крсто Кирациев, Ели Манева, Михајло Дичевски, Никола Думурџанов, Никола Бундовски и Никола Атанасов. Исто така, членовите на Иницијативниот одбор ги изготвија првите документи – Статутот на Здружението на децата бегалци во Република Македонија и другите акти, потребни за регистрирање пред надлежните органи. Според прифатените документи покрај изборот на членови на Претседателството, беа исто така избрани и членови на петте комисии, и тоа Комисија за човекови права и основни слободи, Комисија за заштита на имотите на Македонците од Егејот, Комисија за култура и наука и Комисија за имформирање и издавачка дејност.

Така, на 23 декември 1989 година, беше регистрирано Здружението на децата бегалци во Република Македонија, од кога почнуваат значајните активности на повеќе полиња: од организирање на научни-стручни средби, собири и протести, манифестации и соработка со сродни здруженија, до издавањето на книги за Егејска Македонија и весникот “Незаборав”. Веќе се издадени десетина книги.

Во основниот документ – Статутот на Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Република Македонија, децидно се определени неговите цели и задачите, кои имаат историско значење за прогонетите деца и нивните родители и роднини од родните места и огништа. Според член 10, тие начела се состојат во следното: запознавање и исполнување на одредбите од Универзалната декларација за правата на човекот, потоа Хелсиншката спогодба и други документи со кои се заштитуваат човековите права и основни слободи поради чија повреда членството трпи дискриминација од страна на Република Грција заради упатување на поединечна и колективна заштита, потоа правото за одржување на роднинските врски во Република Грција, правото за непречено добивање визи за влегување во неа и др.

Бројни се активностите што во изминатите години ги оствари Здружението на децата бегалци во Република Македонија, за

кои поопширно ќе стане збор во некоја друга прилика, а овде само ќе ја споменеме добрата и континуирана соработка со Здружението на бежанците, бегалците и нивните деца од Струмица, Здружението за заштита на човековите права од Радовиш, потоа Здружението на прогонетите Македонци "Егеј" од Штип, Организацијата на Македонците-потомци од Егејска Македонија – Битола и др.

Како резултат на таквата соработка меѓу овие здруженија дојде и до остварувањето на две прекрасни идеи: отворањето на клубот "Незаборав", што се наоѓа во трговскиот центар "Скопјанка" и конституирањето на Сојузот на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, што веќе е регистриран, потврдувајќи ги и афирмирајќи ги досегашните бројни и заеднички акции и активности.

Кога погоре истакнавме дека Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија – Скопје, има постигнато завидни и многу значајни афирмативни активности, меѓу другото мислевме и на организирањето на Втората светска средба на децата бегалци во Скопје, во 1998 година.

## И ПО ВТОР ПАТ – СВЕТСКА СРЕДБА НА РАЗДЕЛЕНИТЕ...

За време на одржувањето на Првата светска средба на децата бегалци што се одржа во Скопје, на 5 јули 1988 година одборите на децата бегалци од Канада, Австралија, и источноевропските земји со претставници од Скопје одржаа состанок и се договорија за одржувањето на Втората светска средба на децата бегалци. Беше решено, таа да се одржи во 1998 година и да биде посветена на 50-годишнината од егзодусот на децата бегалци од Егејска Македонија во Скопје, Република Македонија.

Втората светска средба на децата бегалци се одржа од 15 до 19 јули 1998 година. Свечениот собир, како централен настан се одржа на 15 јули во Скопскиот саем и на истиот присуствуваа повеќе од 3.500 некогашни деца бегалци дојдени од Австралија, Канада, САД, повеќе источноевропски земји и од Република

Македонија. Свеченоста со пригоден говор ја отвори Ѓорѓи Доневски претседател на Организациониот одбор, а по него пред присутните со свој говор настапи претседателот на Република Македонија – Киро Глигоров. Во културно-уметничкиот дел беше изведен литературно-музичко сценски приказораториумот “Деца на Македонија” од Стојче Тошевски во кој зедоа учество членовите на Македонската филхармонија, хоровите на МТВ, детскиот хор “Лале” од Тетово, солистите Марија Муратовска, Светлана Донковска, Цветан Стојановски и Милан Фифров, рецитаторот Томе Витанов и диригентот Ангел Шурев. Во програмата учествуваа уште и чартистите Соња Каранџуловска, Валентина Божиновска и Илија Милчин, пејачите Љупка Рондева, која живее во Софија, Малена Шомова од Мелбурн, додека авторот на песната “Каде сте Македончиња” Бранко Ѓоргиевски, што живее во Перт, се претстави со новата песна “Незаборав”, настапи групата “Бапчорки”, потоа балетската двојка Зуица Пуровска и Зоран Велевски, поетите Пандо Колевски од Прага, Ристо Миљановски од Торонто и ансамблот на народни песни и ора “Гоце Делчев” од Скопје. Свеченоста беше директно пренесувана од МРТВ.

Исто така, за време на одржувањето на Втората светска средба на децата бегалци беше отворена изложба на фотографии и документи. Изложбата во Музејот на град Скопје ја отвори Димитра Карчицка, а на истата беа претставен 106 фотографии и документи од животот на децата бегалци во детските домови.

Учесниците, некогашните деца бегалци, положија свежи цвеќиња на гробот на Гоце Делчев во црквата “Св. Спас”, на споменикот на борците од НОБ, на бистата на првоборецот Лазо Ангеловски, во основното училиште што го носи неговото име и на споменикот на децата бегалци во паркот “Жена борец”.

На 16 јули се одржа премиера на филмот “Инконтинуо”, кој по порачка на Здружението на децата бегалци го сними “Вардар филм”, по сценариот на Кузман Георгиевски и Трајче Попов, којшто во исто време е и режисер на филмот. За значењето на филмот зборуваше актерот Илија Милчин.

Во Соборниот храм “Св. Климент Охридски” во Скопје се одржа панихида во спомен на загинатите и починати деца бегалци, а со истата чинониначалствуваше неговото блаженство Архиепископот охридски и македонски г.г. Михаил со повеќе митрополити и други пречесни отци и ѓакони на МПЦ.

Во рамките на Втората светска средба на децата бегалци беше отворена и ликовна изложба на која зборуваа Коле Манев и Паскал Гилевски. Организатор на изложбата е ДЛУМ, а нејзиниот наслов беше “Арт Егзодус 98”, и на истата со свои дела беа претставени 64 ликовни уметници од Република Македонија.

И во Народната и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски” беше организирана изложба на книги и публикации напишани од некогашни деца бегалци. Изложбата ја отвори Ставре Џиков, а се одржа и Симпозиум на тема “Етничките промени во Егејскиот дел на Македонија (1912-1955)”. Се одржа и концерт на Никола Атаносов – флејта и Христо Христовски – гитара, посветена на Втората светска средба на децата бегалци.

И овој пат се одржа свечена вечера, а присутните ги поздрави Григори Поповски, член на Организациониот одбор. На вечерата поздравни говори имаа уште и Џон Битов од Канада, архимандрит Никодим Царкњас и Наџулис Георгиус од Егејска Македонија, Јордан Костадинов – Иванов од Пиринска Македонија, Страшо Ангеловски од МААК и академик Блаже Ристовски.

На свечената вечера во културно забавниот дел учествуваа пејачите Петранка Костадинова, Гоце Касаповски, Мице Димитров, Алена Шомева, Бранко Георгиевски, оркестарот “Егејски мелос”, оркестарот на ансамблот за народни песни и ора “Гоце Делчев” и оркестарот “Славна Дебарца”.

Учесниците, некогашните деца бегалци, гости на средбата посетија повеќе градови во Република Македонија: Битола, Штип и Радовиш, Струмица, а беше организиран и излет во

градот Воден. Имено, на 19 јули 1988 година околу 300 учесници го посетија градот Воден во Егејска Македонија. Но, за жал, на граничниот премин Меџитлија, на 42 граѓани од Република Македонија, на 15 лица од Канада, 11 од Австралија, 2 од Чешка република и по 1 лице од Унгарија, Полска и Словачка не им беше дозволено да влезат во Грција и да присуствуваат на излетот во Воден.

Во рамките на Втората светска средба беа објавени три книги и тоа: "Населените места во Егејска Македонија" во два тома од Тодор Симовски, монографијата "И ние сме деца на мајката земја" од д-р Фана Буцкова, монографијата "Трсје и Трсјани" од Никола Кичевски, а Народна банка на Република Македонија издаде златник со симболите на средбата.

И Втората светска средба на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија помина во сообразност со највозвишените принципи на хуманоста, која се повеќе се материјализира во свеста на сите луѓе во светот и на човештвото во целина, изразувајќи се во барањата никогаш ниедно дете во светот да не ја доживее судбината што децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија ја доживеаја како последица на Граѓанската војна во Грција од 1946 до 1949 година.

Од средбата беше испратена до сите миројубиви луѓе во светот Декларација во која се пледира за мир меѓу луѓето и барање за Македонците од Егејскиот дел на Македонија да го добијат одземеното право за враќање во Грција, посета на родните огништа, роднини, пријатели и др.

На седницата на Организациониот одбор на Втората светска средба што се одржа во Скопје се донесе одлука – Третата светска средба на децата бегалци да се одржи по пет години, односно во 2003 година.

## КАДЕ СТЕ МАКЕДОНЧИЊА

Илјада деветсто четириесет и осмата.
Егеј наш македонски солзи пролеа,
од гради топли мајчински дечиња се откинаа,
по секаде распрснаа, детски игри си оставија.

Каде сте Македончиња,
каде сте, кај отидовте,
жално плаче мајка егејска,
за вас плаче Македонија

Далечна е пролетта четириесет и осмата,
далечно е детството, детство минато,
спомен тажен остана за родна кука таткова,
зборот плаче мајчински, мајка не заборавајте.

Европа, Канада, Америка, Австралија,
Гласови сложно кренаа Македонците,
И ние право имаме слободно да живееме,
Во земја наша таткова, мила Македонија.

Бранко Георгиевски

Авторот на песната е од скопското село Драчево, а сега живее во Перт – Австралија. За прв пат таа беше испеана на Првата светска средба на децата-бегалци, одржана во Скопје, во 1988 година.

## НАМЕСТО ПОГОВОР – ГО ПРЕСКОКНАВМЕ ЛИ ПРАГОТ НА НАЦИОНАЛНИОТ СПАС?

### Меѓу телесната смртност и духовната бесмртност

Природно само од себе произлегува прашањето: каков грев направи тоа поколение, тие дечиња на две до четиринаесет години, за да биде проколнато и накажано да талка од немило до недраго, со законот на Каин на челото? Која беше таа тешка вина поради која децата беа дрпнати од пазувите на нивните мајки за потоа да бидат прогонети отаде морињата и отаде степите?

Некои меѓу нас сè уште се сеќаваат на тие епски слики од македонската национална библија: голораки дечиња товарени во кошови, со денови и со ноќи се провираа меѓу мртвите стражи на границата искачувајќи ги планинските скрки и камењари; прогонети од својата родна грутка разделени од своите татковци и мајки, голи и боси како дечињата над кои демнеше мечот на Ирод, тие лежеа расфрлани под дворовите на македонските цркви и манастири, чекајќи парче леб или веленце за да се подзаштитат во ноќите босоноги дечиња кои со месеци бдееја по железничките крстопати за потоа да бидат одведени меѓу непознати луѓе и туѓи татковини...

Оние кои се сеќаваат на овие слики, можат ли, барем денес да дадат одговор, да појаснат: што се случуваше во тие часови со нашето национално достоинство и со нашиот човечки морал? Зошто тие деца не беа задржани во нашите домови за сите заедно да го споделиме ужасот на нашата национална катастрофа? За кој сторен грев и самите ние ги казнивме сопствените деца и ги проколнавме со судбината на Каин?

Не толкувањата и појаснувањата, туку ослучноста и одговорноста на една нација се одговор на националните трагедии.

Законот на Каин со кој е обележано ова наше потомство, ја дели телесната смртност од духовната бесмртност. Од тоа наше проколнато и прогонето потомство израснаа големи

национални величини: и во науката и во музиката и во сликарството и во литературата. И не само во нашата национална средина: наседаде каде што израснаа и се формираа тие деца оставија длабоки траги на возвишеност и ред, како израз на благодарност кон оние кои со голема човечка љубов ја споделија драмата и судбината на нашите деца од Македонија.

Едмунд Леацгх, размислувајќи за митолошкиот контекст на Каиновиот знак, ќе рече дека тој знак како егзистенцијален парадокс, ја одразува сета противречност помеѓу телесната смртност и духовната бесмртност; означениот со тој знак се изделува од средината и конвенционалниот морал и како метафора стои меѓу човечкиот подвиг и безбожноста. Таа метафора денес е тоа потомство на децата-бегалци од Егејска Македонија, кои по поразот на ДАГ во 1948, беа откорнати од своите родни огниишта и прогонети низ светот. Тоа потомство го восфалуваме.

Во ниедна околност, настаните сврзани и со децата-бегалци, не треба да ги гледаме и толкуваме одделно од основната стратегија и од крајната цел на нешите бегалци соседи кон Македонија: нејзино конечно завојување, колонизирање и анексија на македонските територии и присвојување на македонската историја. Само да потсетиме дека одвај десетина години по Илинденското востание 1903, кога започна големиот прогон на Македонците од нивната татковина, дојде и до подмолно подготвуваните балканските војни, а потоа и до Првата светска војна. Резултат на сето ова беше големиот погорм над Македонија: на стотици илјаи Македонци беа прогонети од нивната земја која во исто време беше и колонизирана со инородно население од малоазискиот и црноморскиот брег, од Кавказ и Ерменија, од Србија и од Албанија. Барем во примерот на Македонија се покажа дека политичката анексија претставува, пред сè кулутрна анексија, односно - асимилација.

Така, целиот XX век е век на прогонства на Македонците од нивната родна земја. Конечен резултат на таа ситуација е: ако кон крајот на осмалинското владеење во Македонија, нашата земја од етнографска гледна точка преставуваше една од

најбројните нации на Балканот и, релативно хомогена целина – тоа кон крајот на овој век состојбите драматично се изменети: околу 60% од македонската територија е насилно завојувана и анектирана кон Грција и Бугарија, а бројот на македонското население во трите дела денес е помал од оној на почетокот на нашиот век. Тоа се тие вистини, неумоливи и согласни.

**Смислата на нашиот историски опит**

Наспроти сите погроми кои не придржуваат низ историјата, ние сè уште како да немаме одговор на најсуштинското прашање: што научивте од нашиот историски опит?

Меѓу ретките народи сме на човечката цивилизација кои имаме своја духовна и библиска и предбиблиска маркација но какво е нашето историско искуство? Во прашање е некаква предестинација на македонскиот народ, од век во век да влегува поосакатен и пообесправен или пак, несакајќи да и погледнеме на вистината во очи – самите од себеси создаваме историја на фрагментирана земја и судбина на децимален народ? Како да се одгатне тајната на нашите национални противречности и колебливости?

При обидот ова да го одгатнуваме нам да ни бидат од припомош емоционалните изливи и трогателните преповторувања на знајни или помалку знајни трауми и драми. Последен час е кога сите заедно ќе се обидеме да го откриеме најрационалниот одговор.

Основно е дека потомствата на Македонци по 1913, независно каде се родени и формирани, не можат да се чувствуваат поинаку освоен како дел на едно насилно разделено национално битие. Тоа се потомства кои се неподносливи болки ги чувствуваат откинатите делови на нивната татковина и нејзиниот поделен национален организам; потомства кои се повеќе се уверуваат дека се дел од телото и од духот на еден народ предодреден жртвата да претставува врховен, највозвишен израз на неговото постоење. Особено по прогласување на самостојна и независна Македонија! Денес сите Македонци својата држава ја прифаќаме и чувствуваме не

само како историски туку безмалку и како мистичен факт! Тоа е држава на сите Македонци, независно каде ги расфрлал виорот на балканската историја, и сите заедно живееме со чувство дека со ова сме го прескочиле прагот на националниот спас! Околностите околу нас, меѓутоа, не ни даваат право сосема да сме уверени во тоа: народ сме кој меѓу првите во Европа е христијанизиран, народ со своја, една од најстарите и независни архипископии, па сепак нашата Црква – не ја признаваат и оние кои и самите произлегле од неа! Уште пред единаесет векови македонскиот јазик од Сухо и Широка, Солучнско, влезе во основата на црквенословенскиот јазик како прв книжевен јазик на Сите Словени – па сепак не го признаваат тој јазик некои кои и самите произлегле од него; имаме име, едно од најдревните и најславните имиња, па сепак и тоа име не го признаваат; уште пред десет векови сме имале своја, една од најсилните држави среде Византија, па сепак – таа држава на Самоил како никогаш да не постоела; овој народ создаде музичко и ликовно творештво кое ги поткрена ренесансните текови, па сепак – и него се обидуваат да го присвојат!

Точно поради сето ова, никогаш после толку национални катастрофи, не постоела толку незначајна потреба Македонецот да ја бара својата смисла како национален ентитет и да го открива каде е неговото вистинско место во светот. За разлика од нас Македонците, еден од водечките принципи на еврејската национална доктрина е равинот, на децата и на нивните татковци постојано да им ги преповторува приказните од митската и историска генеза на еврејскиот народ! Нашата кауза е: не враќај се подалеку од вчера да не би со тоа да ги повредиш со нешто соседите или другите! Погибелна теза! Жив пример на активно негирање на сопствените вредности!

**На што треба да нѐ подучи сето ова?**

Нашето опстојување низ историјата, за нас Македонците, никогаш не може да претставува остар, строг, прецизно лимитиран почеток! Ние сме како и сите околу нас еден круг во кој, секој процес на нашето формирање претставува точка која се надоврзува на претходната. Во таа смисла и создавањето на нашата самостојна и независна држава, не може да се поима

како нешто оттргнато, одделено од нашето вчера и од нашиот историски континуитет; нешто кое е ослободено од сите влијанија и текови на минатото. Со други зборови нашето денес, не е фантомски скок преку историјата, туку суптилно и макотрпно надградување едно врз друго на настани и потомства, кои се вградувале во конечната цел...

Сакал некој или не, тука, во Македонија, се прави резиме на блаканската историја.

Каков е нашиот историски опит на еден друг народ, еврејскиот, на пример, кој има слична и во многу што истоветна историска судбина како и нашата; на што нѐ поучува нашето и на што нивното историско искуство? Оваа споредба, уверен сум, може да ни биде драгоцена припомош.

Имено Халперн Лејви, еврејскиот поет на ноќта и на апокалипсата, после своите прогони во Сибир и ужасната социјална беда во која живее работејќи како сликар и поет во Њујорк, цени дека треба да се прави прецизна дистинкција помеѓу поимите егзил и дијаспора. Поимот дијаспора вели Лејвик, ја маскира суштината доколку се поистоветува со смислата на прогонот. Лејбик цени дека: кој и да е Евреин, кој независно од која причина не живее во Израел, во земјата од која бил протеран неговиот народ, - тој Евреин живее во прогон! Круна на тој прогон се Америка и Австралија.

Кога станува збор и за нашите македонски состојби денес, независно колку радикалистички се чини овој претходен став, не би имале многу причини тој став да не го прифатиме. Тоа би значело дека секој Македонец, кој независно од која и да е причина не живее во Македонија, во земјата од која бил прогонет неговиот народ, - тој Македонец живее во прогон круна на тој прогон се Австралија, Америка и Канада.

Една ваква теза, сама по себе сугерира своја надополна: Македонецот во најактивна форма во себе ја носи судбината на севкупната македонска историја независно од каде живее, тој копнее да ѝ се врати на својата татковина, Македонија. Оној кој свесно го отфрла овој и ваков копнеж, тој свесно постапно ја

губи и есенцијалноста на својата национална биографија, која во својата суштина е и неговата лична биографија. Тој, на таков начин ја отфрла најносечката карактеристика на својата отелотвореност.

Сакале ние или не, станува сосема јасно дека на Балканот нема веќе ниту простор ниту време за нови национални и великодржавни прегрупирања. Но има и простор и време за да бидат вратени насилно одземените национални и човечки права; има и простор и време за демократија. И уште повеќе, во Македонија и низ нејзината судбина, се прави резиме на севкупната балканска историја и демократија.

Така доаѓаме и до наредната, логично изведена суштина според која и Македонецот кој не се чувствува дека е во прогон, на еден начин, ја губи есенцијалноста да бидеМакедонец! Едновремено Македонецот во Македонија кој тврди секој Македонец надвор од Македонија дека веќе нема никаква фундаментална врска со татковина и тој ја губи есенцијалноста и смислата на Македонец. Со други зборови: позната теза на поделби на големи и мали или инфериорни Македонци! Поточно: облик на национален канибализам...

Сум гледал наши луѓе кои само што ќе стапнат во татковината како се веднат и ја бакнуваат земјата на своите предци; како ги милуваат коските на своите татковци и мајки... Ах, тие млади луѓе, си помислувам, кои повеќе од себеси ја љубат татковината на нивните предци...

Точно е дека Македонецот во Македонија би требало да биде посреќен да живее во поголем духовен мир со себеси и со својот дом! Тоа би била основната причина нему да му се завидува и да се копнее по еден таков дом во татковината! Точно тоа на Македонецот од Македонија не му дава за право да живее со арогантната претпоставка дека тој е етички подостоен од брата му во – прогон!

Но, точно и тоа дека Македонецот во Македонија денес е на мртва стража, чувајќи ја татковината. Неговата татковина денес наспроти сиот привид е во најнеизвесна и најделикатна

историска ситуација: таа или ќе биде држава на Македонците – или без трага ќе ичезне во бруталноста на големите програми за делби и – пределби! Големи надежи при сето ова дава поддршка на македонската независност колку од Америка – толку и од Русија. Денес е совршено јасно дека постоењето на нашиот народ е врзано со постоењето на Македонија! Почвата е нешто многу повеќе од плодовите кои созреваат на таа почва. Мооже без секој Македонец, но не може без Македонија!

**Зошто да не канонизираме своја македонска библија?**

Она кое од поодамна сѐ повеќе се потврдува како неопходност, е нашата национална програма. Во ниеден миг не смее да се испушти од вид дека сме мала земја и уште – колонизирана, во која сите дојденици кои живеат во неа имаат свој национални држави за разлика од нас, Македонците на кои Македонија ни е сѐ: и лулка и гробница! Само по себе се разбира дека на Европа и на светот ѝ е неопходна Македонија со посебноста на нејзината национална и културна традиција, со посебноста на книжевните врвови остварени во македонскиот јазик, со посебноста на нејзината демократска визија за иднината на Балканот и на светот. Македонија на Европа и на светот не им треба како политички галиматијас со недефинирана и обезличена национална визија. За да ги сочуваме, барем, остатоците од Македонија, неопходна е таа национална програма по која пекаме со децении и векови.

Македонија е големо историско искуство. Земја која поттикнува високи медитации зашто ретки се народите кои настрадале и кои сите страдања ги надживеале на толку достоинствен начин како што тоа го надживеа нашиот, македонски народ! Низ сопствената археологија шетаме низ безбројни епохи: која од која позагадочна и подраматична! Зошто да не канонизираме своја, македонска библија?

## КОНСУЛТИРАНА И ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Книги

- Д-р. Фана Буцкова:И ние сме деца на мајката земја, Скопје, 1998 година,
- Д-р. Милан Ристовиќ: Дуг повратак кући, Белград, 2000 година,
- Лазар Колишевски: Аспекти на македонското прашање, Скопје, 1982 година,
- Ден на разделените, Скопје, 1998 година.

2. Ракописи

- Станое Обренов: Состојби во детските домови во Југославија,
- Сеќавања од повеќе деца бегалци од детските домови во Југославија (депонирани кај авторите на книгата),
- Сеќавања на “мајка” Стоја Јанковска,
- Спомени на Динко Козинаков и Атанас Кировски.

3. Весници

- Глас на Егејците, Скопје, 1950-1954 година,
- Нова Македонија, Скопје, 1948-1958 година,
- Борба, Белград, 1946-1950 година.

4. Фељтон

- Каде сте Македончиња, Вечер, Скопје, 1988 година.

Мишо Китаноски е роден во Вевчани, 1941 година. Основно и средно образование завршил во Кавадарци, а високо (факултет) во Скопје.

Со новинарство почнал да се занимава во 1963 година, во весникот “Студентски збор”, а како професионален новинар продолжил да работи во весниците “Трудбеник”, “Комунист” и во ревијата “Млад борец”, а бил главен и одговорен уредник на весникот на просветните, научните и културните работници на Македонија - “Просветен работник” и на првиот македонски

политички магазин “21”. Уредувал повеќе весници и ревии, а од број 2, е уредник на весникот “Незаборав” – гласило на Сојузот на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Објавува во сите весници, ревии и списанија што излегуваат во Република Македонија.

Автор е на книгите: “Сите деца се исти”, и “Џамлии и лифтови” (песни за деца), изданијата “Информатор и инструктор – дваесет и пет години на “Просветен работник”, “30 години на детската градинка “Кочо Рацин” и (коавтор) на Монографијата “50 години на Организацијата на РВС на Македонија”. Ги објавил уште и книгите “Бела книга – црно писмо”, “македонски индекс на забранети дела” и “Летописи за македонските села”. Негови творби и прилози се објавувани на англиски, албански, турски, словенечки, српски, руски, бугарски, хрватски и други јазици. Застапен е во две антологии на македонската и југословенската поезија за деца: на српски и руски јазик, и во повеќе читанки за основно образование на македонски, албански и турски јазик.

Ѓорѓи Доневски е роден во 1934 година, во селото Бапчор, Егејска Македонија. Син е на Доста и Митре Доневи. Во 1948 година, во разгорот на Граѓанската војна во Грција, заедно со многу други деца, пребегна во СФРЈ.

Детството го минал во детските домови во Цриквеница и Самобор кај Загреб, во Хрватска.

Беше мошне активен младинец, а близу четири децении е на разни раководни функции во општествено-политичкиот живот во Република Македонија. За својата долгогодишна општествена активност бил повеќепати одликуван и наградуван.

По негова иницијатива беа формирани: Ансамблот за народни песни и ора “Гоце Делчев” од Скопје, Пејачките групи “Бапчорки”, “Воденки” и “Сирма”, организатор беше на културно-историската манифестација “Песна за Гоце”, која прерасна во меѓународна манифестација.

Особен придонес има во организирањето на Првата светска средба на некогашните деца бегалци, одржана во 1988 година во Скопје, и на Втората во 1998 година, во Скопје.

Од основањето на Здружението на децата бегалци во Република Македонија во 1989 година до денес е еден од најактовните членови. Бил секретар и претседател на Здружението. Иницијатор е за основање на клубот "Незаборав" на Здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.